Во заштитата на природните и културните вредности и напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина. Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на стопанските активности, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Општинска граница

Катастарска граница

Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата без учество и влијание на човекот. Во нив спаѓаат географската и геопрометнаа положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, сеизмички, педолошки и климатски карактеристики.

Субмедитеранското подрачје во Република Македонија ги опфаќа најниските делови од долниот тек на реката Вардар до Грчката граница (Гевгелиската, Валандовската и Дојранската котлина). Надморската височина на ова подрачје е од 59 до 500 m.

Ова подрачје од север и од северозапад е ограничено со планините: Градишка Планина, Плауш, Беласица и Кожуф, кои влијаат како заштитна препрека врз времето и климата на ова подрачје, модифицирајќи ги студените (континенталните) воздушни маси кои се транспортираат кон јужните делови од Балканскиот Полуостров. Од друга страна пак ова подрачје е значително подотворено кон Егејското Море од каде допираат влијанијата на Медитеранот и се чувствуваат карактеристиките на медитеранските особености на времето и климата било преку формирање на топли и влажни воздушни маси кои имаат карактеристики на Медитеранот или преку други атмосферски нарушувања (топли или студени атмосферски фронтови) и други влијанија.

Метеоролошката станица Валандово е лоцирана на:

Валандово X_c = 100m X = 41^0 19’ S = 22^0 34’

Ова е најтоплото подрачје во Република Македонија. Просечната годишна температура на воздухот се движи од 14.0^{0}C - 14.5^{0}C. Најтопол месец е јули со средна температура на воздухот од 24.6^{0}C до 25.3^{0}C. Најстуден месец е јануари со просечна повеќегодишна температура на воздухот која се движи во границите помеѓу 3.3^{0}C и 3.5^{0}C.

Просечните годишни температурни амплитуди на воздухот се движат помеѓу 21.2^{0}C и 21.8^{0}C и се поголеми во споредба со годишните амплитуди забележано северно од Демир Капија, но се повисоки од 20.0^{0}C, колку што изнесуваат во Медитеранските области.

Апсолутно највискока максимална температура на воздухот во ова подрачје изнесува 44.3^{0}C (на 6. VII.1988 год..

Апсолутно најниски температури на воздухот изнесуваат: -12.5^{0}C во Валандово.

Највисоко достигнати апсолутни годишни амплитуди на воздухот изнесуваат 56.0^{0}C (во Валандово). Тие се значително повисоки отколку во типичните медитерански области, поради континенталните влијанија.

Средната месечна максимална температура на воздухот изнесува 7.6^{0}C во месец јануари, и 31.6^{0}C во месец август.

Средната јануарска минимална температура на воздухот во ова подрачје изнесува 0.7^{0}C, додека средната јулска минимална температура на воздухот е 18.0^{0}C.

Во ова подрачје има најголем број на топли и тропски денови.

Вкупниот број на тропски денови во Валандово изнесува 72 при што најголем број се забележани во месец јули 23 дена, додека во Нов Дојран вкупниот број на тропски денови изнесува 54.

Годишниот број на летни денови изнесува од 131 до 136 од тоа највише во текот на месеците јули и август. Во септември има повеќе топли (летни)

денови отколку во мај (дури и во јуни), што укажува дека есента е потопла од пролетта како и дека летните денови продолжуваат во месец септември.

Ова подрачје се одликува и со најмал број на мразни денови (годишно од 32 во Нов Дојран, 43 во Валандово, до 49 во Гевгелија). Најмногу мразни денови има во јануари (од 12 до 17).

Една од основните карактеристики на ова подрачје е тоа што на оваа територија порано завршуваат пролетните и покасно почнуваат есенските мразеви така што екстремниот мразен период трае од 92 до 127 денови, што е помал отколку во другите подрачја.

Најголем просечен број на мразни денови се јавуваат во Гевгелија во месец јануари и изнесуваат 17 денови додека во текот на годината вкупниот број изнесува 49 дена.

Годишните суми на врнежи во ова подрачје се движат во границите помеѓу 601.6mm и 682.4mm.

Најврнежлив месец е ноември со просечна месечна количина на врнежите која се движи помеѓу 79.5mm и 93.1mm, додека најсув месец е јули или август со следните количини на врнежите од 30.6 до 33.8mm. Овој минимум е скоро три пати помал од најврнежливиот месец од годината и е една од значајните карактеристики на климата на ова подрачје.

Исто така во подрачјето на централните и најниските делови од Гевгелиско-Валандовскиот регион се јавуваат најмали количини на врнежите што претставува таканаречена "врнежлива сенка", во споредба со другите делови од регионот со просечна количина на врнежите кои се под 650mm годишно. Во другите делови од ова подрачје годишната количина на врнежите е помеѓу 700-800mm (при што се земени во предвид податоци од другите дождомерни станици од ова подрачје, до надморска височина од 500m.

Сите досегашни податоци за врнежите говорат дека во ова подрачје се јавува Медитерански (маритимен) плувиометриски (врнежлив) режим, со карактеристичен влажен зимски период и мошне сушен летен период.

Според резултатите од измерените дневни суми на врнежите најголема количина на врнежите изнесува 129.7mm. (на 2.II.1986 год.) во Гевгелија.

Во ова подрачје врнежите имаат често пороен карактер, особено во летните месеци, со што се засилува сушниот карактер на летото. Сушата повремено се јавува и во пролетните и есенските месеци поврзувајќи се со летната суша.

Средната годишна релативна влажност на воздухот се движи помеѓу 69% во Валандово до 71% во Гевгелија. Со значително ниски вредности на релативната влажност на воздухот се месеците јули и август кога просечната влажност на воздухот изнесува помеѓу 57% и 59%. Во зимските месеци таа изнесува од 75% до 81%.

Вкупниот број на сончеви часови, според податоците од метеоролошката станица Гевгелија изнесува 2371.0 часа со максимум во месец јули (326.0 часа) додека најмал број на сончеви часови има во месец декември (104.4 часа).

Просечната годишна облачност во ова подрачје се движи во границите помеѓу 4.4 и 4.6 десетини. Најголема облачност се јавува во зимскиот дел од годината (во ноември, декември, јануари, февруари и март) со просечна облачност над 5.0 десетини, со максимум во ноември (од 5.2 до 5.6 десетини), како и во месец јануари (исто така од 5.4 до 5.8 десетини).

Просечниот годишен број на тмурни денови (денови со облачност поголема од 8 десетини) изнесува од 76.0 до 94.0 дена. Просечно најголем број на тмурни денови се јавува во месец ноември (9 до 12) додека најмал број на тмурни денови се јавуваат во месеците јули и август од 2 до 3 дена.

На територијата на ова подрачје просечниот број на ведри денови (денови со облачност помала од 2 десетини) се движи помеѓу 108 до 130 дена. Во текот на годината, најголем број на ведри денови се јавуваат во месец август од 16 до 17 дена.

Сите досегашни метеоролошко-климатолошки податоци покажуваат дека во ова подрачје се сменуваат жежок, светол и сув летен период со не толку студен, влажен и тмурен период.

Најзачестени ветрови во ова климатско подрачје се ветровите од северна и северозападна насока со 319% во Нов Дојран (од СЗ), 320‰ во Валандово (од СЗ) до 205‰ во Гевгелија (од С). Во исто време од овие насоки просечните брзини на ветерот изнесуваат 3.8m/sek во Нов Дојран (од СЗ), 3.5m/sek и 3.4m/sek во Гевгелија) од С и СЗ насока. Најголеми силини на ветровите од по 10 Бофори се забележани од најфрекфентните насоки: во Нов Дојран од СЗ, во Валандово од СЗ и во Гевгелија од СЗ и од С.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во “Националната стратегија на економскиот развој”, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Република Македонија во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори во Државата.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на економските капацитети и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е градот Валандово со гравитационо влијание врз развојот на селото.

Половите на развој ги формираат оските на развојот кои во минатото биле детерминирани од географските карактеристики на просторот, а во денешно време позначајни станаа деловните односи, комуникациите, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Р. Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за општината на чиј простор припаѓа селото за кое се наменети Условите за планирање е развојната оска “Север-југ” која минува по средината на територијата на земјата, следејќи го од Скопје на југ течението на реката Вардар. Формирана е историски во текот на целиот XX век, па и порано, а на југ, преку границата стигнува до Солун. По Првата светска војна таа продолжи и на север, па се спои со оската по течението на реката Морава.

Денес, на територијата на земјата ги поврзува градовите: Куманово - Скопје - Велес - Неготино (и Кавадарци) - Демир Капија - Валандово - Гевгелија. На север од Скопје има и еден крак до Приштина. Какви промени и да се случат, во наредните децении оваа оска ќе остане главна.

Развојните оски ќе се имаат предвид за просторната организација, а во прв ред за модернизацијата на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

Реализацијата на Урбанистичкиот план за село Казандол во општина Валандово на површина од 14,483 ha, согласно определбите на "Просторниот план на Република Македонија", треба да базира на принципите и стандардите за заштита на животната средина и одржлив економски развој, особено превенција и спречување на негативните влијанија на постојните и планирани производни и услужни дејности применувајќи ја релевантната законска регулатива.

Појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развојот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.

Една од планските определби утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина од 14,483 ha.

На оддалеченост од околу 200m од планскиот опфат на селото Казандол лоциран е планскиот опфат на Рударскиот комплекс "Казандол" за производство на катоден бакар за кој се изработени Услови за планирање на просторот со техн. бр. 46614.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од

сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;

- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.

Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренаменатa на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација предвидена во Член 7 во Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Согласно Просторниот план на Р. Македонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската концептот на одржлив развој насочен кон рационално користење на водата е условен од фактот дека Р. Македонија е сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за "воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите за населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП "Полог", "Скопје", "Треска", "Пчиња", "Среден Вардар", "Горна Брегалница", "Средна и

Долна Брегалница", "Пелагонија", "Средна и Долна Црна", "Долен Вардар", "Дојран", "Струмичко Радовишко", "Охридско - Струшко", "Преспа" и "Дебарско". Оваа поделба овозможува целосно да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион.

Планскиот опфат на селото Казандол, општина Валандово, се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) "Долен Вардар" кое го опфаќа сливот на реката Вардар од водомерниот профил "Демир Капија" до границата со Република Грција. Во локалниот слив позначајни водотеци се Стара Река, Кованска, Серменинска река, Коњска Река, Анска Река и Луда Мара.

За подобрување на режимот на водотеците и за целосно искористување на нивниот хидролошки потенцијал, во ВП "Долен Вардар" изградена е акумулацијата "Паљурци" на река Луда Мара со корисен волумен од 2,8x10^{6}m^3. Водите од акумулацијата се наменети за наводнување на обработливите површини во Богданечко Поле.

Во идниот период се предвидува изградба на акумулациите "Коњско" на Коњска Река, акумулациите "Градец", "Милетково, "Ѓавато" и "Гевгелија" на реката Вардар. Основна намена на акумулациите е обезбедување на вода за наводнување на обработливите површини, производство на електрична енергија и подобрување на режимот на водотеците во периоди на малуводие.

Во Републиката се регистрирани вкупно 4.414 извори од кои со издашност над 100 l/s регистрирани се 58. Во ВП "Долен Вардар" регистрирани се 227 извори, но ни еден не е регистриран како извор со значајна издашност.

Подземните води најчесто се одликуваат со виск квалитет, но во Републиката тие се недоволно проучени, потребни се дополнителни истражувања за нивниот капацитет и квалитет. Како посебен вид на подземни води се издвоени наоѓалиштата со термални, термоминерални и минерални води, од кои во регионот на В.П "Долен Вардар" со значаен квалитет и капацитет се забележани на просторот Смоквица-Негорци-Гевгелија.

Согласно Просторниот план на Република Македонија основна цел во водостопанството е континуирано обезбедување на квалитетна вода за потрошувачите.

При обезбедувањето на потребните количини на вода за селото потребна е примена на мерки кои ќе овозможат квалитетно водоснабдување, но истовремено и заштита на водите преку:

- Оформување и одржување на заштитни зони околу изворникот кој ќе се користи за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во заштитните зони;
- Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;
- Рационално користење на водата преку имплементирање на современи технички решенија во водоснабдителниот систем.

Доколку за водоснабдување се користат подземни води (бунари) динамиката на користењето да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со кои ќе се дефинира нивниот квантитет и квалитет.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштита на квалитетот на подземните и површинските води. За таа цел потребно е изградба на канализациски систем за прифаќање и третман на

отпадните води и спроведување на принципот за "заштита на квалитетот на водите на самите извориштa на загадување" преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем во границите на планскиот опфат;
- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет према "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".

Доколку во границите на планскиот опфат на селото постојат стопански капацитети кои од технолошкиот процес испуштаат отпадни води кои поради својот квалитет може да го оневозможат функционирањето на пречистителната станица или да предизвикаат проблеми во функционирањето на канализацискатa мрежа во селото, стопанскиот субјект мора да изврши предтретман на отпадните води пред да ги испушти во канализацискатa мрежа.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Р.Македонија. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Р.Македонија над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрување на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Р.Македонија досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Планскиот опфат за село Казандол, Општина Валандово нема конфликт со постојните и планирани преносни и конективни водови. Така 110 kV водот Струмица-Валандово-Гевгелија минува на 3,4km западно од селото Казандол.

Гасовод и нафтовод - **Природниот гас**, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Р.Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата,

нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Р.Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Р.Македонија но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изгради делница-4 Хамзали-Грција со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион. Трасата на планираниот гасовод од делница-4 минува далеку на исток од селото Казандол.

Заради зголемување на сигурноста во снабдувањето со нафта и нафтени деривати на Р.Македонија изграден е нафтоводот Скопје-Солун со кој се овозможува транспорт на два милиони тони сирова нафта од пристаништето во Солун до Рафонеријата ОКТА. Трасата на изведениот **нафтовод Скопје-Солун** минува далеку на запад од селото Казандол.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптималиазација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 година, во општина Валандово на која што припаѓа селото Казандол регистрирани се вкупно 11.890 жители, додека само во селото Казандол живеат вкупно 147 жители.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и мрежа на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Македонија.

Планскиот концепт на **развојот и уредувањето на селските подрачја** претставува значајно, стратешко прашање и интегрален дел на глобалниот концепт на долгорочниот просторен развој на државата. Негова основна определба претставува унапредување на квалитетот на животните услови во руралната средина и намалување на постојната разлика во однос на условите во урбаните средини, преку интегрален-сеопфатен развој на селото.

Концептот на развојот и уредувањето на селските подрачја за основа ги има целите со кои е предвидено:

- Сеопфатен, рамномерно територијално распределен развој на целата територија;
- Интензивирање на функционалните врски во доменот на стопанството и услугите помеѓу соседните центри со координирано, заедничко организирање на активностите;
- Создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој;
- Стимулирање на развојот на основните дејности преку активирање на **локалните потенцијали**, оптимално искористување на природните погодности и осовременување на производството;
- Подобрување на животните услови преку плански насочено уредување на населбите и целосно опремување со елементи на комунална инфраструктура;
- Интегрално планирање на развојот на населените места и организација, уредување и користење на севкупната површина во границите на атарот на селото и
- Обезбедување на целосна интеграција на руралните населби во системот на населбите во функционалните единици.

Просторниот развој на руралните населби, базиран на соодветна планска документација наметнува усогласување на истиот со планските решенија и насоки на Просторниот план на Република Македонија во сите сегменти на развојот, со особен акцент на она што значи стратешки решенија и насоки. Во таа смисла, одредени иницијативи за просторен развој кои се манифестираат со зафаќање на нови простори, проширување на урбаните опфати и регулирање на постојните градежни подрачја треба да се преиспитуваат согласно решенијата од повисок, стратешки интерес за државата. Неопходно е почитување на определбите на Просторниот план во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна; односно:

- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);

- Изградбата на викенд населби, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели;
- Рационално користење на просторот за изградба на инфраструктурните мрежи и системи во единствени коридори дефинирани во плановите и програмите на општините;
- Усогласување на густините на населеност, изграденост и спратност, со принципите на хумано живеење и рационално искористување на просторот и урбаните содржини согласно со сите видови на заштита.

Во рамките на насоките за изработка на планови од пониско ниво кои ги дава просторниот план за населби од ваков тип, треба да се почитува:

- Избор и распоред на активности согласно со природните услови, расположивата работна сила и постојните стопански капацитети;
- Создавање можности за отворање нови работни места во населби и подрачја каде треба да се задржи постојното население и да се насочат миграциите;
- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој, а особено во однос на:
  - бесправната градба;
  - стопанисувањето со шумите, земјоделското земјиште, водите и друго;
  - заштита на создаденото и природното богатство;
  - насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина

Домување

Во Просторниот план на Р.Македонија, функцијата ***домување*** е детерминирана како една од основните функции во населбите, најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и општествениот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Основните цели на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на:

- обезбедување стан за секое домаќинство;
- подобрување на станбениот стандард во поглед на површина, број на соби, градежни карактеристики и комунална опременост на становите;
- изградба на адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување;
- асеизмичност во градбата;
- замена на субстандардниот станбен фонд;
- обнова, реконструкција и ревитализација на стариот станбен фонд, заради подобрување на условите за домување и подигање на квалитетот на станбениот фонд;

- организирање на становите како хумано уредени простори со соодветни придружни објекти за деца и возрасни;
- постигнување порамномерна станбена изградба;
- либерализација на станбениот пазар;
- изградба на социјални станови;
- обезбедување поволни финансиски услови за решавање на станбениот проблем, преку одобрување поволни кредитни услови за станбена изградба.

Основна определба во политиката на станбената изградба во **Урбанистички план за село Казандол, општина Валандово** во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности.

Проекцијата на потребниот станбен простор поаѓа од стандардите и тоа: 20 - 25 m^2/жител станбена површина во зависност од типот на населбата и, 40 - 80 m^2/стан (оптимална големина), 100 % опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

Порастот на животниот стандард, подобрување на здравствениот стандард и порастот на културата на домувањето доведуваат до постојано зголемување на површината на станот, подобрување на внатрешната организација и распоред, квантитативно и квалитативно подигнување на комуналната опременост на станот. Структурата и физичкиот модел на станбената единица мора да биде во корелација со општествената организација на луѓето кои живеат во станбената единица

Јавни функции

Организацијата на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции во регионот под претпоставка дека идниот развој на истите ќе се развива во согласност со економските, институционалните и други промени во него.

Организирање на мрежата на јавните функции овозможува:

- достапност на функциите до сите граѓани во регионот;
- воедначен квалитет на пружените услуги;
- прилагоденост на програмата на јавните служби на локалните карактеристики како и можност за избор на модалитет и вид на услуга.

Целите за развој на јавните функции по дејности се следни:

Предучилишно образование:

- развој на мрежата институции за предучилишно воспитување и образование детски установи (јасли, комбинирани детски установи и сл.), за поуспешно подготвување на децата за училиште;
- во предучилишни установи треба да бидат опфатени 70% од децата на предучилишна возраст.

Основно образование:

- по можност во секое населено место да има основни училишта или во непосредна околина, со организиран превоз со училишни автобуси;
- изградба на нови и реконструкција на стари училишни објекти во согласност со современите педагошки и хигиенски барања како и

обезбедување оптимален училишен простор според современите стандарди и нормативи;

- целосна опафатеност на децата на возраст од 7-14 год во училиштата;
- приспособување на програмските содржини и образовно воспитната функција на училиштето со современите педагошки и научни сознанија.

Здравство:

- порамномерен развој на здравствената служба и подобрување на квалитетот на пружените услуги со подобрување на просторната организација и кадровска екипираност на здравствените служби, за задоволување на потребите на населението;

Социјална заштита:

- развој на организациите за социјална заштита и организациите за згрижување и воспитание на децата и нивно поттикнување, од кои дел, во пазарните услови на стопанисување, ќе може да се формираат и како приватни институции согласно потребите на населението;
- за заштита на здравјето на старите лица да се организираат специфични видови на заштита (сместување, исхрана, домашна нега и други лекувања, патронажни посети и сл.).

Култура:

- барање поголеми можности и повисоки форми на културно живеење, во склад со очекуваниот развој и социо-економските трансформации во услови на пазарно стопанисување.

Физичка култура:

- обезбедување на простори, капацитети и објекти од областа на физичката култура и нивна рамномерна и рационална просторна разместеност.

Во рамките на планирана мрежа на **јавни служби во село Казандол, Општина Валандово,** покрај економските показатели, неопходно е да се вклучат и соодветни показатели на достапноста на услугите за граѓаните, како што се:

- сообраќајна достапност, информатичка достапност (телефон, телефакс и сл.);
- задржување на традиционалните функционални специфичности на одделни населби во однос на одделни јавни дејности;
- утврдување на обврзувачки стандарди и норми за одделни јавни дејности, со цел да се обезбедат обврзувачки, минимални услови за задоволување на потребите.

Препораката за организација на јавните функции согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во согласност со економските, институционални и други промени кои се во тек.

Образование:

- основно образование (деветолетка) е задолжително за сите населби. и доколку неможе да се организира во предметната населба да се организира во населбата од непосредна близина.

Здравствена заштита:

- од примарна задолжително е здравствена станица или мобилна здравствена служба, аптеки како комплементарни служби.

Култура:

- библиотеки;
- дом на културата, сценско музички дејности (пожелно е доколку постои интерес и економска основа за организирање на содржината).

Физичка култура:

- отворени, уредени простори, погодни за организирање на разни спортски активности, опремени со минимални барања за одржување;
- покриени објекти за физичка култура со соодветни санитарни и останати пропратни простории.

Основни нормативи и стандарди кои треба да се почитуваат при предвидување на јавните функции во **село Казандол, Општина Валандово** се:

За образование:

- за одредување на површината на училишниот објект потребно е мин.7 m^2 по ученик и мин. 20 m^2 по ученик за комплексот на училиштето.

За здравство:

- гравитациско подрачје на здравствените станици и мобилна здравствена служба да е до 1000m. Во однос на бројот на лекари потребно е да се обезбедат на 1000 жители просечно 2 лекари.

За култура:

- потребен простор за библиотеките е со минимум 100 m^2 на 1000 жители.

За физичка култура:

- за задоволување на просторните потреби на објектите од физичка култура потребни се 2 m^2/жител.

Индустрија

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Врз основа на сознанијата и определбите на "Националната стратегија за економски развој на Република Македонија" (МАНУ, 1997), како и врз основа на досегашниот развој, а особено концептот на одржлив развој, основните насоки и стратешки определби на долгорочниот развој на индустријата се следните: технолошко преструктурирање, извозна ориентација на водечките сектори и гранки; **пошироко воведување и развој на еколошки-просторно прифатливо индустриско производство со развој на штедливи технологии (во однос на природните ресурси, енергијата и горивото и работната сила) и (или) малоотпадни (безотпадни) технологии**; зголемување на ефикасноста на производството; почитување на инвестиционите критериуми врз база на континуирано планирање и прифаќање на пазарните критериуми на

стопанисување; стратегија на разместеност на индустриските капацитети која ја респектира просторната структура на факторите на разместеноста, рационалниот распоред на материјалните производствени фондови, од аспект на вкупниот простор на Републиката и потребите од комплексен развој на одделни територијални единици; развој на малите претпријатија, заради остварување на концептот на децентрализираниот развој и разместеност на индустријата.

Развојот на индустријата во одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.

Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето и подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Доколку со Урбанистичкиот план за селото се предвидат површини со производна намена, потребно е да бидат применети планските определби во областа на развојот на индустријата утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" применувајќи ја соодветната законска регулатива.

Концепцијата за развој и разместеност на индустријата утврдена со "Просторниот план на Република Македонија" е поставена врз основа на повеќе цели и плански определби кои треба да се имаат во предвид доколку со Урбанистичкиот план за селото се предвиди простор за градба на индустриски објекти:

- **вклучување на еколошките преференци во развојот на индустријата и нејзина алокација и разместување**;
- **развојот на индустријата во поголема мера да се потпира врз примената на достигнувањата на науката и на техничко-технолошкиот прогрес и иновации во технолошките процеси;**
- **технолошко преструктурирање, во склад со барањата за модернизација и реконструкција на индустријата;**
- **стратегија на развој на високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, висока информативна и научна интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предконкурентни истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем.**

Индустријата која е двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита. Според филозофијата на одржлив развој, економскиот односно индустрискиот развој и заштитата на животната средина прават единствен систем. Одржливиот развој претставува алтернатива за загрозените природни и создадени вредности и за создавање на хумано општество и окружување. Разрешувањето на конфликтите во овој систем

треба да почива на интеракција на релацијата простор и социо-економската компонента на развојот.

Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Република Македонија, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Р. Македонија се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој.

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: **Е-65, Е-75, Е-850, Е-871**.

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **Е-75** кој се поклопува со магистралниот пат М-1 :(СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР) - Коридор за патен сообраќај во насока север-југ
- **М-1** - (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР).

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12) овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А1** - (Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А3).

Во идната патна мрежа на Р. Македонија, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Република Македонија ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција)
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија)

- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа- М4 (крак Битола -граница со Грција)

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат ***регионалните патишта***, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија. Релевантен регионален патен правец за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) е:

- **Р-116** - (Марвинци-врска со М-1 –Брајковци-врска со Р-110)

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта** („Службен весник на Република Македонија" 133/11, 150/11 и 20/12) овој регионален патен правец влегува во групата на **регионални патишта "Р1"** и се преименува со ознаката:

- **Р1401** - (Струмица-врска со А4-Раброво-Валандово-Балинци-Марвинци-врска со Р1102).

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Република Македонија, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

При планирање да се почитува Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

Железнички сообраќај: Концепцијата за развој на **железничкиот систем** базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Република Македонија со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Република Македонија, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

1. Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:
   - СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР ..... 213,5 km
   - СР - Блаце-Скопје..... 31,7 km
   - СР -Кременица-Битола-Велес..... 145,6 km
   - БГ -Крива Паланка-Куманово ..... 84,7 km
   - АЛ-Струга-Кичево-Скопје..... 143,0 km

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период до 2020 год. меѓудругото се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Република Македонија.

Воздушен сообраќај: Воздушните патишта во Република Македонија се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа во Република Македонија треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје е оспособен за прием и опрема на интерконтинентални авиони, аеродромот во Охрид е реконструиран во повисока-II категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола се предвидени да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

Радиокомуникациска мрежа и антенски системи

Радиокомуникациска мрежа е јавна електронска комуникациска мрежа со која се обезбедува емитување, пренос или прием на знаци, сигнали, текст, слики и звуци или други содржини од каква било природа преку радиобранови. Основни елементи на примопредавателниот систем се: антените, антенските столбови, водови, засилувачи и друго.

Јавните електронски комуникациски мрежи треба да се планираат, поставуваат, градат, употребуваат и слично под услови утврдени со Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него, прописите за просторно и урбанистичко планирање и градење, прописите за заштита на животната средина, нормативите, прописите и техничките спецификации содржани во препораките на Европската Унија.

Планскиот офат од сите страни граничи со површини опфатени со Договорот за Концесијата за експлоатација на руда.

Во графичките прилози границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки означени со редни броеви. Границата на планскиот опфатот е претставена описно со координатите по X и Y на секоја прекршна точка од реден број Т1 до Т11.

КООРДИНАТИ НА ПЛАНСКИ ОПФАТ:

Т1	**629941.894**	**573200.000**
Т1а	**630168.814**	**573200.000**
Т1б	**630168.814**	**573087.586**
Т1в	**630197.922**	**572987.876**
Т1г	**630354.824**	**572886.896**
Т1д	**630375.109**	**572954.192**
Т1г	**630354.824**	**572886.896**
Т1ѓ	**630329.522**	**573120.755**
Т1е	**630275.466**	**573200.000**
Т2	**630497.285**	**573200.000**
Т3	**630510.404**	**573107.319**
Т3а	**630491.522**	**573107.319**
Т3б	**630494.074**	**572957.538**
Т4	**630530.790**	**572910.095**
Т5	**631882.114**	**571908.983**
Т6	**631740.664**	**571094.899**
Т7	**631341.343**	**571014.443**
Т8	**631030.951**	**571065.446**
Т9	**630819.994**	**571058.194**
Т10	**630439.701**	**570982.422**
Т11	**629963.668**	**571704.364**

3. ТЕКСТУАЛНИ ОДРЕДБИ ОД ИЗВОД ОД ПЛАН ОД ПОВИСОКО НИВО

Изработката на Државната урбанистичка планска документација со основна класа на намена Г1-тешка индустрија за изградба на Рударски комплекс "Казандол" за производство на катоден бакар, КО Казандол и КО Валандово во општина Валандово, е координирана со условите дефинирани во Просторниот план на Република Македонија.

Во прилог на Документационата основа се **Заклучните согледувања** од Изводот од Просторниот план на Република Македонија, изготвен од страна на Агенцијата за планирање на просторот на РМ и Решението за услови за планирање, издадено од страна на Министерсвото за животна средина и просторно планирање на РМ.

4. ПЛАНСКА ПРОГРАМА

Планската програма е дадена изворно, во целост, како прилог кон овој Урбанистички план и е негов составен дел.

5.ОПИС НА ПЛАНИРАНИОТ ТЕХНОЛОШКИ ПРОЦЕС ВО РАМКИТЕ НА КОМПЛЕКСОТ

Во рамките на планскиот опфат се планира изградба на Рударски комплекс за производство на катоден бакар.

Според претходно изготвениот рударски проект и планираниот технолошки процес, во рамките на Комплексот се планирани следните содржини:

-Површински коп за ископ на руда со организиран руднички круг

-Одлагалиште за лужење на руда

-Хидротехнички објекти-Акумулации за вода за потребите на технолошкиот процес на рафинирање на рудата.

-Погон за производство на катоден бакар

Технолошкиот процес на експлоатација ќе се одвива преку спровдување на следните работни операции:

- Дупчечко – минерски работи
- Товарање и транспорт на руда и јаловина
- Одлагање на јаловината.

За одложување на јаловина ќе биде дефинирана посебна локација во рамките на опафот на која ќе се формира надворешно одлагалиште.

Комплексот ќе произведува до 4.000 тони бакар на годишно ниво.

Целокупниот технолошкиот процес за производство на катоден бакар вклучува два посебни функционални сегменти: (i) геотехнолошки комплекс и (ii) преработувачки комплекс.

Во геотехнолошкиот комплекс ќе се врши лужење на бакарната руда преку циркулирање на раствори за лужење од зоната на одлагалиштата до преработувачкиот комплекс за производство на катоеден бакар, и обратно. За потребите на оваа фаза од технолошкиот процес се предвидува формирање на одлагалишта на бакарна руда, на кои претходно ќе се формираат полиња на напрскување – наводнувачки полиња. Вкупната површина на земјиште кое ќе биде зафатено со одлгалишта е проценета на околу 60 хектари.

Одлагалиштата претставуваат посебно проектирани зони во опфатот на рударскиот комплекс, каде што бакарната руда издробена до потребна големина се одлага во посебно проектирани и соодветно заштитени услови (подлога за заштита на почва и подземни води - геолошка и површинска вештачка бариера од глина и геомембрана). Додавањето на растворите за лужење ќе се врши по пат на систем за напрскување-наводнување, така што ќе се врши рамномерно додавање на растворите во целата површина на наводнувачкото поле. Производните издренирани раствори кои се одлеале низ одлагалиштата, истекуваат во посебно проектиран базен (акумулационо езеро), а од таму се транспортираат до производниот комплекс за понатамошна преработка.

Процесот на лужење се состои од следните последователни операции: (i) оросување на површината на одлагалиштето со бакарна руда со раствори на сулфурна киселина со одредена брзина, (ii) перколација на киселите раствори низ рудата, при што бакарните минерали се растворааат до добивање на раствор на бакар сулфат, т.н. збогатен раствор од лужење, (iii) собирање на добиениот збогатен раствор од лужење во специјално дизајнирани базени (акумулациони езера) за богати раствори, (iv) транспорт по гравитациски пат на збогатен раствор од лужење од базените за богати раствори до постројка за сепарирање (за екстракција на бакар од збогатен раствор од лужење со користење на процесот течна екстракција - електролиза), (v) враќање на растворите од лужење назад на одлагалиштето со бакарна руда при што во нив се додава дополнително количество вода за компензирање на загубите од испарување и сулфурна киселина за одржување на посакуваната pH.

За заштита на почвата и квалитетот на подземните води од евентуално загадување при постапките на лужење на бакарна руда, предвидено е да се изведе заштитна подлога - геолошка и површинска вештачка бариера со поставување на водонепропустливи слоеви.. Во рамките на овој геотехнолошки комплекс предвидена е соодветна хидротехничка инфраструктура неопходна за правилно управување и контрола на процесот:

- Собирни базени (акумулациони езера) – претставуваат посебно проектирани места за собирање на збогатениот раствор. Езерата ќе бидат проектирани со капацитет доволен да ги собере количините на раствор што се очекуваат од одлагалиштата, а ќе бидат изведени со специјална заштита – бариера за хидроизолација која ќе обезбеди целосна заштита на почвите и подземните води од евентуално загадување. Предвидени се едно собирно езеро за чиста вода, едно за собирање на збогатените раствори од одлагалиштата, со вкупен капацитет од 33.000 m3, и едно хавариско езеро за контрола во случај на појава на поплавни води и собирање на вишок на раствори, со вкупен капацитет од 11.000 m3.

- Цевоводи – имаат за цел да извршат: (i) транспорт на заситените раствори од собирните езера до производниот комплекс и (ii) повратен транспорт на растворот за лужење од производниот комплекс до одлагалиштата за лужење

Преработувачки комплекс

Просторот предвиден за преработувачки комплекс ќе биде сместен на северниот дел од локацијата со соодветна инфраструктура да ги задоволи сите техничко-технолошките потреби на производниот процес, а воедно да овозможи задоволување на стандардите за заштита на животната средина.

Технолошкиот процес за преработка на производните раствори и производство на катоден бакар ги вклучува следните оперативни фази:

(1) Течна екстракција

Екстракцијата се врши со екстрагенс, растворен во органски растворувач со концентрација во зависност од концентрацијата на бакар во растворот. Од собирните базени, збогатените раствори од лужење преку пумпна станица се внесуваат во комора за мешање. Тука органиката и водната фази формираат емулзија која гарантира исклучително ефикасен контакт, во период кога се екстрахира бакар од продуктивниот раствор со помош на реакција на јонска измена.

Потоа, водно – органската емулзија влегува во фаза на пречистување каде двете фази се разделуваат и секоја од нови продолжува на следниот степен. Водната фаза преминува низ целиот екстакционен процес при што целиот бакар е извлечен и истата се нарекува рафинат и продолжува кон сорпција. Органиката богата со бакар понатаму продолжува во специјален резервоар каде се извлекува воднтаа фаза и т.н. формирана брада која се состои од механички честички, по што преминува низ два степени на реекстрација каде контактира со реекстрактивен раствор – сиромашен електролит од електролизното одделение. Електролитот го одделува бакарот од органиката, додека електролитот продолжува во фаза на пречистување заради отстранување на остатоци од органика и тврди честички по што збогатениот електролит се предава на електролиза.

(2) Електролиза

Збогатениот електролит, при напуштање на постапката на реекстракција, минува низ две одделни фази на филтрирање пред да дојде до одделот за електролиза, флотациона колона и двослоен филтер. Понатаму, збогатениот електролит минува низ топлински разменувачи заради зголемување на температурата на електролитот и влегува во резервоар за збогатен електролит, по што преминува во кади за електролиза. Откако ќе мине низ овие кади, електролитот се собира во посебни кади како осиромашен електролит, по што преминува во фаза на реекстракција. Осиромашениот електролит се користи за реекстрагенс во екстракцијата.

Реакцијата на електролиза на бакарот од сулфатниот електролит се одвива во електролизните кади при што како анода се користи материјал што е добар проводник (на пример - олово), додека на катодата се издвојува бакарот, како финален производ (слика подолу).

Во рамките на преработувачкиот комплекс предвидено е рафинантно езеро за времено чување на искористените раствори од лужење, пред нивно враќање назад на одлагалиштето со бакарна руда за повторно лужење.

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ

Планскиот концепт е изработен во склад со зададената Планска програма, како и сознанијата од Документационата основа.

Со изработката на Државната урбанистичка планска документација се урбанизира земјиштето со дефинирање на градежна парцела на земјиште на кое Инвеститорот склучува Договор за Концесија за експлоатација на руда.

Со Државната урбанистичка планска документација се утврдува намената на земјиштето како основна класа на намена Г – Производство, дистрибуција и сервиси, односно посебна класна на намена Г1 – Тешка и загадувачка индустрија.

Со планската документација се дефинираат сите урбанистички, архитектонски и комунални параметри за изградба на објекти во рамките на Комплексот според дефинираната намена.

Имајќи во предвид дека се работи за комплекс на градби и инфраструктурни инсталации, во оваа фаза на планирање целиот плански опфат се дефинира како една градежна парцела, со дефинирана максимална површина за градење во рамките на која се планираат градби. Деталната разработка на планската диокументација во фазата Архитектонско-урбанистички проект ќе ја третира комплетната внатрешна организација на Комплексот со диспозиција на сите планирани градби и површини со поединечни намени.

Пристапот до парцелата е обезбеден од постоечки земјан пат кој се надоврзува на општинскиот пат за с. Казандол. За потребите од пристап во рамките на Комплексот, изработен е посебен проект за Инфраструктура, и Извод од него е составен дел на предметната Документација.

Имајќи во предвид дека со планираниот Комплекс се прекинуваат одредени постоечки пристапи до поединечни приватни парцели,(во северниот дел од планскиот опфат) при дефинирањето на границите на градежната парцела како и на планскиот опфат, водено е сметка границите на Комплексот да бидат повлечени за минимум 3,5м од најблиските граници на приватните парцели, како би се создадале реални услови несметан пристап до парцелите и нивно понатамошно користење.

Дозволената максимална висина на градбите се дефинира на 20 метри. Катноста на планираните градби не се дефинира. Таа е условена од потребите на технолошкиот процес. Имајќи во предвид дека се планира изградба на повеќе градби во рамките на Комплексот, во понатамошната разработка на планската документација со Архитектонско-урбанистички проект, детално ќе бидат дефинирани висините на сите планирани градби.

Со општите и посебни услови за градење дефинирани се условите за градење во предвидената градежна парцела.

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА

6.1 Плански опфат

Државната урбанистичка планска документација за Рудник за бакар во Ко Валандово вон град и КО Казандол, општина Валандово, е изработена за плански опфат дефиниран со линија и прекршни точки дефинирани со координати, во рамки на земјиште кое е во најголем дел во државна сопственост.

Планскиот опфат зафаќа вкупна површина од 283.9461 ха.

6.2 Регулациона линија

Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба. Во графичките прилози означена е регулационата линија со детално котирање на растојанија до градежните линии.

Во конкретниот случај Регулационата линија се поклопува со границата на градежната парцела.

6.3 Градежна парцела

Планскиот опфат е составен од 1 градежна парцела со површина од 283,9461 ха.

6.4 Наменска употреба на земјиште

Со Државната урбанистичка планска документација се дефинира наменската употреба на земјиштето. Дефинирањето е според Член 25-34 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање- (Сл. Весник на РМ бр. 63/12,126/12,19/13, 95/13, 167/13, 37/14 и 125/14)

Планираните градби во рамките на планскиот опфат се со основна класа на намени Г – Производство, дистрибуција и сервиси, односно посебна класна на намена Г1 – Тешка и загадувачка индустрија.

Поединечната намена на сите површини и градби во рамките на Комплексот подетално ќе се дефинира со Архитектонско-урбанистички проект.

6.5 Градежна линија

Површината за градење на новопредвидените градби е дефинирана со градежни линии на начин прикажан во графичките прилози.

Во графичките прилози означени се градежните линии, со детално котирање на растојанијата помеѓу нив и регулационите линии односно кон границите на градежната парцела.

При дефинирањето на градежните линии посебно е водено сметка за почитување на заштитниот појас на постоечките високонапонски далноводи.

6.6 Површина за градење

Со предвидената површината за градење се дефинирани максималните граници во кои може да се движат габаритите на планираните градби.

Во конкретниот случај, дефинираната површина за градење ги опфаќа сите наведени содржини во Комплексот.

Со Архитектонско-урбанистичкиот проект ќе се дефинираат сите поединечни површини по намена.

6.7 Максимална височина

Дозволената максимална висина на градбите се дефинира на 20 метри. Катноста на планираните градби не се дефинира. Таа е условена од потребите на технолошкиот процес.

6.10 Сообраќај

Сообраќајното решение е усогласено со условите на локацијата, како и со потребите за несметан пристап и маневрирање на товарни возила и автомобили.

Пристапот до парцелата е обезбеден од постоечки земјан пат кој се надоврзува на општинскиот пат за с. Казандол.

Општинскиот пат за с. Казандол е изграден како асфалтен пат со ширина на коловоз од 3,0м. Имајќи го во предвид фактот дека со функционирањето на Рудникот се зголемува фрекфенцијата на возила, како и тоа дека возилата ќе бидат главно товарни, пред изработката на предметната ДУПД, Инвеститорот има изготвено Проект за Инфраструктура за проширување и реконструкција на општинскиот пат на потегот од приклучокот со патот Марвинци-врска Р-1105 до планираниот влез во Комплексот. Составен дел на Проектот за Инфраструктура е и делот од патот -од приклучокот на општинскиот пат за с. Казандол- до влезот во градежната парцела на Рудникот со придружен паркинг надвор од границите на градежната парцела.

За наведените сообраќајници изработени се е и Основни проекти.

Паркирањето ќе се решава на планираниот паркинг надвор од градежната парцела дефиниран со посебен Проект за инфраструктура.

Општинскиот пат е планиран со ширина на коловоз од 5,5 м и двострани банкини по 0,5 м. димензионирани според Правилникот за техничките елементи за изградба и реконструкција на јавните патишта и објектите на патот.

Сообраќајот во рамките на комплексот ќе биде предмет на работа на понатамошните фази на изработка на проекти за добивање одобрение за градење.

6.11 Нивелмански план

Нивелетата на патот и паркингот на влезот во планскиот опфат, се дефинираат со Проектот за Инфраструктура кој се одобрува во посебна постапка. Нивелетата на индустрискиот двор ќе се усогласи со дефинираната нивелетата во наведениот Проект.

6.12 Комунална инфраструктура

Водовод

Снабдувањето со вода се планира од артерски бунари во рамките на локацијата. Бројот на бунарите и нивната издашност ќе бидат утврдени врз основа на потребите на комплексот и резултатите од хидро-геолошки истражни работи кои се преземени на конкретниот локалитет.

Канализација

Во рамки на Комплексот ќе се јават технолошки, атмосферски и фекални отпадни води.

Во рамките на комплексот се планира изградба на три акумулациони езера- за чиста вода, за вода за преработка на руда и езеро за спречување хаварии.

Не се предвидува испуштање на загадени отпадни води од ниеден вид надвор од Комплексот ниту во површински води или во почва во неговите граници. За таа цел, ќе биде воспоставен хидротехнички систем за управување и третман на атмосферски води во целиот опфат на комплексот, како и систем за управување со комунални отпадни води преку станица за пречистување на отпадни води. Технолошките отпадни води и искористените раствори за лужење од производствениот комплекс за катоден бакар ќе бидат континуирано реупотребувани во процесот на подготовка на раствор за лужење и, според тоа,нема да се испуштаат во природен рецепиент. Дополнително, ќе бидат спроведени мерки за контрола на ова влијание - изградба на базени за акумулирање на раствори за лужење. За заштита на подземните води, во состав на овие базени ќе бидат изведени заштитни подлоги.

Деталната разработка на внатрешната инфрструктурна мрежа ќе биде предмет на работа на Архитектонско-урбанистичкиот и Основните проекти.

Систем за наводнување

Цевководот од системот за наводнување Ф300 кој поминува паралелно со границата на рударскиот комплекс во моментот не е во функција и е прекинат на делот кон постоечката суводолица. Имајќи во предвид дека тој минува низ планскиот опфат на планираниот паркинг, се предвидува негова дислокација во појасот помеѓу планскиот опфат и појасот на општинскиот пат. На тој начин ќе се обезбедат услови за негово одржување во иднина. За планираната измена на трасата на цевководот ќе биде неопходно да се изработи посебен проект за инфраструктура и Основен проект.

Наведените мерки се вградени во Проектот за инфраструктура кој се донесува во посебна постапка од страна на општина Валандово.

Електрична мрежа и телефонска мрежа

Од комунална инфраструктура во рамките на планскиот опфат, постојат високонапонски електрични далноводи чии траси се прикажани во графичките прилози. При дефинирањето на површината за градење, водено е сметка за наведените далноводи и предвиден е заштитен појас за градење од 15 м мерен од осовината на далноводот.

Потребниот приклучок на електричната мрежа треба да биде со моќност која ќе се движи до 5,0 MW. Приклучокот на електричната мрежа да се изведе според условите кои ќе бидат зададени од надлежното електростопанско претпријатие, во склад со техничките прописи за ваков вид на инсталација.

Според добиените сознанија, приклучокот треба да се изведе со подземен електричен кабел од постоечката трафостаница Валандово за кој ќе биде изработен посебен Проект за инфраструктура.

Во рамките на комплексот се планира изградба на трафостаница чија местоположба ќе биде дефинирана со Архитектонско-урбанистичкиот проект.

Телефонска мрежа во рамките на планскиот опфат не постои. Приклучоците на телефонска мрежа да се изведат во склад со условите дадени од надлежна институција и техничките прописи за ваков вид на инсталација, со претходна изработка на Проекти за инфраструктура.

6.13 Хортикултура и партер

Со функционирањето на Рудникот може да се очекува уништување на вегетацијата на просторот на рударскиот комплекс кој ќе биде зафатен со индустриски активности, во тек на изградбата, но и во тек на оперативната фаза. Затоа, неопходно е влијанијата да се ограничат само на површините неопходни за спроведување на активностите во опфатот на комплексот и да се води сметка да не настанат дополнителни непотребни нарушувања

Во прилог на уреденост на пределот и неговите визуелни аспекти, како и спречување на влијанија од комплексот кон околинтата, се предвидува изведба на појас од заштитно зеленило на северната и источната граница на градежната парцела со ширина од 20 м.

Внатрешните сообраќајни површини и паркинзи се предвидува завршно да се обработат со асфалт, одделени од околните површини со бетонски ивични ленти. Вегетацијата на сите слободни неизградени делови од градежната парцела кои се надвор од просторот неопходен за функционирање на Комплексот и се надвор од појасот на експлоатација и преработка на рудата се предвидува да се задржи и дополнително да се посади со ниско и високо зеленило.

7. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Изградбата на планираниот Рудник ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфаструктурна опременост и уредување на просторот како и на економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување. Со самата реализација на градбите се придонесува за развој на подрачјето, како и привлекување на нови инвестиции. Со тоа директно се поттикнува економскиот развој на Општината.

Ова се подразбира доколку се базира на принциите на одржлив развој и со максимално почитување и вградување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина.

Поврзаноста на овој простор со околните рурални населби и градови треба да биде фактор за афирмација на комплексот, но и фактор за гравитационо влијание и поврзаност во пошироко опкружување.

8. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

8.1 Заштита на животна средина

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на средината се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку проверка и изготвување на современи стандарди и нормативи.

Градежната парцела е планирана со класа на намена “Г1”- Тешка и загадувачка индустрија. Затоа проблемите на нарушување на квалитетот на животната средина се изразени.

Во фазата на изградба на Комплексот, се очекуваат следните влијанија врз животната средина:

- Емисии во воздух (прашина од движење на возила и расчистување на терен и подготовка за експлоатација (ископ) на минерална суровина, како и емисии на полутанти од издувни системи на градежни возила и механизација).
- Ризик од инцидентни истекувања на гориво или масло од возила.
- Создавање на различни видови и фракции на отпад, со доминантно учество на градежен отпад и отпад од формирање на отворен коп за експлоатација на минерална суровина.
- Емисија на бучава од градежни активности.

- Ограничена загуба на вегетација и хабитати, кои во опфатот на проектната локација не поседуваат значајни природни вредности.

Во фазата на експлоатација, се очекуваат следните влијанија врз животната средина, типични за планираните активности:

- Емисии во воздух (прашина од рударски и транспортни активности, и емисии во текот на технолошките постапки за лужење и производство на катоден бакар).
- Создавање на отпадни води од различен вид – отпадни атмосферски води, комунални отпадни води и индустриски отпадни води.
- Ризик од инцидентни истекувања на заситени или искористени раствори за лужење, како и гориво или масло од возила и механизација.
- Создавање на различни видови на индустриски отпади, вклучително и отпад од експлоатација на минерална суровина (јаловина), како и комерцијален отпад.
- Емисија на оперативна бучава (постапки на дупчење и минирање, формирање на одлагалишта за лужење .
- Ограничена загуба на вегетација и хабитати, особено во текот на прогресивната експлоатација на минерална суровина.
- Влијание врз пределот поради физички промени во зоните на површинскиот коп.
- Опасности од хаварии (поплава, пожар, експлозија, истекување на хемикалии)

За спречување, намалување и контрола на идентификуваните потенцијални влијанија врз животната средина и луѓето треба да бидат предложени специфични мерки и интегрален план за управување и мониторинг на животната средина. Целта на овие мерки е влијанијата да се елиминираат, урамнотежат или намалат на прифатливо ниво со што значително ќе се ублажат потенцијалните негативни ефекти врз животната и социјалната средина. Дел од овие мерки ќе бидат во доменот на добра градежна и оперативна пракса, а дел ќе базираат на барањата вградени во најдобро достапните техники за видовите на активности кои ќе се спроведуваат во предложениот рударски комплекс, а согласно принципите на интегрирано спречување и контрола на загадувањето.

За предвидената намената во планскиот опфат неопходно е спроведување на постапка за Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и изработка на елаборат за заштита на животната средина со кои детално се детектираат сите можни опасности за загадување на животната средина како и мерките за нејзина заштита.

8.2 Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување –пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.93/12), Законот за ЗПЕОМ (Сл.весник на РМ бр: 32/11) и Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр.29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на објекти и инфраструктура, согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл весник на РМ бр. 105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

8.2.1. Заштита од природни и технолошки хаварии

Врз основа на загрозеноста на регионот на Валандово од природни катастрофи, елементарни непогоди и технички хаварии може да настане повредливост на просторот на локалитетот и неговите физички структури. Повредливоста на просторот се одразува на објектите и нивната околина.

8.2.2. *Мерки за заштита од урнатини*

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирањето на просторот.

Според постојните анализи и добиените резултати за сеизмичност на месното подрачје според очекуваните дејности на земјотреси во иднина, основен степен на сеизмички итензитет во подрачјето изнесува 8° по МЦС.

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско-технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите.

Просторот кој е предмет на анализа се наоѓа во зона загрозена со долготрајни воени дејствија, што наметнува потреба од примена на соодветни мерки за заштита, односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на градбите.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбата да се гради според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, планираното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила
- непречена интервенција
- штетите да се сведат на минимум
- брза санација на последиците.

8.2.3. Мерки за заштита од пожар

Предвидената градежна парцела е ориентирана кон постојниот општински пат за с. Казандол, со што се обезбедени услови за несметан пристап на противпожарни возила.

Растојанијата на градежните линии на предвидените објекти од границите на парцелата гарантираат сигурност и заштита од ширење пожар од околината кон парцелата и обратно.

При изведба на водоводна мрежа во комплексот ќе биде неопходно да се предвидат соодветен број противпожарни надворешни хидранти со кое ќе бидат задоволени мерките на превентива и заштита во случај на пожар. Останатите мерки за заштита од пожар се предвидуваат со изработката на техничката документација на објектите и треба да бидат во согласност со Законот и Правилниците за мерки за заштита од пожар.

При планирањето почитуван е Законот за заштита и спасување, како и Законот за пожарникарство.

Инвеститорот е должен во постапката за добивање одобрение за градење да изготви посебен Елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за ЗПЕОМ.

8.2,4. Мерки за заштита од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на вода од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Како што се гледа од ажурираната подлога, во рамките на планскиот опфат постои суводолица ("Јурт Дереси") во која се сливаат поројни води од околните ридови. Имајќи во предвид дека значителен број од пороите минуваат низ површината од планскиот офат зафатена со експлоатационото поле на рудникот, нормално е да се очекува дека со функционирањето на Рудникот ќе се наруши постоечката конфигурација на теренот, негова ерозија, а со тоа и поместување на правците на течение на постоечките порои кон коритото на суводолицата.

За спречување на истекување на поројни води надвор од комплексот кои со себе би носеле цврсти материи од рударскиот комплекс кон околните површини, неопходно е со проектната документација да се предвидат хидротехнички градби со кои ќе се врши смирување на водите и таложење на цврстите материи пред нивно испуштање во суводолицата. Во постоечката суводолица надвор од Комплексот може дасе испуштаат само води претходно третирани и пречистени до пропишаниот степен на чистота со важечките закони и стандарди на Р.М.

Со проектната документација неопходно е да се предвидат мерки за заштита од ерозија во рамките на Комплексот како што се: пошумивање, терасирање со контурни ровови и сл.

Според Законот за води (сл. весник на Р.М.87/2008) растојанието на планираните градби во рамките на комплексот треба да биде на оддалеченост од минимум 50 м. од линијата на допирање на педесетгодишна вода. До колку се планираат градби на поблиско растојание од наведеното, неопходно е во тој појас да се изврши регулација на поројот и изведба на потпорни ѕидови (димензионирани според конкретните услови)

Процесот на проектирање на предложениот рударски комплекс треба да вклучи детални предлог технички и конструктивни мерки за заштита и одбрана од штетното дејство од водите, вклучително од ерозија под влијание на водата и порои, согласно техничките стандарди за проектирање на овој вид на објекти во Република Македонија, а врз основа на начелата на претпазливост и превенција. Овој процес ќе биде базиран на спроведена целосна анализа на хидролошката состојба на подрачјето кое е директно засегнато со проектот со цел да се проектира и изведе хавариско акумулационо езеро со соодветен капацитет за контрола и заштита од поплави.

8.2.5. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неекслодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети горенаведените услови уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на предходно определени и уредени места за таа намена.

8.2.6. Заштита и спасување од урнатини

Заштитата и спасувањето од урнатини опфаќа превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштита од уривање се активностите кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативни мерки за спасување од урнатини се активностите за извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектите заради спречување на дополнително уривање, преземање на мерки за заштита од дополнителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

Согласно добиените податоци планскиот опфат се наоѓа во сеизмички регион со очекувани земјотреси со јачина од 8° по МКС.

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско-технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите.

Просторот кој е предмет на анализа се наоѓа во зона загрозена со долготрајни воени дејствија, што наметнува потреба од примена на соодветни мерки за заштита, односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на градбите.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбата да се гради според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, планираното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила
- непречена интервенција
- штетите да се сведат на минимум
- брза санација на последиците.

Со планското решение се предвидува поставување на објектите на соодветни меѓусебни растојанија согласно член 38 и 42 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13 и 95/13), како и употреба на соодветни градежни материјали како би се овозможила соодветна отпорност на објектите.

8.2.7. Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.

Превентивни мерки за заштита и спасување од техничко - технолошките несреќи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање, со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на индустриски објекти, редовно одржување на инсталациите и опремата, како и примена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа.

Оперативни мерки за заштита и спасување од техничко- технолошките несреќи се активностите за спречување на настанување и намалување и остранување на предизвиканите последици.

Хуманитарни мерки

8.2.8. Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи. Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време. Евакуацијата на населението во друга општина не смее да доведе до нарушување во извршувањето на нејзините надлежности.

8.3.9. Згрижување на настрадано и загрозено население

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

8.3.10. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за остранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуаат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средсва, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

8.3.11. Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

8.3.12. Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, и други несреќи.

Превентивни мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

8.3.13 Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенија и производите од растително потекло опфака превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивни мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

8.3.14 Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите, како и асанација на објектите за водоснабдување.

9. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Основните параметри за урбанистичко планирање се дефинирани според Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 199/14) и во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12,126/12,19/13, 95/13, 167/13, 37/14 и 125/14) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. Весник на РМ бр. 78/06 и 37/14)

Одобрението за градба ќе се издава врз основа на изработен Архитектонско-урбанистички проект.

9.1 Плански опфат

Планскиот опфат опфаќа површина од 283.9461 ха.

Границата на планскиот опфат се утврдува врз основа на Член 8, 9 и 10 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12,126/12,19/13, 95/13, 167/13, 37/14 и 125/14). Границата на планскиот опфат е дефинирана според логични разделници, дефинирани со член 8 од Правилникот. Во графичките прилози границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви прикажани табеларно.

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од Т1 до Т7, и за секоја точка табеларно се дадени параметрите по X и Y координати.

9.2 Регулациона линија, граница на парцела, градежна парцела и градежна линија, информативна линија

Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба. Во графичките прилози означени се регулационите линии кон околниот терен, со детално котирање на растојанијата од регулационите до градежните линии..

Граница на градежна парцела е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели, односно (во конкретниот случај) помеѓу градежна парцела и земјиште за општа употреба.

Градежната парцела е ограничен дел од градежното земјиште со ист носител на правото на градење.

Со градежните линии се дефинира површината за градење во градежната парцела, односно границите во кои може да се движат габаритите на поединте објекти. Во графичките прилози означени се градежните линии, со детално котирање на растојанијата помеѓу нив и регулационите линии.

9.3 Наменска употреба на земјиште

Во подрачјето на планскиот опфат, предвидена е основна класа на намени Г – производство, дистрибуција и сервиси , односно посебна класа на намена Г1 – Тешка и загадувачка индустрија.

9.4 Површини за градење

Утврден е делот од градежната парцелата во која се предвидува градење на повеќе градби, поради што градежната парцела во понатамошната постапка треба да се разработи со Архитектонско-урбанистички проект.

Во нумеричките показатели дадена е и максималната површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор за градење.

Минималното растојание помеѓу градежните линии и границите на парцелата кон соседна градежна парцела изнесува 4,0 м.

9.5 Височина на градбите

Максимална височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија.

Максималната височина на градбата во урбанистички план се изразува како вертикално растојание помеѓу заштитниот тротоар и завршниот венец на градбата во должни метри.

9.6 Процент на изграденост

Процентот на изграденост на земјиштето (П) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Истиот се пресметува како однос помеѓу површината на

земјиштето под градба и вкупната површина на градежното земјиште изразен во процент.

9.7 Коефициент на искористеност

Коефициентот на искористеност на земјиштето (К) е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во проценти.

9.8 Сообраќај

Пристапот до парцелата е обезбеден од постоечки земјан пат кој се надоврзува на општинскиот пат за с. Казандол.

Обезбедувањето на пристап во Комплексот димензиониран според сообраќајните потреби се решава со посебен Проект за Инфраструктура.

9.9 Паркирање

Со претходно одобрениот Проект за Инфраструктура предвиден е простор за изградба на паркинг за автомобили и товарни возила, надвор од границите на градежната парцела. Во прва фаза на градба парконгот е планиран со капацитет од 12 автомобили и три товарни возила. Во втора фаза на градба се планира реализација на целиот планиран простор за паркинг чиј капацитет ќе биде дефиниран според потребите на Инвеститорот и нормативите дадени во член 55 до 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12,126/12,19/13, 95/13, 167/13, 37/14 и 125/14).

9.10 Услови за движење на инвалидизирани лица

За обезбедување услови за движење на инвалидизирани лица важат истите одредби од точка 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12,126/12,19/13, 95/13, 167/13, 37/14 и 125/14).

9.11 Зеленило

Се предвидува изведба на појас од заштитно заленило на северната и источната граница на градежната парцела со ширина од 20 м.

Вегетацијата на сите слободни неизградени делови од градежната парцела кои се надвор од просторот неопходен за функционирање на Комплексот и се надвор од појасот на експлоатација и преработка на рудата се предвидува да се задржи и дополнително да се посади ниско и високо зеленило.

Потребата од дополнителен заштитен појас зеленило ќе се утврди со елаборатот за заштита на животна средина во понатамошните фази на разработка на ниво на АУП и основни проекти на градбите.

Се задолжува Инвеститорот, после завршување на периодот на експлоатација, просторот на градежната парцела да го доведе во еколошки прифатлива состојба.

9.12 Водовод и канализација и систем за наводнување

При изработка на Архитектонско-урбанистички проект како и проектите за комуналната инфраструктура, задолжително да се почитуваат прописите за проектирање и градење, техничките стандарди за ваков тип на градби.

Снабдувањето со вода се планира од артерски бунари во рамките на локацијата. Бројот на бунарите и нивната издашност ќе бидат утврдени врз основа на потребите на комплексот и резултатите од хидро-геолошки истражни работи кои се преземени на конкретниот локалитет.

Не се предвидува испуштање на загадени отпадни води од ниеден вид надвор од Комплексот ниту во површински води или во почва во неговите граници. За таа цел, ќе биде воспоставен хидротехнички систем за управување и третман на атмосферски води во целиот опфат на комплексот, како и систем за управување со комунални

отпадни води преку станица за пречистување на отпадни води и нивна рециркулација преку системот на акумулациони езера планирани во рамките на Комплексот.

За инфраструктурната инсталација надвор од комплексот на рудникот ќе биде неопходно да се изготват посебни Проекти за инфраструктура.

При изведбата на пристапниот пат до рударскиот комплекс, неопходно е да се обезбеди и присуство на претставници на водостопанското претпријатие Јужен Вардар-Гевгелија, работна единица Валандово, за точно позиционирање на подземните цевководи од системот за наводнување кои се вкрстуваат со патот, како би се избегнало нивно оштетување при изведба на градежните работи.

9.13 Електрична мрежа

Низ градежната парцела поминуваат високонапонски електрични воздушни водови. Предвидени се заштитни појаси кон далноводите со ширина по 15 м од двете страни на далноводот, во кои не се дозволува планирање на градби.

Приклучокот на електричната мрежа ќе се решава со изградба на трафостаница во рамките на градежната парцела со капацитет кој ќе биде дефиниран според потребите на Инвеститорот и Договорот со надлежното електростопанско претпријатие.

9.14 Елементи за обликување на градбите

Сите предвидени градби да бидат проектирани со современи градежни материјали, во склад со нивната функција и важечките технички стандарди и нормативи.

Партерните површини завршно да бидат обработени со материјали кои обезбедуваат едноставно чистење, одводнување и одржување хигиена.

9.15 Заштита на културно наследство

Во непосредна близина на границите на планскиот опфат се наоѓаат евидентирани археолошки локалитети "Казандолска река" и "Мандра чешма".

Пред отпочнување земјани работи неопходно е да биде извршен увид на потесната локација од страна на стручно лице-археолог од надлежната установа за заштита НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Струмица.

До колку биде констатирана загрозеност на некој од наведените локалитети да се определат мерки за заштита и да се овозможи нивно спроведување.

Инвеститорот е должен да обезбеди финансиски средства кои ќе ги покријат сите мерки за заштита.

До колку во текот на изведувањето на градежни работи на локацијата се дојде до археолошко наоѓалиште односно предмети од археолошко значење, ќе се постапува според чл. 65 од Законот за културното наследство (Сл. весник на РМ 20/04, 115/07,18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14).

9.16 Заштита и спасување

Да се почитуваат мерките за заштита и спасување, дадени во текстот, а при изработката на основниот проект, да се почитуваат Планско оперативните документи односно Проценката на загрозеност и Планот за заштита и спасување на општина Валандово.

9.17 Заштита на животната средина и води

Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.

Изведувањето на индустриските објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди,прилагодени на научно-техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и корисниците.

во рамките на проектот Парк на ветерни електрани Богданци. Вкупната должина на далеководот изнесува 11,8км.

- Согласно Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ бр."53/2005, 81/2005 ,24/2007, 159/08, 83/2009, 48/2010, 124/2010 и 51/2011) и Уредбата за определување на проекти и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина ("Сл.весник на РМ" бр.74/2005), инвестициониот објект припаѓа во Прилог 2 - Проекти за кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за ОВЖС (Генерално определени проекти), точка 3 – Енергетика, б) Индустриските инасталации за пренос и дистрибуција на гас, пареа и топла вода и за пренос и дистрибуција на електрична енергија со површински водови (проекти што не се вклучени во Прилог 1). Од доставената документација констатираме дека со проектот нема да има значително влијание врз животната средина и за таа цел не треба да се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина;.
- Согласно Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/08, 83/2009, 48/10, 124/2010 и 51/2011) и Уредбата за дејностите и активностите за кои се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен МЖСПП ("Сл.весник на РМ" бр.80/2009), овој вид на проекти припаѓа во точка V. Енергетика, подточка 7. Индустриските инасталации за пренос и дистрибуција на гас, пареа и топла вода и за пренос и дистрибуција на електрична енергија со површински водови. Според тоа инвеститорот се задолжува да изготви Елаборат за заштита на животната средина, со што ќе се предвидат сите решенија за заштита на животната средина при процесот на изградба и работа . Истиот треба да биде доставен до Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање на негова оценка и издавање на согласност по истиот.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

- Елаборатот за заштита на животната средина потребно е да се изготвени согласно Правилникот за формата и содржината на елаборатот за заштита на животната средина, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени елаборати од "Сл. весник на РМ" бр.50/09.

- Покрај прашањата опфатени во Правилникот за формата и содржината на елаборатот за заштита на животната средина, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени елаборати од "Сл. весник на РМ" бр.50/09, во Елаборатот потребно е да бидат разгледани и следните прашања:

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

- Визуелни аспекти

Овие аспекти се едно од клучните прашања во релација со животната средина во текот на оперативната фаза на овој вид на инфраструктурни проекти. Од тие причини, тие претставуваат важен сегмент, која треба да опфати ефекти врз пределот поврзани со неговите физички карактеристики и визуелни ефекти поврзани со прифатливоста на новиот изглед на пределот од страна на локалното население и други рецептори.

- Биолошка разновидност

Во поширокото подрачје на опфатот на проектот да се земе во предвид присуството на засегнати и заштитени видови и значајни живеалишта, заштитени подрачја, евидентирани подрачја за заштита, вклученоста на предметното подрачје во постоечки еколошки мрежи, како и потенцијалните влијанија од спроведување на проектот.

Електромагнетни пречки

Во зависност од карактеристиките на нивната локација и диспозицијата на постојни телекомуникациски коридори, далекуводите можат да поседуваат потенцијал за интерференција со постојни приемно-предавателски системи. Од тие причини, треба да се опфати анализа на потенцијалот на далекуводите

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

за интерференција со телекомуникациски системи во околината на подрачјето.

Врз основа на горенаведеното го издаваме мислењето како во диспозитивот и укажуваме на обврската на инвеститорот за изготвување на Елаборат за заштита на животната средина.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел.(02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
E-пошта: Infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Изготвил: Билјана Спироска
Проверил: м-р Зоран Бошев
м-р Сашко Јорданов

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
ДИРЕКТОР
Филип Иванов

Прилог 2 – Мислење во однос на Известувањето за намера за спроведување на проектот, издадено од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА „ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА" ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ СКОПЈЕ

Примено: 15 07 11
Орг. јед. | Број: 02 2849/2 | Прилог:

Архивски бр. 11-5257/2
Дата: 11.07.2011

До : АД "Електрани на Македонија"
ул. "11 Октомври" бр.9
1000 Скопје

Предмет: Мислење

Врска: Ваш број 08-2849/1 од 27.05.2011 година

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање
Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

Почитувани,

Во врска со Вашето известување за намера со број 11-5257/1 од 30.05.2011 година кое се однесува за изведување на проектот – "110 KV Далековод ТС 20/110 KV ПВЕ Богданци - ТС 110/35 KV Валандово", поднесено од страна на АД Електрани на Македонија (АД ЕЛЕМ) од Скопје, Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го разгледа предметното барање и го издава следното

МИСЛЕЊЕ

За изведување на проектот – "110 KV Далековод ТС 20/110 KV ПВЕ Богданци - ТС 110/35 KV Валандово", поднесено од страна на АД Електрани на Македонија (АД ЕЛЕМ) од Скопје, не треба да се спроведува постапката за оценка на влијанието врз животната средина, а инвеститорот е должен да изготви Елаборат за заштита на животната средина.

Образложение

- Од страна на АД Електрани на Македонија (АД ЕЛЕМ) од Скопје беше доставено известување за намера за изведување на проектот: "110 KV Далековод ТС 20/110 KV ПВЕ Богданци - ТС 110/35 KV Валандово". Проектот ќе биде спроведен на подрачјето на Богданци и Валандово ,



Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

во рамките на проектот Парк на ветерни електрани Богданци. Вкупната должина на далеководот изнесува 11,8км.

- Согласно Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ бр."53/2005, 81/2005 ,24/2007, 159/08, 83/2009, 48/2010, 124/2010 и 51/2011) и Уредбата за определување на проекти и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина ("Сл.весник на РМ" бр.74/2005), инвестициониот објект припаѓа во Прилог 2 - Проекти за кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за ОВЖС (Генерално определени проекти), точка 3 – Енергетика, б) Индустриските инасталации за пренос и дистрибуција на гас, пареа и топла вода и за пренос и дистрибуција на електрична енергија со површински водови (проекти што не се вклучени во Прилог 1). Од доставената документација констатираме дека со проектот нема да има значително влијание врз животната средина и за таа цел не треба да се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина;.
- Согласно Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/08, 83/2009, 48/10, 124/2010 и 51/2011) и Уредбата за дејностите и активностите за кои се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен МЖСПП ("Сл.весник на РМ" бр.80/2009), овој вид на проекти припаѓа во точка V. Енергетика, подточка 7. Индустриските инасталации за пренос и дистрибуција на гас, пареа и топла вода и за пренос и дистрибуција на електрична енергија со површински водови. Според тоа инвеститорот се задолжува да изготви Елаборат за заштита на животната средина, со што ќе се предвидат сите решенија за заштита на животната средина при процесот на изградба и работа . Истиот треба да биде доставен до Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање на негова оценка и издавање на согласност по истиот.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk



Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Тоца Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk



- Елаборатот за заштита на животната средина потребно е да се изготвени согласно Правилникот за формата и содржината на елаборатот за заштита на животната средина, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени елаборати од "Сл. весник на РМ" бр.50/09.

- Покрај прашањата опфатени во Правилникот за формата и содржината на елаборатот за заштита на животната средина, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени елаборати од "Сл. весник на РМ" бр.50/09, во Елаборатот потребно е да бидат разгледани и следните прашања:

- Визуелни аспекти

Овие аспекти се едно од клучните прашања во релација со животната средина во текот на оперативната фаза на овој вид на инфраструктурни проекти. Од тие причини, тие претставуваат важен сегмент, која треба да опфати ефекти врз пределот поврзани со неговите физички карактеристики и визуелни ефекти поврзани со прифатливоста на новиот изглед на пределот од страна на локалното население и други рецептори.

- Биолошка разновидност

Во поширокото подрачје на опфатот на проектот да се земе во предвид присуството на засегнати и заштитени видови и значајни живеалишта, заштитени подрачја, евидентирани подрачја за заштита, вклученоста на предметното подрачје во постоечки еколошки мрежи, како и потенцијалните влијанија од спроведување на проектот.

Електромагнетни пречки

Во зависност од карактеристиките на нивната локација и диспозицијата на постојни телекомуникациски коридори, далекуводите можат да поседуваат потенцијал за интерференција со постојни приемно-предавателски системи. Од тие причини, треба да се опфати анализа на потенцијалот на далекуводите

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

за интерференција со телекомуникациски системи во околината на подрачјето.

Врз основа на горенаведеното го издаваме мислењето како во диспозитивот и укажуваме на обврската на инвеститорот за изготвување на Елаборат за заштита на животната средина.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Изготвил: Билјана Спироска
Проверил: м-р Зоран Бошев
м-р Сашко Јорданов

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
ДИРЕКТОР
Филип Иванов

Република Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ СКОПЈЕ

Примено: 22.09.11			
Орг. един.	Број:	Прилог	Вредност
11	3/4602		

Архивски бр. 11-5257/4
Дата: 20.09.2011

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
E-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

До : АД "ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА"
ул. "11 Октомври" бр. 9
Скопје

Предмет : Доставување на Решение

Врска : Ваш број 3850/1 од 22.07.2011 година

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви го доставуваме Решението број 11–5257/4 за одобрување на Елаборатот за заштита на животната средина за проект: Изградба на 110 kV далековод ТС 20/110 kV ПВЕ Богданци – ТС 110/35 kV Валандово во општина Богданци и општина Валандово.

Со почит,

Изготвил: Влатко Цветаноски

Проверил: м-р Зоран Бошев
м-р Сашко Јорданов

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
ДИРЕКТОР
Филип Иванов

Република Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010 и 51/2011), Директорот на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

Р Е Ш Е Н И Е

За одобрување на Елаборат за заштита на животна средина

1. Со ова Решение се одобрува Елаборатот за заштита на животната средина од Јули 2011 година, изготвен од страна на "ЕМПИРИА ЕМС" ДООЕЛ од Скопје, за проект: Изградба на 110 kV далековод ТС 20/110 kV ПВЕ Богданци – ТС 110/35 kV Валандово во општина Богданци и општина Валандово, за потребите на инвеститорот АД "ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА" од Скопје.

2. Од доставената документација констатирано е дека со изградбата и оперативноста на 110 kV далековод ТС 20/110 kV ПВЕ Богданци – ТС 110/35 kV Валандово во општина Богданци и општина Валандово, нема да има значителни влијанија врз животната средина.

3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животна средина, како и кон дополнителни решенија во колку низ изградбата и оперативноста на објектот се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Република Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

[redacted]

Образложение

Од Ваша страна беше доставен Елаборат за заштита на животната средина за проект: Изградба на 110 kV далековод ТС 20/110 kV ПВЕ Богданци – ТС 110/35 kV Валандово во општина Богданци и општина Валандово, за потребите на инвеститорот АД "ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА" од Скопје.

Локацијата предвидена за Изградба на 110 kV далековод ТС 20/110 kV ПВЕ Богданци – ТС 110/35 kV Валандово ќе биде на територијата на општините Богданци и Валандово. Вкупната должина на трасата на далеководот изнесува 11,8 km.

Предметниот Елаборат за заштита на животната средина изготвен од страна на "ЕМПИРИА ЕМС" ДООЕЛ од Скопје е составен од текстуален дел и графички прилози, анализирани се сите неопходни компоненти, изворите и видовите на можни деградации и загадувања врз основа на што се димензионирани и дефинирани мерките за заштита на основните медиуми. Според наша оценка, проектираните заштитни мерки се апликативни и во целост ќе ги задоволат основните барања.

Правна поука: против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до министерот за животна средина и просторно планирање.

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
ДИРЕКТОР
Филип Иванов

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

за изградба на далновод 110 kV, општина Богданци

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р. МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y22511

Скопје, декември 2011

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

за изградба на далновод 110 kV, општина Богданци

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р. МАКЕДОНИЈА

Барател: АД Електрани на Македонија ЕЛЕМ

Тех.бр. Y22511
Е.бр. 22511

Раководител на задачата:
Мирослав Богдановски дипл.соц

Агенција за планирање на просторот

Директор:
Огнен Апостолски дипл.инж.арх.

Скопје, декември 2011

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

за изградба на далновод 110 КВ,

- ОПШТИНА БОГДАНЦИ -

Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 11.06.2004 година, го донесе Просторниот план на Р. Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен радзвој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Имајќи ја предвид важноста на Просторниот пл ан, со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (Сл.в. на РМ, бр.39/04).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Во функција на спроведувањето на Планот, обврзно се усогласуваат соодветните стратегии, основи како и другите развојни програми и сите видови на планови, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје, како и со урбанистички планови за населените места и **друга документација за планирање и уредување на просторот**, предвидена со закон.

За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **Решение за Услови за планирање на просторот.**

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на далновод 110КВ (од планирана трафостаница ТС 20/110 КВ во Богданци до постоечка трафостаница ТС 110/35 кВ во Валандово). Трасата на далекуводот поминува низ општините: Богданци, Валандово и Дојран. Со овој далекувод се овозможува непречено функционирање на Паркот на ветерните електрани Богданци (за потсетување - имаме изработено услови У14909).

Со изградбата на далекуводот се овозможува произведената електрична енергија од планираната трафостаница да се пренесе до постоечката трафостаница, а од тука да се вклучи во преносниот систем на Р. Македонија.

Трафостаницата минува низ планскиот опфат на откупно дистрибутивен центар за кој се издадени "Услови за планирање на просторот за изработка на ЛУПД за откупно дистрибутивен центар за земјоделски производи на КП 2958, 2957, 3617 на м.в. Мера, КО Валандово, во општина Валандовог со технички број У06010

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Р. Македонија а во согласност со истиот.

Основни определби на Просторниот план

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.** Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Во инвестиционите одлуки за материјално производство, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и лоцирање на преработката на простори врзани со местото на одгледување или искористување.

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-II бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.**

Состојбата на животната средина и еколошките барања се важен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Општинска граница

Катастарска граница

процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје представуваат збир на вредности и обележја создадени од природата без учество и влијание на човекот. Во нив спаѓаат географската и геопрометнаа положба на подрачјето, рељефните карактеристики, геолошки, сеизмички, педолошки и климатски карактеристики.

Условите се работат за изработка на проект за инфраструктура за изградба на далновод 110кВ (од планирана трафостаница ТС 20/110 кВ во Богданци до постоечка трафостаница ТС 110/35 кВ во Валандово).

Субмедитеранското подрачје во Република Македонија ги опфаќа најниските делови од долниот тек на реката Вардар до Грчката граница (Гевгелиската, Валандовската и Дојранската котлина). Надморската височина на ова подрачје е од 59 до 500 м.

Ова подрачје од север и од северозапад е ограничено со планините: Градишка Планина, Плауш, Беласица и Кожуф, кои влијаат како заштитна препрека врз времето и климата на ова подрачје, модифицирајќи ги студените (континенталните) воздушни маси кои се транспортираат кон јужните делови од Балканскиот Полуостров. Од друга страна пак ова подрачје е значително подотворено кон Егејското Море од каде допираат влијанијата на Медитеранот и се чувствуваат карактеристиките на медитеранските особености на времето и климата било преку формирање на топли и влажни воздушни маси кои имаат карактеристики на Медитеранот или преку други атмосферски нарушувања (топли или студени атмосферски фронтови) и други влијанија.

Метеоролошката станица Нов Дојран е лоцирана на:

Гевгелија X_c = 59м. X = 41° 09' Y = 22° 30'
Валандово X_c = 100м. X = 41° 19' Y = 22° 34'
Нов Дојран X_c = 180м. X = 41° 13' Y = 22° 43'

Ова е најтоплото подрачје во Република Македонија. Просечната годишна температура на воздухот се движи од 14.0°C - 14.5°C. Најтопол месец е јули се средна температура на воздухот од 24.6°C до 25.3°C. Најстуден месец е јануари со просечна повеќегодишна температура на воздухот која се движи во границите помеѓу 3.3°C и 3.5°C.

Просечните годишни температурни амплитуди на воздухот се движат помеѓу 21.2°C и 21.8°C и се поголеми во споредба со годишните амплитуди забележано северно од Демир Капија, но не и повисоки од 20.0°C, колку што изнесуваат во Медитеранските области.

Апсолутно највискока максимална температура на воздухот во ова подрачје изнесува 44.3°C (на 6. VII.1988 год).

Апсолутно најниски температури на воздухот изнесуваат: -19.5°C во Гевгелија, -12.5°C во Валандово и -13.0°C во Нов Дојран.

Највисоко достигнати апсолутни годишни амплитуди на воздухот изнесуваат 63.8°C (во Гевгелија), 56,5°C (во Нов Дојран) и 56.0°C (во Валандово).

Тие се значително повисоки отколку во типичните медитерански области, поради континенталните влијанија.

Средните месечни максимални температури на воздухот се движат помеѓу 6.6^{0}C (во Нов Дојран), 7.6^{0}C (во Валандово) до 7.8^{0}C (во Гевгелија), во месец јануари, до 30.9^{0}C (во Нов Дојран), 31.6^{0}C (во Валандово) и во Гевгелија до 32.0^{0}C во месец август.

Средната јануарска минимална температура на воздухот во ова подрачје се движи помеѓу 0.7^{0}C во Гевгелија до 0.6^{0}C во Нов Дојран, додека средната јулска минимална температура на воздухот се движи помеѓу 17.3^{0}C во Гевгелија до 18.0^{0}C во Валандово и 19.1^{0}C во Нов Дојран.

Во ова подрачје има најголем број на топли и тропски денови.

Вкупниот број на тропски денови во Гевгелија изнесува 72 при што најголем број се забележани во месец јули 23 дена, додека во Нов Дојран вкупниот број на тропски денови изнесува 54.

Годишниот број на летни денови изнесува од 131 до 136 од тоа во текот на месеците јули и август. Во септември има повеќе топли (летни) денови отколку во мај (дури и во јуни), што укажува дека есента е потопла од пролетта како и дека летните денови продолжуваат во месец септември.

Ова подрачје се одликува и со најмал број на мразни денови (годишно од 32 во Нов Дојран, 43 во Валандово, до 49 во Гевгелија). Најмногу мразни денови има во јануари (од 12 до 17).

Една од осн овните карактеристики на ова подрачје е тоа што на оваа територија порано завршуваат пролетните и покасно почнуваат есенските мразеви така што екстремниот мразен период трае од 92 до 127 денови, што е помал отколку во другите подрачја.

Најголем просечен број на мразни денови се јавуваат во Гевгелија во месец јануари и изнесуваат 17 денови додека во текот на годината вкупниот број изнесува 49 дена.

Годишните суми на врнежи во ова подрачје се движат во границите помеѓу 601.6 мм и 682.4 мм.

Најврнежлив месец е ноември со просечна месечна количина на врнежите која се движи помеѓу 79.5 мм и 93.1 мм, додека најсув месец е јули или август со следните количини на врнежите од 30.6 до 33.8 мм. Овој минимумн е скоро три пати помал од најврнежливиот месец од годината и е една од значајните карактеристики на климата на ова подрачје.

Исто така во подрачјето на централните и најниските делови од Гевгелиско-Валандовскиот регион се јавуваат најмали количини на врнежите што претставува таканаречена "врнежлива сенка", во споредба со другите делови од регионот со просечна количина на врнежите кои се под 650 мм годишно. Во другите делови од ова подрачје годишната количина на врнежите е помеѓу 700-800 мм (при што се земени во предвид податоци од другите дождомерни станици од ова подрачје, до надморска височина од 500м.

Сите досегашни податоци за врнежите говорат дека во ова подрачје се јавува Медитерански (маритимен) плувиометриски (врнежлив) режим, со карактеристичен влажен зимски период и мошне сушен летен период.

Според резултатите о д измерените дневни суми на врнежите најголема количина на врнежите изнесува 129.7 мм. (на 2.ИИ.1986 год.) во Гевгелија.

Во ова подрачје врнежите имаат често пороен карактер, особено во летните месеци, со што се засилува сушниот карактер на летото. Сушата повремено се јавува и во пролетните и есенските месеци поврзувајќи се со летната суша.

Средната годишна релативна влажност на воздухот се движи помеѓу 69% во Валандово до 71% во Гевгелија. Со значително ниски вредности на релативната влажност на воздухот се месеците јули и август кога просечната влажност на воздухот изнесува помеѓу 57% и 59%. Во зимските месеци таа изнесува од 75% до 81%.

Вкупниот број на сончеви часови, според податоците од метеоролошката станица Гевгелија изнесува 2371.0 часа со максимум во месец јули (326.0 часа) додека најмал број на сончеви часови има во месец декември (104.4 часа).

Просечната годишна облачност во ова подрачје се движи во границите помеѓу 4.4 и 4.6 десетини. Најголема облачност се јавува во зимскиот дел од годината (во ноември, декември, ј ануари, февруари и март) со просечна облачност над 5.0 десетини, со максимум во ноември (од 5.2 до 5.6 десетини), како и во месец јануари (исто така од 5.4 до 5.8 десетини).

Просечниот годишен број на тмурни денови (денови со облачност поголема од 8 десетини) изнесува од 76.0 до 94.0 дена. Просечно најголем број на тмурни денови се јавува во месец ноември (9 до 12) додека најмал број на тмурни денови се јавуваат во месеците јули и август од 2 до 3 дена.

На територијата на ова подрачје просечниот број на ведри денови (денови со облачност поголема од 2 десетини) се движи помеѓу 108 до 130 дена. Во текот на годината, најмал број на ведри денови се јавуваат во месец август од 16 до 17 дена.

Сите досегашни метеоролошко-климатолошки податоци покажуваат дека во ова подрачје се сменуваат жежок, светол и сув летен период со не толку студен, влажен и тмурен период.

Најзачестени ветрови во ова климатско подрачје се ветровите од северна и северозападна насока со 319% во Нов Дојран (од NW), 320‰ во Валандово (од NW) до 205‰ во Гевгелија (од N). Во исто време од овие насоки просечните брзини на ветерот изнесуваат 3.8 m/s во Нов Дојран (од NW), 3.5 m/s и 3.4m/s во Гевгелија) од N и NW насока. Најголеми силини на ветровите од по 10 Бофори се забележани од најфрекфентните насоки: во Нов Дојран од NW, во Валандово од NW и во Гевгелија од NW и од N.Најзачестени ветрови во ова климатско подрачје се ветровите од северна и северозападна насока со 319% во Нов Дојран (од NW), 320‰ во Валандово (од NW) до 205‰ во Гевгелија (од Н). Во исто време од овие насоки просечните брзини на ветерот изнесуваат 3.8 м/с во Нов Дојран (од NW), 3.5 m/s и 3.4m/s во Гевгелија) од N и NW насока. Најголеми силини на ветровите од по 10 Бофори се забележани од најфрекфентните насоки: во Нов Дојран од NW, во Валандово од NW и во Гевгелија од NW и од N.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во Просторниот план на Република Македонија се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и

политиката за порамномерна и порационална просторна организација на стопанството.

Според нивото на развиеноста на економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Република Македонија во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори во Државата.

Концепцијата на просторната организација на економските дејности се темели на објективните фактори според кои врз основа на одлуките на одделните сопственици и менаџери и планските предвидувања и одлуките на општодржавните органи или органите во локалната самоуправа, разместувањето се остварува како дисперзија во просторот и како концентрација на стопанството на одделни места. При доминација на пазарот и приватната сопственост во економскиот систем, вистинското решение се наоѓа во комбинација на концентрацијата и дисперзијата, како комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на стопанството.

Со разместувањето на стопанските капацитети и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што се градовите Валандово и Богданци кои гравитираат кон просторот за кој се наменети Условите за планирање.

При спроведувањео на стратегијата за организација и користење на просторот за економските активности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

Согласно определбите на Просторниот план на Р. Македонија, идниот развој и разместеноста на економските дејности на овој простор треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија врз животната и работна средина. Реализацијата на Проектот за инфраструктура за изградба на далновод 110KV (од планирана трафостаница ТС 20/110 KV во Богданци до постоечка трафостаница ТС 110/35 kV во Валандово), ќе биде во функција на подобрување на инфраструктурните услови за дистрибуција на електричната енергија од обновливи извори и непречено функционирање на Паркот на ветерните електрани Богданци.

Шуми и шумско земјиште

За успешен развој и унапредување на шумите и шумското земјиште како и за подобрување на стопанско-производните, економските, општо корисните и заштитни функции на шумата потребно е усогласување со планскиот концепт на просторниот план на **Р.Македонија** кој е насочен кон задоволување и остварување на следните поставени цели:

- Пошумување на теренте каде е извршено разграничување на земјиштето-бонитирање, на теренте каде се добиваат најголеми ефекти (зголемен прираст, подобрување на животната средина, туристичко-рекреативни цели и др.) и на теренте каде постои и друга економска оправданост и итност (регулирање на водниот режим,

ерозивни подрачја, заштита на населби, патишта, војни, комунални и други објекти, хигиенски и санитарни функции и сл.);
- Воведување на посовремена техника и технологија при користењето на шумските производи и порационално користење на дрвната маса преку зголемување на учество на техничко дрво за сметка на огревното и отпадокот при сеча и изработка на шумски сортименти;
- Зголемување на отвореноста на шумите со шумски комуникации, подобрување на квалитетот на шумските патишта и подобрување на условите за стопанисување со останатите шумски производи;
- Површините под шуми постојано да се зголемуваат преку пошумување на голините со квалитетен растителен материјал, со предност на автохтоните видови. Деградираните шуми и шикари интензивно да се преведуваат во високи шуми.

Проекцијата за пошумување согласно просторниот план на **Р.Македонија** за периодот до **2020** год. се базира на постојните природни услови, во прв ред климатските, геолошките и педолошките, постојната состојба на шумите и шумското земјиште, загрозеноста на земјиштето од ерозија, загаденоста на воздухот и состојбата на животната и работната средина, како и врз база на економските состојби во државата.

Според планските предвидувања утврдени со Просторниот план на **Р. Македонија**, во Регионот на **Валандово** се планира пошумување во шума и вон шума на околу 900 ха. Врз основа на тоа се предвидува дека во **регионот на Валандово** во **2020** год. вкупната површина под шуми ќе изнесува **24.800** ха, дрвната маса се проценува на износ од околу **980.000** $м^3$ и вкупен годишен прираст од **41.500** $м^3$.

Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во теренитe каде таа некогаш постоела, и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е строго придржување кон критериумите, принципите и проекциите за развој и унапредување на шумарството до **2020** година, дефинирани со Просторниот план на **Р. Македонија**:

- Навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма;
- Во годишните планови и среднорочни програми за пошумување, апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и теренитe во непосредните сливови на вештачките акумулации;
- Пошумување на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање;
- Пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.
- Заштита на шумите со интродукција на видови отпорни на болести и штетници, примена на одгледувачки мерки, редовна контрола, подигање на појаси од пирофитни растенија, поставување и одржување на просеките.
- Почитување на правната регулатива и нејзиното доследно спроведување за да се спречат бесправните сечи и други штетни активности во шумарството.

Спроведувањето на активностите ке придонесат за зголемување на севкупната дрвна маса и подобрување на квалитетот на шумите.

Водостопанска инфраструктура

Водата како незаменлив ресурс е добро од општ интерес од кој зависи сé вкупниот развој на општеството. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Р. Македонија е земја сиромашна со вода поради што треба рационално да се користи и троши. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на природното богатство на земјата, а со тоа и подобрување на квалитетот на живеење. Одржливиот развој подразбира чување на природното богатство, негово користење во мерка која дозволува негова репродукција и спречува конфликт меѓу сегашните и идните генерации. Во тој контекст во сé вкупниот развој во општеството потребно е усогласување на развојните стратегии и избегнување на конфликти во сите области на живеење.

Колку водите во одреден простор може да се сметаат за "воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и заштитата на живиот свет. Водата како "ресурс" ја има многу помалку од "присутните води" што треба да се има секогаш во предвид при планирањето за нејзино искористување.

Изведбата на далноводот 110КВ (од планирана трафостаница ТС 20/110 КВ во Богданци до постоечка трафостаница ТС 110/35 КВ во Валандово) со кој ќе се овозможи непречено функционирање на "Паркот на ветерните електрани Богданци" треба да се усогласи со сегашната состојба и развојните планови во водостопанството. Целта е запазување на постојните водни ресурси и максимално избегнување на конфликтните точки меѓу далекуводот и постојните и планираните водостопански објекти.

За **наводнување** на обработливите површини изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 6.858 ха во Гевгелиско, Богданечко и Валандовско Поле, а за планскиот период до 2020 год. се предвидува проширување за нови 8.475 ха.

Во областа на наводнувањето на обработливите површини, со подршка на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во 2006 год. започната е изградба на системи за наводнување во Јужниот регион на реката Вардар, како дел од проектот **"Јужна Вардарска Долина".** Во 2007 год. завршена е првата фаза од изградбата на системите за наводнување која опфаќа вкупна површина од 2.628 ха и реконструкција на површина од 1.050 ха.

Во втора фаза се предвидува изградба на системи за наводнување на површина од 3.904 ха на системите Миравци, Удово, Валандово, Грчиште, Кованци, Негорци/Прдејци, Паљурци и Гевгелија. При изработката на планската документација за далекуводот да се утврди местоположбата веќе изградените и планираните објекти од системот за наводнување во однос на далекуводот.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и

начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Македонија. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значаен фактор за натамошниот развој. Ел.енергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективните водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисијата на потребните количини на електрична моќност. Македонија досега има 400kV конективни врски, кои што се најсоодветни за размена на големи количини на електрична енергија, со Грција (кон Солун и Аминдео) и Косово (Косово-Б), Бугарија (кон Црвена Могила) а во план е градбата на водови кон Србија и Албанија. Во овој регион минува 400kV водот Солун-Дуброво западно од трасата на овој 110kV далекувод.

Трасата на приклучниот 110kV далекувод завршува во постојната трафостаница во Валандово. Заради тоа, при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува "Правилник за технички нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1 kV до 400 kV" (Сл.лист на СФРЈ бр.65/1988 год.).

Гасовод и нафтовод - **Природниот гас**, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, представува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минумум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Македонија но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изгради делница Штип-Неготино а трасата на овој планиран гасовод минува источно од овој далекувод и немаат конфликт.

Заради зголемување на сигурноста во снабдувањето со нафта и нафтени деривати на Р.Македонија изграден е нафтоводот Скопје-Солун со кој се овозможува транспорт на два милиони тони сирова нафта од пристаништето во Солун до Рафонеријата ОКТА. Трасата на изведениот **нафтовод Скопје-Солун** минува западно од предвидената траса на овој далекувод и немаат конфликт.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-

временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во општината Богданци, Дојран и Валандово на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 24.023 жители, од кои 45.9% претставува расположива работна сила значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и систем на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Македонија.

Процесот на урбанизација веќе се одвива, а и во наредниот период ќе се одвива во општествено-економски услови во кои приватната иницијатива и пазарното стопанство ќе имаат значајно место и насочувачка улога во дефинирањето на перспективниот долгорочен просторен развој. Во тој контекст, приватната иницијатива, ќе претставува движечка сила за побрз и порамномерен развој пред сé на руралните населби во непосредната околина, а посредно и врз вкупниот општествено економски и урбан развој и во пошироката околина, односно блиските урбани центри.

Проектот инфраструктура за изградба на далновод 110КВ (од планирана трафостаница ТС 20/110 КВ во Богданци до постоечка трафостаница ТС 110/35 кВ во Валандово), би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти во иницирање и интензивирање на стопанските дејности, остварување подобри резултати и позитивни ефекти врз локалната и национална економија, со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Ваквите и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во основните цели на урбанизацијата и развој и уредување на населбите, дефинирани во Просторниот план на Р. Македонија:

- сеопфатен, рамномерно територијално распределен развој на целата територија,
- усогласување на динамиката на процесот на просторната прераспределба на населението со динамиката на стопанскиот развој;
- интензивирање на функционалните врски во доменот на стопанството и услугите помеѓу соседните центри со координирано, заедничко организирање на активностите;
- создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој;

Просторниот план во делот на населби и систем на населби се залага за премин од квантитативна во квалитативна фаза на урбанизација во која ќе бидат интензивирани позитивните промени во просторно-физичкиот и функционален развој на неселените места и инфраструктурната екипираност на просторот.

Еден од главните индикатори за проекција на идните сообраќајни потреби, како и за утврдувањето на капацитативните можности и димензионирање на патната мрежа е и порастот на парцијалниот степен на моторизацијата.

Ваквата идеја и иницијатива за изградба за изградба на далновод 110 КВ во духот на предложениот концепт за просторен развој на државата, кој енепосредно поврзан и условен со развојот на сообраќајната мрежа.

Индустрија

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува клучен фактор и движечка сила за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Во областа на индустријата, во периодот по осамостојувањето на земјата, настанаа битни промени во поглед на сопственоста, организираноста на работите и преструктуирањето на производството што се од особено значење за поефикасно стопанисување и зголемување на производството.

Врз основа на сознанијата и определбите на националната стратегија за економски развој на Република Македонија (МАНУ, 1997), како и врз основа на досегашниот развој, а особено концептот на одржлив развој, основните насоки и стратешки определби на долгорочниот развој на индустријата се следните: технолошко преструктурирање, извозна ориентација на водечките сектори и гранки; пошироко воведување и развој на еколошки-просторно прифатливо индустриско производство со развој на штедливи технологии (во однос на природните ресурси, енергијата и горивото и работната сила) и (или) малоотпадни (безотпадни) технологии; зголемување на ефикасноста на производството; почитување на инвестиционите критериуми врз база на континуирано планирање и прифаќање на пазарните критериуми на стопанисување; стратегија на разместеност на индустриските капацитети која ја

респектира просторната структура на факторите на разместеноста, рационалниот распоред на материјалните производствени фондови, од аспект на вкупниот простор на Републиката и потребите од комплексен развој на одделни територијални единици; развој на малите претпријатија, заради остварување на концептот на децентрализиран развој и разместеност на индустријата.

Врз овие основи, во наредниот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Реализацијата на Проектот за инфраструктура за изградба на далновод 110KV (од планирана трафостаница ТС 20/110 KV во Богданци до постоечка трафостаница ТС 110/35 kV во Валандово), ќе биде во функција на непречено функционирање на Паркот на ветерните електрани Богданци и зголемување на производството на енергија од обновливи извори.

Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Република Македонија, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Р. Македонија се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со " Е" ознака на патиштата , на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој .

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: **Е-65, Е-75, Е-850, Е-871**.

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **Е-75** кој се поклопува со магистралниот пат М-1 : (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР) - Коридор за патен сообраќај во насока север-југ
- **М-1** - (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР)

Врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта (Сл. Весник број 113/11) овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А1** - (Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А2)

Во идната патна мрежа на Р. Македонија, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Република Македонија ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција)
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија)
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа- М4 (крак Битола -граница со Грција)

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат ***регионалните патишта***, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија. Релевантен регионален патен правец за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) е:

- **Р-110** - (Давидово-врска со Р-103-Удово-Раброво-врска со Р-604)
- **Р-111** - (Гевгелија-врска со Р-103 и М-1-Богданци-Фурка-врска со Р-604)
- **Р-604** - (Струмица-врска со М-6-Раброво-Дојран-гр. со Р.Грција, со крак за Вељуса)

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта (Сл. Весник број 113/11)** овој регионален патен правец велгува во групата на **регионални патишта "Р1"** и се преименува со ознаката:

- **Р1105 (110)** - (Давидово-врска со Р1102-Удово-врска со А1-**Валандово-Раброво**-Дојран-граница со Грција(Сретеново) и делница Стар Дојран-граница со Грција-Николиќ)
- **Р1109 (111)** - (Гевгелија-врска со А1-Богданци-Фурка-врска со Р1105)
- **Р1105 (604)** - (Давидово-врска со Р1102-Удово-врска со А1-Валандово-Раброво-Дојран-гр.со Грција-Сретеново и делница Стар Дојран-гр.со Грција-Николиќ)

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Република Македонија, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта (Сл.в. на РМ, бр. 84/08, бр. 52/09, бр. 114/09, бр.124/10, бр.23/11, 53/11 и 113/11).

Железнички сообраќај: Концепцијата за развој на **железничкиот систем** базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Република Македонија со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Република Македонија, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

1. Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:
   - СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР ..... 213,5 км
   - СР - Блаце-Скопје ..... 31,7 км
   - СР -Кременица-Битола-Велес ..... 145,6 км
   - БГ -Крива Паланка-Куманово ..... 84,7 км
   - АЛ-Струга-Кичево-Скопје ..... 143,0 км

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период до 2020 год. меѓудругото се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Република Македонија.

Воздушен сообраќај:Воздушните патишта во Република Македонија се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа во Република Македонија треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје да се оспособи за прием и отпрема на интерконтинентални авиони (со продолжување на постојната полетнослетна патека, или со изградба на нов аеродром на друга локација), аеродромот во Охрид да се реконструира во повисока-II категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Реконструкција на скопскиот аеродром, или активирање на локација за изградба на нов аеродром, кој ќе може без ограничување целосно да ги опслужува сите видови на патнички авиони, е определба која ќе произлезе по изработката на Студијата за аеродроми.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

Телефонска мрежа - АД "Македонски Телекомуникации" за своите корисници обезбедува широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациони услуги, јавни говорници. Комуникационите услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената комуникациона мрежа со примена на најсовремени технологии.

Корисници од ова подрачје во телекомуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Богданци.

Мобилна телефонија - Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Т-Мобиле, ВИП и Оне. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.)
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура
- Изготвување на проекти за развој на ГСМ мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион покриен е со сигнал на тритте компании за мобилна телефонија во РМ.

Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на **одржливиот развој**. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Нарушувањето на природните процеси во животната средина се јавува како последица на нерационалното искористување на природните ресурси и животниот простор, преку: деградирање на почвените површини под дејство на природниот или антропогениот фактор; пренамена на земјоделско земјиште со висока бонитетна класа за непродуктивни или помалку продуктивни цели; примена на застарени производствени технологии во индустријата и т.н.

Мерките и активностите кои се превземаат во насока на рационално искористување на просторот и заштитата на животната средина, при што се земени во предвид и посебните интереси на просторниот развој се:

- спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство;
- организирање и уредување на просторот со цел да се постигне севкупен развој, особено во однос на:
  - стопанисувањето на земјоделското земјиште, шумите, водите и др.
  - заштитата на природното и создаденото богатство.
- утврдување на насоката и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја со помош на стручни упатства од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина;
- при уредувањето на просторот и прилагодувањето на новите потреби и иницијативи, потребно е да се издвојат оптималните можности за развој.

Анализите на начинот на изведба, активностите кои би се одвивале во текот на поставувањето на далноводот и активностите кои би се превземале во насока на одржување во текот на експлоатациониот период, овозможуваат утврдување на изворот на евентуалните негативни влијанија врз животната средина во текот на двете фази: фаза на поставување и фаза на експлоатација.

Во периодот на поставување на далноводот, земјаните активности ќе бидат главен извор на негативно влијание врз животната средина. Во оваа фаза се вклучени следните активности:

- Подготвителни активности, во кои се вбројуваат расчистување на локацијата, отстранување на вегетацијата и подготовка на тлото;
- Градежни активности: во кои се вбројуваат земјаните активности (усеци, насипи, ископи или набивање на земјиштето и др.) и истите се однесуваат на сите елементи на изведба.

Во периодот на поставување на далноводот обемот на влијанијата врз животната средина зависи од организацијата на градилиштето, видот на употребената опрема, потрошувачката на вода и енергија и т.н.

Во текот на експлоатациониот период, поставениот далновод, како и редовните активности и активностите кои се превземаат во интервентни случаи (инспекција, поправки, замена на делови и сл.) би можеле да имаат негативно влијание врз животната средина. Времените објекти (кампови) кои би служеле како место во кое би престојувале работниците во периодот на извршување и спроведување на активностите поврзани со изградбата и интервентното одржување на опремата и механизацијата во текот на експлоатациониот период, исто така претставуваат потенцијален извор на загадување на животната средина.

Влијанија врз животната средина се одразуваат преку специфичните промени што се јавуваат во сите медиуми на животната средина. Промената на условите само во еден медиум може да предизвика промена во сите останати.

Законската регулатива, врз основа на која се уредува областа, од аспект на заштита на животната средина и која е потребно да се примени при изработка на Проектот за инфраструктура е следната:

- Законот за животна средина (Сл.в. на РМ, бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, бр.48/10, бр.124/10 и бр.51/11);
- Закон за заштита на природата (Сл. в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07, бр.35/10 и бр.47/11);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.92/07, бр.35/10 и бр.47/11);
- Закон за управување со отпадот (Сл.в. на РМ, бр.09/2011- пречистен текст и бр.51/11);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.в. на РМ, бр.79/07, бр.124/10 и бр.47/11);
- Закон за водите (Сл.в. на РМ, бр.87/08, бр.06/09, бр.161/09, бр.83/10 и бр.51/11);
- Уредба за класификација на водите (Сл.в. на РМ, бр.18/99);
- Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Сл.в. на РМ, бр.18/99);
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр.142/10, бр.64/11 и бр.98/11) и други законски и подзаконски акти.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Проект за инфраструктура за изградба на далновод 110 kV, Општина Богданци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животната средина (Сл.в. на РМ, бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, бр.48/10, бр.124/10 и бр.51/11) и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

Концептот за заштита на животната средина се базира на општите и посебни цели и насоки за заштита на посебните природни вредности, меѓу кои амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот. Токму затоа, при планирањето на Проектот за инфраструктура потребно е да се има во предвид следното:

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води;
- Да се превземат мерки и активности за контрола на бучавата и вибрациите од опремата (приоритет имаат мерките и активностите за минимизирање на бучавата во самиот извор во споредба со мерките и активностите за спречување и ширење на бучавата), посебно во близина на населените места, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата врз здравјето на населението во непосредната околина и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина;
- Согласно со член 7 од Законот за управување со отпад (Сл.в. на РМ, бр.09/2011- пречистен текст и бр.51/11), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При **управување со отпадот** по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен или во истиот или во друг процес за екстракција на секундарни суровини или пак да се искористи како извор на енергија;
- Задолжително **депонирање на евентуално создадениот отпад** во постојната депонија;
- Потребно е да се потенцира дека создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина;
- Заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во просторот во насока на зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалиштата и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите и деградација на биодиверзитетот;
- При изработката на Проектот за инфраструктура да се имплементираат **мерки за заштита на биодиверзитетот;**
- Одржување на крајбрежната вегетација на водотеците во околина на предметната локација со цел заштита од ерозивен нанос;
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените работи и ископувања и нивно покривање со вегетација. Мерките за контрола на ерозивните процеси за време на изградбата вклучуваат примена на оградувања на нагибите.

Заштита на природното наследство

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)*, урбанистичките проекти треба да се усогласат со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштитата на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Според Законот за заштита на природата (Сл. в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07, бр.35/10 и бр.47/11) и Законот за животната средина (Сл.в. на РМ, бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, бр.48/10, бр.124/10 и бр.51/11) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот кои треба строго да се почитуваат.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија (Сл. весник на РМ, бр.39/04) на просторот којшто е предмет на изработка на Проект за инфраструктура за изградба на далновод 110 kV, Општина Богданци, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Доколку при изработка на проектот за инфраструктура или при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природното наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство. Ова се дел од предвидените мерки:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;

- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата е согласно Законот за заштита на природата (Сл. в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07, бр.35/10 и бр.47/11).

Заштита на културно-историското наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р. Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и просторен развој, односно стратегијата за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви **Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство** во кој е даден Инвентар на недвижно културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно Законот за заштита културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, бр.115/07, бр.18/11 и бр.148/11), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.

Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во **руралните населби** и ридско-планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.

На подрачјето кое е предмет на анализа регистрирани се недвижни културни добра (Експертен елаборат):

1. *Археолошки локалитет "Исар", Марвинци, 5 век п.н.е. - 4 век;*
2. *Археолошки локалитет "Стакина Чешма", К.П.1158, 1157 и 1156, Валандово, доцна антика (4 век);*
3. *Средновековна кула (Марко куле), Валандово, среден век;*

Во **Археолошката карта на Република Македонија**, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човечката егзистенција, од најстарите

времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, евидентирани се локалитети:

- **КО Валандово** - *Зеленишше,* некропола од раноантичко време, се наоѓа во центарот на градот, ориентирани во правец исток-запад; *Исар Кале,* градиште од доцноантичко време и среден век, се наоѓа на 1.8 км северозападно од градот, на височинка што доминира над околината; *Стакина Чешма,* некропола од римско време, се наоѓа на 300 м јужно од градот, од двете страни на суводолица што се спушта кон Анска Река;
- **КО Казандол** - *Кзандолска Река*, населба од римско време, се наоѓа западно од селото; *Мандара Чешма*, утврдена средновековна населба, се наоѓа јужно од селото;
- **КО Фурка** - *Аншше*, средновековна населба и некропола, се наоѓа на 3 км северозападно од селото, во непосредна близина на асфалтниот пат Валандово-Дојран; *Деволски Мост*, средновековен мост, се наоѓа северозападно од селото, кај Деволска Чешма, десно од патот Валандово-Дојран; *Манастир*, средновековен сакрален објект, се наоѓа 5 км источно од селото, на десниот брег на Камилска Река; *Црвеница*, средновековна населба, се наоѓа на 500 м источно од селото;
- **КО Богданци** - *Барданов Камен*, населба од римско време, се наоѓа на 500 м западно од селото; *Света Гора*, населба и некропола од доцноантичко време и старохристијанска базилика, се наоѓа на 2 км северозападно од селото, лево од патот Гевгелија-Богданци; *Тумба*, некропола од доцноантичко време, се наоѓа на 2.5 км северозападно од селото;

Според Просторниот план на Р.Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот *локалитет со културно наследство* и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижно културно наследство:

- Задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и на урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивната заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите и во вкупниот развој на државата;
- Планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и соодветна презентација;
- Измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштита на недвижното културно наследство;

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 60/11 - пречистен текст и 53/11 - измена и дополна), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат: плански мерки за заштита на

спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Вградувањето соответен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство).

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање градителска целина или поединечен објект, како заедничко културно богатство на светот, во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни обликовни и естетски вредности.

Туризам и организација на туристички простори

Туризмот и угостителството со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае како врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја обавува дејноста. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова, пред сé, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат и нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираност, на територијата на Р. Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Републиката се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Предметната локација припаѓа на Средно-Вардарски туристички регион со 6 туристички зони и 24 туристички локалитети. Локалитетот припаѓа на туристичките простори со национално значење.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

Заштита од воени разурнувања-Согласно Просторниот план на Република Македонија и согласно Зако нот за одбрана (Сл.в. на РМ бр.42/01, бр.05/03, бр.58/06, бр.110/08), Законот заштита и спасување (Сл.в. на РМ бр.36/04, бр.49/04, бр.86/08, бр.124/10 и бр.18/11) и Законот за управување со кризи (Сл.в. на РМ бр.29/05) просторот за кој се наменети Условите за планирање се наоѓа **во индиректно загрозени простори од воени дејства.** Според тоа во согласност со член 53 од Законот за заштита и спасување (Сл.в. на РМ бр.36/04, бр.49/04,

бр.86/08, бр.124/10 и бр.18/11) задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Тоа опфаќа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заштита и изградба на потребната инфраструктура. За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во за тоа предвидените центри.

Обврска за изградба на засолништа за основна заштита имаат инвеститорите на објектите наменети за телекомуникации, телевизиски, радио и печатени медиуми, значајни индустриски и енергетски објекти, значајни сообраќајни објекти и објекти наменети за јавни здравствени служби, образованието и културата.

За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во за тоа предвидените центри.

Обврската на планирање и изградба на засолништа заради заштита на населението од воени разурнувања во станбените, стопанските, деловните, јавните и др угите видови на градежн и об јекти е у редено с о п овеќе з акони и подзаконски акти, и тоа:

- Законот за одбрана (Сл.в. на РМ, бр.42/01, бр.05/03, бр.58/06, бр.110/08);
- Законот за заштита и спасување (Сл.в. на РМ, бр.36/04, бр.49/04, бр.86/08, бр.124/10 и бр. 18/11);
- Законот за управување со кризи (Сл.в. на РМ, бр. 29/05);
- Закон за просторно и урбанистичко планирање, пречистен текст (сл. весник на рм бр.60/11) и Закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ, бр.53/11)
- Уредба за начинот на изградбата, одржувањето и користењето на засолништата и другите заштитни објекти и определувањето на потребниот број засолнишни места (Сл.в. на РМ, бр.80/05);
- Уредба за спроведување на засолнувањето (Сл.в. на РМ, бр.93/05);
- Уредба за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед (Сл.в. на РМ, бр.105/05);
- Одлука за утврдување на загрозени зони (Сл.в. на РМ, бр.105/05);
- Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови (Сл.в. на РМ, бр.78/06) и
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ, бр.142/10 и бр.64/11) и други законски и подзаконски акти.

Со цел за поефикасна заштита обавезно е предвидување на современа громобранска инсталација и нејзино континуирано одржување.

Заштита од природни катастрофи-Сеизмичките појави-земјотресите се доминантни природни непогоди во Република Македонија, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата.

Присутни се низ вековите, над десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања.

На анализираното подрачје можни се потреси со јачина до IX ^{0} по МКС.

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со примена на соодветни економски мерки за заштита на создадените вредности (градежна интервенција на носивата конструкција на постојните објекти, заради доведување на отпорност против најсилните земјотреси), односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Од останатите **метеоролошки појави** со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, луњени ветрови и магли.**

Како посебна мерка за заштита од силните ветрови, покрај комуникациите, претставува изборот на вегетација.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природните катастрофи.

За успешно функционирање на **заштитата од други несреќи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се превземат соодветни мерки за **заштита** од **пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случаи на пожарите.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, **локацијата во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарните единици од Богданци.**

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурација на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита од ваквите појави во урбанистички планови и проекти се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводна мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу објектите со различна намена и отпорност на пожари на конструкциите внатрево локацијата;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропагандeн карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување (Сл.в. на РМ, бр.36/04, бр.49/04, бр.86/08, бр.124/10 и бр. 18/11) кој е во согласност со

директивите на Европска Унија, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

Заштита од техничко катастрофи: Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина. Притоа основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот се:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се засновува организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста во рамките на **далноводот** на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокаата животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисол на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компактибилен на системот MAPC на Европската Унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.

- потребата од предвидување на превентивни мерки за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- потребата од замена на халогенираните јагленоводороди како разладни средства и пропеланти; редукција на сегашната емисија на голем број на опасни супстанци до 50 % и редукција на емисија на бензен, хлорметан, духлоретан, бакар и кадмиум од 60-70 %; намалување на емисијата на јаглерод двооксид и сулфур двооксид и дефосфатизирање и денитрифицирање на отпадниот материјал.
- изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- **енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;**
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над II категорија);

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и

упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Економски основи на просторниот развој

- Согласно определбите на Просторниот план на Р. Македонија, идниот развој и разместеноста на економските дејности на овој простор треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија врз животната и работна средина. Реализацијата на Проектот за инфраструктура за изградба на далновод 110KV (од планирана трафостаница ТС 20/110 KV во Богданци до постоечка трафостаница ТС 110/35 kV во Валандово), ќе биде во функција на подобрување на инфраструктурните услови за дистрибуција на електричната енергија од обновливи извори и непречено функционирање на Паркот на ветерните електрани Богданци.

Шуми и шумско земјиште

- Во регионот на **Валандово** се планира пошумување во шума и вон шума на околу 900 ха. Врз основа на тоа се предвидува дека во **регионот на Валандово** во **2020** год. вкупната површина под шуми ќе изнесува **24.800** ха. Со цел да се отпочне враќање на шумата во теренитe каде таа некогаш постоела, да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството и да се спречат штетни активности во шумарството неопходно е почитување на правната регулатива и нејзиното доследно спроведување. Користењето и изведувањето на активности во шума и на шумско земјиште да биде во согласност со Законот за шуми (Сл.весник на РМ, бр.64 од 22.05.2009, измена и дополна на законот бр.24/2011).

Водостопанска инфраструктура

- На просторот на кој се предвидува изградба на 110 КВ (од планирана трафостаница ТС 20/110 КВ во Богданци до постоечка трафостаница ТС 110/35 КВ во Валандово) во фаза на изградба е мрежа за наводнување на земјоделските површини како дел од проектот **"Јужна Вардарска Долина"**. Проектот "Јужна Вардарска Долина" се реализира во две фази, првата фаза е веќе реализирана. Во втора фаза се предвидува изградба на системи за наводнување на површина од 3.904 ха на системите Миравци, Удово, **Валандово,** Грчиште, Кованци, Негорци/Прдејци, Паљурци и Гевгелија. При изработката на планската документација за далекуводот да се утврди точната местоположба на изградените и планираните објекти од системот за наводнување во однос на далекуводот со што ќе се избегне конфликт при реализација и функционирање на овие два значајни инфраструктурни објекти.

Енергетска инфраструктура

- Трасата на овој 110кВ далекувод завршува во постојната трафостаница во Валандово, заради што, при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува "Правилник за технички нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1 кВ до 400 кВ". Предложената траса на овој 110кВ далекувод нема конфликтни точки со останатите постојни и планирани енергетски инфраструктурни водови.

Урбанизација

- **Ефикасната инфраструктурна опременост на овој дел од Македонија, како и на Република Македонија вкупно, треба да биде фактор за гравитациско влијание и поврзаност со поширокото окружување.**

Индустрија

- Реализацијата на Проектот за инфраструктура за изградба на далновод 110KV (од планирана трафостаница ТС 20/110 KV во Богданци до постоечка трафостаница ТС 110/35 kV во Валандово), ќе биде во функција на непречено функционирање на Паркот на ветерните електрани Богданци и зголемување на производството на енергија од обновливи извори.

Сообраќајна инфраструктура

- Наведените показатели ја потврдуваат добрата поставеност на локацијата во однос на сообраќајните правци и текови во Р. Македонија.
- При планирање на просторот да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта (Сл.в. на РМ, бр.84/08, бр.52/09, бр.114/09, бр.124/10, бр.23/11, бр.53/11 и бр.113/11).

Комуникациска инфраструктура

- Предложената траса на приклучниот 110кВ далекувод нема конфликтни точки во однос постојните и планирани комуникациски инфраструктурни водови.

Заштита на животната средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Проект за инфраструктура за изградба на далновод 110 кВ, Општина Богданци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животната средина (Сл.в. на РМ, бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, бр.48/10, бр.124/10 и бр.51/11) и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води.
- Да се превземат мерки и активности за контрола на бучавата и вибрациите од опремата (приоритет имаат мерките и активностите за минимизирање на бучавата во самиот извор во споредба со мерките и активностите за спречување и ширење на бучавата), посебно во близина на населените места, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата врз здравјето на населението во непосредната околина и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.

- Согласно со член 7 од Законот за управување со отпад (Сл.в. на РМ, бр.09/2011- пречистен текст и бр.51/11), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При **управување со отпадот** по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен или во истиот или во друг процес за екстракција на секундарни суровини или пак да се искористи како извор на енергија.
- Задолжително **депонирање на евентуално создадениот отпад** во постојната депонија.
- Потребно е да се потенцира дека создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во просторот во насока на зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот.
- Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалиштата и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите и деградација на биодиверзитетот.
- При изработката на Проектот за инфраструктура да се имплементираат **мерки за заштита на биодиверзитетот**.
- Одржување на крајбрежната вегетација на водотеците во околина на предметната локација со цел заштита од ерозивен нанос.
   Стационажи на попречниот премин: на **км. 11+025**
4. Краток опис, местоположбата и основни податоци:
   Новопланираната ТС 20/110кВ ПВЕ Богданци ќе се приклучи преку нов 110кВ вод со постоечката ТС 110/35кВ Валандово. За изградба на 110кВ ДВ ТС 20/110кВ ПВЕ Богданци-ТС 110/35кВ Валандово ќе се употребат следните типови на столбови за ACSR 240/40mm^2 : како носиви тип "ДЕ4" , а како аголно-затезни "ДЕ1" и "ДЕ3".

Појаснување за Делот III и Делот IV од оваа Дозвола:

Со **Делот III** *(Општи услови за изведување на работите и користење во периодот наважноста на Дозволата)* и **Делот IV** *(Посебни услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Дозволата)* дефинирани се условите за изведување на работите и користењето согласно оваа Дозвола, при што:

- сите услови пропишани во **Делот III** *(Општи услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Дозволата)*, кои не се изменети, дополнети или избришани во делот **Делот IV** *(Посебни услови за изведување на работите и користење во периодот наважноста на Дозволата)* остануваат во важност.
- со **Делот IV** *(Посебни услови за изведување на работите и користење во периодот наважноста на Дозволата)* се менуваат, дополнуваат или бришат услови пропишани во **Делот III** *(Општи услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Дозволата)*,
- Условите пропишани во **Делот IV** *(Посебни услови за изведување на работите и користење во периодот наважноста на Дозволата)* **имаат предимство** во однос на условите пропишани во **Делот III** *(Општи услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Дозволата)*,
- Сите услови и обврски пропишани кон Корисникот на оваа Дозвола претставуваат услови и обврски кон Сопственикот на предметот на оваа Дозвола.

Дел III. Општи услови за изведување на работите (поставување на инсталацијата) и користење во периодот на важноста на Доволата

III.а. Општи услови за изведување на работите

1. Сите трошоци за изведување на работите ги сноси Корисникот на Дозволата.
2. Рокот за изведување на работите е дефиниран во **Дел IV.а.** *(Посебни услови за изведување на работите)*
3. Работите треба да ги изведува Изведувач кој има потребно искуство, квалификации, опрема, овластувања и лиценци за изведување на оваков вид на работи.
4. Работите да се изведат во согласност со:
   (i) Условите дефинирани со оваа Дозвола,
   (ii) Поднесеното Барање и приложената документација, наведена во **Дел V** *(Документација врз основа на која е издадена оваа Дозвола)*,
   (iii) Записникот од теренскиот увид наведен во **Дел V** *(Документација врз основа на која е издадена оваа Дозвола)*,
   (iv) Законската регулатива,
   (v) Други услови дефинирани во **Дел IV.а.** *(Посебни услови за изведување на работите)*

5. Работите треба да се изведуваат согласно важечките технички прописи и стандарди, вклучувајки ги и нормативите поврзани со заштитата на животната средина, користење на атестирани материјали со потребен квалитет и друго.

6. Корисникот на оваа Дозвола, на своја сметка, пред да започне со било какви припреми или изведување на работите ќе ги реши потребните имотно правни прашања со сопствениците или корисниците на земјиштето на локацијата на која треба да се изведуваат работите. Корисникот е единствено одговорен и ги прифаќа сите обврски, одговорност или оштетни побарувања од трети лица по сите прашања поврзани со имотно правните работи за потребите на овој Проект.

7. Корисникот на оваа Дозвола, на своја сметка, пред да започне со било какви припреми или изведување на работите ќе ги обезбеди сите потребни одобренија, согласности и дозволи од надлежните институции за изведување и користење на предметот на Дозволата.

8. Во текот на изведување на работите, Изведувачот не смее да го зафаќа патот, објектите и опремата на патот, како и целиот патен и заштитен појас со било каков градежен материјал, опрема и механизација и сл. По завршување на работите сите непотребни материјали треба да бидат отстранети од локацијата. Вишокот на ископана земја, градежниот шут или отпад треба да бидат транспортирани и депонирани во најблиската легална депонија.

9. Корисникот на Дозволата е одговорен и е должен работите да ги изведува крајно внимателно, односно со својата работа да не причини никакви штети на туѓ имот кој е во патниот или заштитниот појас . Надоместот за било какви причинети штети на патот, на околниот имот или животната средина, кои ќе настанат поради неорганизираност, немарност, нестручност, невнимание, загадување и други причини за кои е одговорен Корисникот ќе бидат на негова сметка. Соодветно, Корисникот на Дозволата е единствено одговорен и за сите останати законски последици кои ќе произлезат од изведувањето на работите.

10. Корисникот на Дозволата е одговорен и должен да ги превземе и спроведе сите технички и заштитни мерки и услови, и е единствено одговорен, за безбедоноста и сугурноста на целокупната работна рака вклучена во изведувањето на работите, кои се пропишани со важечките закони, стандарди и правилници. Соодветно Корисникот ќе обезбеди соодветни осигурувања за целиот персонал и работна рака вклучена во реализација на работите.

11. Работите треба да се изведуваат под сообраќај без попречување на постојниот режим на сообраќајот, освен ако тоа не е поинаку дефинирано во **Дел IV.а.** *(Посебни услови за изведување на работите).*

    Корисникот на Дозволата е целосно одговорен за превземање на сите потребни мерки и исполнување на сите услови за обезбедување на сигурен и непрекинат сообраќај на постојниот пат за цело време на изведување на работите, при што Агенцијата за државни патишта не сноси никаква одговорност во врска со истото.

    Во случај ако изведувањето на работите условува изменет режим на сообраќајот, Корисникот на Дозволата:

    (i) е должен навремено да ги изготви сите потребни документи и планови и да ги добие или обнови сите потребни согласности и одобренија од надлежните државни органи за изменет режим на сообраќајот кои се неопходни за непречено и континуирано изведување на работите,

    (ii) ќе ја обезбеди, постави и одржува целокупната сообраќајна сигнализација и опрема за цело време на важноста на изменетиот режим на сообраќајот, при тоа целосно почитувајки ги и спроведувајки ги условите од согласностите и одобренијата од надлежните органи,

    (iii) секогаш кога се планира измена на режимот на сообраќајот на постојниот пат поради изведување на работите, навремено ќе ја извести јавноста и учесниците во сообраќајот преку електронските и печатени медиуми,

    (iv) ја сноси целокупната одговорост за сите причинети штети и оштетни побарувања од трети лица кои се должат на негови пропусти да обезбеди сигурен, непрекинат и безбеден сообраќај за целиот период на изведување на работите, до нивниот технички прием,

12. Контрола од страна на Агенцијата

    (i) За исполнување на условите наведени во оваа Дозвола, Агенцијата за државни патишта ќе ангажира стручно лице кое ќе биде присутно и ќе го надгледува и контролира извршувањето на работите. Ангажираното стручно лице има овластување:

- континуирано да го следи извршувањето на работите,
- да издава налози на Корисникот на Дозволата со кои ќе бидат во целост почитувани и спроведени пропишаните услови,
- да учествува во техничкиот преглед на изведените работи,
- да ги стопира работите во случај ако Корисникот не се придржува кон пропишаните услови,
- да ги стопира работите за да се спречат или минимизираат можни штети на патот, патниот појас, имотот на трети лица, или нарушување на безбедноста на сообраќајот и сл.,
- да предложи на Агенцијата за државни патишта Дозволата да биде повлечена,
- Други работи дефинирани во **Дел IV.а.** *(Посебни услови за изведување на работите)*.

(ii) Трошоците за ангажирањето на стручното лице ќе бидат на сметка на Корисникот на Дозволата.

(iii) Корисникот на Дозволата нема да попречува и ќе овозможи непречен пристап во секое време на стручното лице, и на други лица назначени од Агенцијата за државни патишта, до локацијата каде се изведуваат работите и до целокупната документација која се однесува на оваа Дозвола.

13. Технички преглед на изведените работи:

По завршување на целокупните работи, локацијата на која се изведени работите треба да биде детално очистена од материјали, градежен отпад, опрема и друго, што е предуслов за вршење на технички преглед. Техничкиот преглед го извршуваат претставници на Корисникот на Дозволата и ангажираното стручното лице, а по потреба и други претставници назначени од Агенцијата, при што се изготвува и потпишува Записник кој содржи краток опис на изведените работи, отстапувањата во однос на издадената Дозвола, работи кои треба да бидат довршени, во кој рок и слично. Кон Записникот од техничкиот преглед треба да биде приложена и техничка скица со точна вцртана местоположба на предметот на Дозволата во однос на патот. Еден оригинален примерок од Записникот за технички преглед (со сите прилози) се доставува до Агенцијата за државни патишта.

Записникот од Техничкиот преглед не го ослободува Корисникот на оваа Дозвола од надомест на било какви штети причинети врз патот, патниот и заштитниот појас во текот на користењето на инсталацијата и важноста на Дозволата.

14. а) Агенцијата ќе ги стопира работите и ќе ја повлече дозволата, ако Корисникот на Дозволата:

(i) не се придржува кон условите наведени во Дозволата,

(ii) Не ги почитува налозите издадени од стручното лице одредено од Агенцијата за државни патишта,

(iii) Не ги изведе и комплетира работите во дадениот рок, вклучувајќи го и рокот во кој ќе биде толерирано доцнење и кој е наведен во **Дел IV.а.** *(Посебни услови за изведување на работите)*,

(iv) Не се изврши технички преглед на работите, не биде изготвен Записник од техничкиот преглед, или Записникот не биде доставен до Агенцијата за државни патишта,

(v) во други случаи пропишани со Дозволата и со законската регулатива.

б) Во случај ако дозволата биде повлечена, Корисникот ќе ги надомести сите трошоци и штети кои ги претрпела Агенцијата за државни патишта или трети лица, вклучувајќи:

(i) штети на патот и штети во патниот и заштитниот појас,

(ii) трошоци за доведување на локацијата во првобитна состојба,

(iii) трошоци и штети предизвикани кон трети лица,

(iv) штети предизвикани од загрозување на безбедноста на сообраќајот,

(v) други штети предизвикани од Корисникот на Дозволата.

15. Трошоци кои ги надоместува Корисникот пред издавање на Дозволата:

(i) надомест за издавање на оваа Дозвола,

(ii) трошоци за извршување на теренски увид и изготвување на Записник од теренскиот увид,

(iii) трошоци за ангажирање на стручно лице кое ќе го надгледува и контролира извршувањето на работите согласно оваа Дозвола.

(iv) други трошоци дефинирани во **Дел IV.а.** *(Посебни услови за изведување на работите)*.

Висината на овие трошоци ги одредува Агенцијата за државни патишта.

Пресметаните трошоци Корисникот треба да ги уплати на жиро сметка на Агенцијата за државни патишта пред издавање на Дозволата.

16. Други услови наведени во **Дел IV.а.** *(Посебни услови за изведување на работите)*.

III.б. Општи услови за користење во периодот на важноста на Дозволата

1. **Оваа Дозвола има времен карактер.**

Согласно Законот за јавните патишта, Агенцијата за државни патишта е надлежна за комплетно финансирање, проектирање, изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта, како и други работи поврзани со управувањето на државните патишта. Во наредниот период се планираат значителни активности на државните патишта, вклучувајќи изградба на нови, или реконструкција и подобрување на постојните државни патишта и објектите на нив. Во тој правец Агенцијата за државни патишта, преку стратегијата за развој, како и петтогодишните и годишните планови и програми ќе направи напор да ја подобри постојната патна инфраструктура која ќе опфати значителни и сериозни инвестициони активности, што може да услови измени и во делот на поставените инсталации.

2. Агенцијата за државни патишта ќе ја повлече оваа Дозвола пред истекот на нејзината важност, наведена во **Дел I** *(Општо)*, без обврска за надомести на било какви штети на Корисникот, во следните случаи:

(i) доколку со Годишните програма се планирани активности за изведување на градежни работи кои се однесуваат на изградба, реконструкција, одржување, или заштита на патот со кои ќе се подобрат градежно-техничките и сообраќајно-безбедностите услови на овој патен правец. Во оваков случај Агенцијата за државни патишта ќе ја повлече оваа Дозвола, со претходно писмено известување до Корисникот на Дозволата, во рок дефиниран во **Дел IV.б.** *(Посебни услови за користење во текот на важноста на Дозволата)*. Во овој период Корисникот на Дозволата има обврска да ја дислоцира, или да ја означи точната местоположба (во зависност од потребата) на својата инсталација за да овозможи несметано изведување на планираните градежни работи. Во случај на повлекување на оваа Дозвола, трошоците за таквата дислокација се на сметка на Корисникот на Дозволата. Доколку во тој период Корисникот не успее да ја дислоцира својата инсталација, ќе се смета дека Агенцијата нема никакви обврски кон Корисникот на Дозволата, а работите ќе ги изведува согласно планираната динамика без обврски за надомест на било какви оштетни побарувања предизвикани од изведување на градежните работи на патот или објектите на патот.

(ii) доколку со користењето на предметната инсталација се предизвикуваат неповолни влијанија врз животната средина или безбедоста на сообраќајот и здравјето на луѓето, констатирано од надлежни државни органи или институции,

(iii) доколку други надлежни државни институции или инспекциски органи донесат соодветно решение за тоа,

(iv) доколку Корисникот не ги отстранува навремено недостатоците кои ќе бидат евидентирани и констатирани од Агенцијата за државни патишта или други државни или инспекциските органи,

(v) доколку не ги исплати причинетите штети, кон Агенцијата за државни патишта и кон трети лица, а кои се предизвикани од користењето или неповолното влијание на предметната инсталација,

(vi) во случај ако Корисникот односно сопственикот на оваа Дозвола падне во стечај или ликвидација,

(vii) ако Корисникот на оваа Дозвола или сопственик на инсталацијата, односно предметната инсталација биде превземена од друг корисник или сопственик, доколку новиот Корисник претходно не обезбеди нова Дозвола на свое име,

(viii) во случај ако Корисникот не ги исполни условите наведени во наредната точка **3** од

овој **Дел III.б.**

(ix) доколку Корисниот на Дозволата навремено не ги подмирува надоместоците за користење,

(x) други случаи дефинирани во **Дел IV.б.** *(Посебни услови за користење во текот на важноста на Дозволата).*

3. Условите за користење дефинирани со оваа Дозвола, во текот на нејзината важност, може да претрпат измени и дополни:

(i) во случај на измена на законската регулатива со која се регулира предметната област или се менуваат условите.

(ii) измена на технички услови, прописи и стандарди со кои се зголемува сигурноста, безбедности и заштитата, или кои се задолжителни за користење и примена.

(iii) во други случаи дефинирани во **Дел IV.б.** *(Посебни услови за користење во текот на важноста на Дозволата).*

Трошоците за исполнување на барањата предизвикани од изменетите услови се на сметка на Корисникот. На барање на Агенцијата Корисникот е должен истите да ги спроведе во рокот дефиниран во **Дел IV.б.** *(Посебни услови за користење во текот на важноста на Дозволата).*

4. Корисникот кој нема важечка Дозвола или важноста на Дозволата е истечена, а истата не е обновена, Агенцијата нема обврска да го информира за било какви активности на државните патишта, а настанатите штети кои ќе ги претрпи тој Корисник ќе бидат на негова сметка.

5. Доколку во текот на важноста на оваа Дозвола дојде до оштетување на патот или патното земјиште, или штети на трети лица предизвикани од предметот на оваа Дозвола, сите трошоци за поправка и санирање на тие штети ќе бидат на сметка на Корисникот.

6. Доколку дојде до неповолни влијанија и бидат причинети штети на животната средина предизвикани од користењето на предметот на оваа Дозвола, трошоците за санирање на тие штети и последици ќе ги надомести Корисникот на Дозволата.

7. Доколку во текот на користењето, Корисникот на Дозволата има потреба за одржување или интервенција на предметот на оваа Дозвола, Агенцијата треба да биде писмено известена за тоа во рокот кој е дефинирано во **Дел IV.б.** *(Посебни услови за користење во текот на важноста на Дозволата)*, освен во случаи кога итноста на таа интервенција не го дозволува тоа, а известувањето може да биде и во пократок временски период. Доколку при одржувањето или интервенцијата бидат предизвикани било какви штети кон Агенцијата, односно патната инфраструктура или трети лица, Корисникот на Дозволата истите ќе ги надомести во целост на своја сметка.

Корисникот, пред да започне со било какво одржување или интервенција на инсталацијата е единствено и целосно одговорен да ги превземе и спроведе сите потребни мерки поврзани со прашањата на безбедноста на сообраќајот и безбедноста на работната рака вклучена во извршувањето на работите.

8. Агенцијата за државни патишта не сноси никаква одговорност за надомест на било какви претрпени штети врз предметот на оваа Дозвола, кои би настанале поради оштетувања од сообраќајот и сообраќајното оптоварување на патот, одрони, клизишта, елементарни непогоди, работи на патот и користење на тешка градежна механизација поради изградба, реконструкција и одржување на патот, виша сила, трошоци и давачки кои може да бидат наметнати од концесионери на патот, штети причинети од трети лица и др.

9. Агенцијата за државни патишта не сноси никаква одговорност за надомест на било какви претрпени штети, изгубена добивка или било какви други надоместоци, доколку предметната делница делумно или целосно биде затворена за сообраќај, без разлика на должината на временскиот период, поради изведување на градежни работи на патот.

10. Агенцијата за државни патишта не сноси никаква одговорност за надомест на било какви претрпени штети, изгубена добивка или било какви други надоместоци, доколку државниот пат за кој се однесува оваа Дозвола го изгуби тоа својство согласно Законот за јавните патишта, или биде прекатегоризиран во понизок ранг со што Корисникот би претрпел штета. Истото се однесува и за случаи ако со изградба, реконструкција или одржување предметниот пат или негова делница го изгуби својството на јавен пат.

11. Корисникот на дозволата ќе исплаќа надоместок за користење во целиот период на

важноста на Дозволата како што е тоа регулирано до **Дел IV.б.** *(Посебни услови за користење во текот на важноста на Дозволата)*.

12. Корисникот на Дозволата, најдоцна во рокот наведен во **Дел IV.б.** *(Посебни услови за користење во текот на важноста на Дозволата)*, ќе достави писмено барање за обновување, односно продолжување на истата, во спротивно ќе се смета дека по истекот на нејзината важност Дозволата е повлечена, а сите негативни последици од понатамошното користење ќе ги сноси Корисникот.

13. Ако Корисникот не достави барање за продолжување на важноста на Дозволата или ако не биде одобрено продолжување на Дозволата, по истекот на важноста на оваа Дозвола Корисникот во рок наведен во **Дел IV.б.** *(Посебни услови за користење во текот на важноста на Дозволата)*, ќе ја отстрани предметната инсталација на своја сметка. По истекот на овој рок, доколку инсталацијата не е отстранета, истата има третман на бесправен објект, а сите негативни последици и штети се на сметка и одговорност единствено на Корисникот.

14. Други услови, ако се такви дефинирани во **Дел IV.б.** *(Посебни услови за користење во текот на важноста на Дозволата)*.

Дел IV. Посебни услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Доволата

IV.а. Посебни услови за изведување на работите

2. Рокот за изведување на работите е:

   150 дена, сметајќи од денот кога е издадена оваа Дозвола.

4. (iv) Други услови за изведување на работите:
   - Воздушниот премини на 110кВ далновод над регионалниот пат P1105 (P-110) да биде изведен према прописите и стандардите за тој вид на работа, со посебен осврт на хоризонталното растојание од столбовите (бандерите) до крајниот раб на коловозот (столбовите да не бидат поставени во патниот појас), а вертикално растојание помеѓу коловозот и кабелот да изнесува 13,4м како во приложената техничка документација. Ако Агенцијата, во било кое време утврди дека Корисникот не го запазил вертикалното растојание помеѓу коловозот и кабелот, како и растојанијата од столбовите до крајниот раб на коловозот (како во техничката документација), ќе го отстрани предметниот кабел на сметка на Корисникот, без обврска за претходно писмено известување, а Корисникот нема право на надомест на било какви претрпени штети предизвикани при таквата дислокација.

12. (i) Други овластувања на стручното лице:
   - нема

14. Толеранција за доцнење во комплетирање на работите:

   90 дена, по крајниот рок за изведување на работите.

14. а) (v) Агенцијата ќе ги стопира работите и ќе ја повлече дозволата, и во следните случаи:
   - Ако Корисникот изведува работи во патниот појас спротивно на оваа Дозвола

15. (iv) Други трошоци кои ги надоместува Корисникот на Дозволата:
   - нема

16. Други посебни услови за изведување на работите:
   - нема

IV.б. Посебни услови за користење во текот на важноста на Дозволата

2. (i) Рок за писмено известување до Корисникот на Дозволата:
најмалку **60** дена пред да започнат било какви градежни активности на патот.

2. (x) Агенцијата ќе ја повлече Дозволата и во следните случаи:
- нема.

3. На барање на Агенцијата, Корисникот е должен изменетите условите да ги спроведе во рок од:

60 дена од денот на известувањето.

7. Рокот за писменото известување до Агенцијата е:

најмалку **7** дена пред да биде превземена било каква интервенција во инсталацијата.

11. Надомест за користење на инсталацијата во периодот на важноста на оваа Дозвола:

Не се плаќа надомест,

Ако во иднина се донесат соодветни одлуки за наплата на надоместок за користење на патното земјиште и објектите со кои управува Агенцијата, Корисникот ќе биде обврзан да го плаќа тој надоместок.

12. Рок за доставување на писмено барање за обновување, односно продолжување на Дозволата

Најмалку **3 месеци** пред истекот на важноста на Дозволата.

13. Рок за отстранување на инсталацијата:

6 месеци по истекот на важноста на Дозволата.

14. (i) Агенцијата, со претходно писмено известување до Корисникот, ќе ја отстрани инсталацијата на сметка на Корисникот, ако во било кое време утврди дека истата е изведена (вградена) спротивно нд условите и доставената документација кон оваа Дозвола. Корисникот има целосна одговорност и ќе ги надомести сите штети на патот и патниот појас кои ќе произлезат од отстранувањето на инсталацијата. За можните штети предизвикани на инсталацијата при нејзиното отстранување Агенцијата не сноси никаква одоговорност.

Дел V. Документација врз основа на која е издадена оваа Дозвола:

1. Барање бр.08-1506/1 од 15.03.2012 год, заведно кај Агенцијата под број **УП09-38/1** од 20.03.2012 година.(и дополнително доставените прилози: прилог бр.08-5252/1 од 09.10.2012 кој пристигна во архивата на 10.10.2012) .

   Подносител: **ЕЛЕМ АД Скопје-Дирекција**

   Предмет на барањето:

   Воздушен премин на 110кВ далекувод над регионалниот пат Р1105 (Р-110),

   Делница: Удово-Валандово на км.11+025

2. Записник **бр. 1** од извршен теренски увид на ден 03.04. 2012 год.
3. Приложена проектна документација:
   - Технички опис
   - Ситуација со внесени стационажи
   - Карактеристичен попречен профил.
4. Техничко решение:
   ЕЛЕМ АД Скопје-Дирекција

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на поднесеното Барање и пропратната документација наведена погоре, Агенцијата за државни патишта го прифати истото и ги пропиша условите под кои се издава оваа Дозвола.

Упатство за правното средство:

Подносителот на Барањето има право на жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање во управни работи од втор степен од областа на транспортот и врските во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Дозволата.

Директор,

Крстинчо Георгиевски

АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА · СКОПЈЕ

Изготвил: Гашпарова Д.
/Советник во одделението за заштита на патишта/
Контролирал: Велков З.
/Раководител на одделението за заштита на патишта/
Одобрил: Тевдовски Б.
/Помошник Раководител на Секторот за одржување и заштита/

СОДРЖИНА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ОПШТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Решение за Услови за планирање на просторот
Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога
Податоци од Јавни институции

УБАНИЗАМ
ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ
2. МЕТОДОЛОШКИ ПРИОД
3. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ
4. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СО ОПИС НА НЕГОВИТЕ ГРАНИЦИ
5. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВА ОКОЛИНА
6. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ТЕРИТОРИЈАТА ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
6.1. ПРИРОДНИ КАРАКТЕРИСТИКИ
7.КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР НА ЛОКАЦИЈАТА
8.ЦЕЛ НА ПЛАНИРАЊЕТО
9. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА
10. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
11.НУМЕРИЧКИ ДЕЛ
12. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОСТОЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, СО АНАЛИЗА НА ПРОБЛЕМИ СО ФУНКЦИОНИРАЊЕ И ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
13. ОЦЕНКА НА МОЖНОСТИ ЗА ИДЕН ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ
14. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ВРЗ ОСНОВА НА ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
15. ИЗВОД ОД ПЛАН ОД ПОВИСОКО НИВО

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. **ВОВЕД**
2. **ЦЕЛИ**
3. **МЕТОДОЛОГИЈА**
4. ВИД НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
5. ПРИМЕНЕТИ ОДРЕДБИ ОД УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ-ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА
6. ПОГОДНОСТИ И ОГРАНИЧУВАЊА НА ИДНИОТ ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ
7. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СО ОПИС НА НЕГОВИТЕ ГРАНИЦИ
8. ПЛАНСКА ПРОГРАМА КОЈА ПРОИЗЛЕГУВА ОД ПРОГРАМА НА ДОНЕСУВАЧОТ НА ПЛАНОТ

9. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ
10. ПЛАНСКО РЕШЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА И НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО
11. КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ И ИНСТАЛАЦИИ
11.1. СООБРАЌАЈ
11.2. ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ РАЗВОЈ
12. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
13. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА
13.1.ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
13.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВ
13.3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ВОЕНИ ДЕЈСТВИЈА
13.4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ТЕХНИЧКО ТЕХНОЛОШКИ И ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ
14. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА
15. ПОСЕБНИ УЛОВИ ЗА ГРАДБА
16.НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1. Извод од Просторен план на Р.Македонија	**1:2000000**
2. Организација на поширок простор	**1:25000**
3. Постојна траса на далековод	**1:25000**
4. Ажурирана геодетска подлога	**1:5000**
5-13.Геодетска подлога на аголни места	**1:1000**
14. Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд	**1:5000**

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. План на намена на земјиштето и градбите	**1:5000**
2. Регулационен план и план на површини за градење	**1:5000**
3. Траса на далновод во близина на откупно-дистрибутивен центар	**1:2500**
4. Приклучок на 110кв далновод во постојна ТС	**1:2500**
5-13. Аголни места	**1:1000**

Носечки столб тип
Аголно-затезен столб тип
Аголно-затезен и краен столб тип
Темели за типски столбови

1. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

А. ВОВЕДЕН ДЕЛ

1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Според Законот за просторно и урбанистичко планирање, што Собранието на Република Македонија го донесе на 28 јуни 2005 година, задолжителна е изработка на просторни и урбанистички планови со цел да се обезбеди порамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот, како и мрежата на инфраструктура, услови за хумано живеење и работа на граѓаните. Се предвидуваат мерки за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки непогоди.

Просторното и урбанистичко планирање претставува континуиран процес усогласен со развојната и економска политика на Македонија.

Согласно Измената и дополна на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. Бр.18/11) создадени се услови за изработка на проект за инфраструктура со кој се изработува линиски инфраструктурни објекти утврдени со закон за градење.

Проект за инфраструктура за изградба на далновод 110 КВ (од планирана трафостаница ТС 20/110КВ во Богданци до постоечка трафостаница ТС 110/35КВ во Валандово) ќе го определи урбаното подрачје опфатено со планот, врз основа на оценетите можности за развој и погодности за остварување на планираниот развој на соодветен простор преку неговата рационална организација, уредување и користење.

Кон изработка на проект за инфраструктура се пристапи по добивање на Услови за планирање на просторот бр.Y 22511 и Решение за услови за планирање на просторот бр.15-6647/4 од 29.12.2008 год, издадени од Министерство за животна средина и просторно планирање согласно член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторен План на Република Македонија ("Службен весник на Р.М."бр. 30/2004).

2. МЕТОДОЛОШКИ ПРИОД

Пристапот, содржината и методот на работа на Проект за инфрас труктура се базира на одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Досегашниот просторен развиток на општините Богданци, Дојран и Валандово на чиј простор се наоѓа предметната локација го наметнува прашањето за неискористени потенцијали кои општините ги поседуваат, а кои се откриени, анализирани и утврдени низ методолошки пристап кој опфаќа:

- Анализа на природните погодности и ограничувања за идниот просторен развиток на општините, а особено во областите: домување, индустрија, јавни и општествени функции, сообраќајот и сообраќајна инфраструктура, комуналната инфраструктура.
- Валоризација на погодностите и ограничувањата за просторен развиток на општините. Валоризација на природните можности и

создадените потенцијали за задоволување на денешните и особено идните потреби на населението во околните населби.

- Проекција на потребите и можностите за остварување на зацртаните цели на развојот и во согласност со нив дефинирање на критериумите, стандардите и плански параметри со кои ќе се утврдат функционалните и просторни потреби на сите подрачја на развиток на општината во планскиот период.
- Усогласување на програмските определби и планските параметри на идниот развиток со насоките на Просторниот план на Републиката. Дефинирање на намената на земјиштето потребно за идниот развој во сите области на животот во населените места на целата општина
- Концепт на идниот развој наопштините со основни параметри во планирањето.
- Методолошкиот пристап кон изработката на Проект за инфраструктура треба да обезбеди логична и рационална долгорочна развојна проекција за Богданци, Дојран и Валандово, со примена на современи концепти и методи, а процесот на планирањето од припремните работи до дефинирање на планот се води во следните етапи:
- Дефинирање на целите на идниот развој.
- Утврдување на основните проблеми во досегашниот развој.
- Валоризација на погодностите, можностите и ограничувањата на идниот просторен развој.
- Усогласување на концепцијата за идниот развој со согледувањата и насоките кои произлегуваат од Просторниот план на Републиката.

3. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Проект за инфраструктура за изградба на 110 КВ далновод ги зацртува основните правци на просторниот развиток на општините низ чија територија поминува согласно Просторниот план на Републиката со цел да се постигне оптимална просторна организираност и функционална опременост на просторот за одреден временски период.

Изработката на Проект за инфраструктура за линиски вод се базира на погодностите кои ги нуди природата и создадените вредности од човекот, како и следните претходни работи:

- Анализа на природните погодности и достигнатиот степен на развиток во просторот кој е предмет на изработка на овој Проект
- Согледување на потребите, можностите и потенцијалите на идниот развиток.
- Проекција на развојот е диктирана со очекуваниот демографски, стопански и просторен развиток на Богданци, Дојран и Валандово во чиј атар се наоѓа предметната локација

На база на резултатите од претходните согледувања при создавање на програмската основа на Проектот се дефинира следното:

- Развиток на стопанството.
- Распределба на населението и активностите поврзани со неговиот живот и активности во рамките на утврдениот простор за развиток.

Проектот за инфраструктура за изградба на 110 КВ далновод ќе претставува основен регулативен документ за сите области на просторниот развиток на просторот во рамките на опфатот на Проектот, извор на информации за сите сфери на развиток, основа за создавање развојни програми.

Бидејќи живееме во време на постојани промени, технички и технолошки иновации кои влијаат на начинот на живеење, работа и рекреација на населението, проектот се конципира на начин кој ќе овозможи рефлектирање на овие промени на просторниот развиток на просторот.

Со изработка на Проектот за инфраструктура за изградба на 110 КВ далновод треба да се постигнат следните основни цели кои би можеле да важат за наредниот плански период:

- Изнаоѓање потенцијали за натамошниот развој кој се очекува да биде поттикнат од геопрометната положба на локацијата во новата политичка консталација, во услови на битни промени во начинот на стопанисување, односно обезбедување на простори погодни за домашни и странски инвестирања.
- Планирање на просторот во согласност со сеизмичката микрореонизација и заштита од можните идни потреси.
- Определување на правците на ширење на локации за стопански комплекси во атарот на Богданци, Дојран и Валандово за овој и наредните плански периоди.

9. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СО ОПИС НА НЕГОВИТЕ ГРАНИЦИ

Предметниот плански опфат за кој се изработува Проектот за инфраструктура за изградба на 110 КВ далновод се наоѓа во атар на Општините Богданци, Дојран и Валандово

Трасата на далноводот минува низ следните катастарски парцели:

Број на катастарски парцели				
2739	8141	849	686	3500
2783	1146	846	626	3499
2739	1141	814	592	3275
2784	3296	810	591	3272
2785	1136	811	590	3227
2739	920	809	3605	3280
8142	917	808	3510	3226
2795	831	680	3509	3169
2717	1034	695	3508	3177
2739	857	713	3502	3172
8140	834	717	3501	3170
2978	3958	2921	2998	2897
2899	2895	1891	1892	1893
1894	1868	1866	1865	

5. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВА ОКОЛИНА

Просторот на Општините Богданци, Дојран и Валандово го завземаат југоисточниотдел на Македонија

Досегашниот просторен развиток на овие три општини наметнува прашање на неискористени потенцијали кои истите на достигнатиот степен на развиток ги поседуваат и кои се откриени, анализирани и утврдени низ методолошкиот пристап кој опфаќа:

- Анализа и валоризација на природните фактори, погодности и ограничувања релевантни за просторно-функционалниот развој на населбата.
- Анализа на достигнатото ниво на интегрален развиток на населбите во општините а особено во областите на: домување, услужни дејности, стопанство, комунална инфраструктура, сообраќајна инфраструктура, зеленило, рекреација.
- Анализа на демографскиот развој - број и структура на населението и основните социо-економски белези.
- Согледување од насоки од планови од повисоко ниво кои се однесуваат на просторот во опкружување.
- Детерминирање на основните претпоставки на долгорочниот развој во демографијата, општествен стандард, стопанство.

На потегот каде поминува трасата на далеководот се наоѓа локација за изградба на откупно-дистрибутивен центар за земјоделски производи на м.в. Мера, КО Валандово за кои има издадено услови за планирање на просторот. На останатиот дел на трасата не постои друга планскадокументација

6. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ТЕРИТОРИЈАТА ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

6.1. ПРИРОДНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Просторниот развој на едно подрачје е под непосредно влијание на природните фактори, кои ќе го дефинираат и понатамошниот развој на истото.

Субмедитеранското подрачје во РМ ги опфаќа нејзините делови од долниот тек на реката Вардар до Грчката граница (Гевгелиската, Валандовската и Дојранската котлина) Надморската височина на ова подрачје е од 59 до 500м.

6.1.1.Физичко-географски карактеристики

- *Климатски карактеристики*

Субмедитеранското подрачје во РМ ги опфаќа нејзините делови од долниот тек на реката Вардар до Грчката граница (Гевгелиската, Валандовската и Дојранската котлина) Надморската височина на ова подрачје е од 59 до 500м. Ова подрачје од север и северозапад е ограничено со планините Градишка планина, Плауш, Беласица и Кожуф, кои влијаат како заштитна препрека врз климата, модифицирајки ги студените (континентални) воздушни маси кои се транспортираат кон јужните делови. Од друга страна ова подрачје доста подотворено кон Егејското Море од каде допира влијание на Медитеранот.

Климатските карактеристики (елементи и појави) се дадени според податоци добиени од метеоролошките станици во:

Гевгелија: X_c=59м; X=41^{0}09´; Y=22^{0}30´

Валандово: X_c=100м; X=41^{0}19´; Y=22^{0}34´

Нов Дојран: X_c=180м; X=41^{0}13´; Y=22^{0}43´

- *Температура на воздухот*

Еден од основните метеоролошки елементи представува температурата на воздухот. Тоа е главна компонента за развој на живиот свет на еден простор.

Ова е најтоплото подрачје во Република Македонија. Просечната годишна температура на воздухот се движи од 14.0^{0}C - 14.5^{0}C. Најтопол месец е јули со средна температура на воздухот од 24.6^{0}C до 25.3^{0}C. Најстуден месец е јануари со просечна повеќегодишна температура на воздухот која се движи во границите помеѓу 3.3^{0}C и 3.5^{0}C.

Просечните годишни температурни амплитуди на воздухот се движат помеѓу 21.2^{0}C и 21.8^{0}C и се поголеми во споредба со годишните амплитуди забележано северно од Демир Капија, но не и повисоки од 20.0^{0}C, колку што изнесуваат во Медитеранските области.

Апсолутно највисока максимална температура на воздухот во ова подрачје изнесува 44.3^{0}C (на 6.07.1988год.).

Апсолутно најниски температури на воздухот изнесуваат: -19.5^{0}C во Гевгелија, -12.5^{0}C во Валандово и -13.0^{0}C во Нов Дојран.

Највисоко достигнати апсолутни годишни амплитуди на воздухот изнесуваат 63.8^{0}C (во гевгелија), 56.5^{0}C (во Нов Дојран) и 56.0^{0}C (во Валандово).

Тие се значително повисоки отколку во типичните медитерански области, поради континенталните влијанија.

Средните месечни максимални температури на воздухот се движат помеѓу 6.6^{0}C (во Нов Дојран), 7.6^{0}C (во Валандово) до 7.8^{0}C (во Гевгелија), во месец јануари, до 30.9^{0}C (во Нов Дојран), 31.6^{0}C (во Валандово) и во Гевгелија до 32.0^{0}C во месец август.

Средната јануарска минимална температура на воздухот во ова подрачје се движи помеѓу 0.7^{0}C во Гевгелија до 0.6^{0}C во Нов Дојран, додека средната јулска минимална температура на воздухот се движи помеѓу 17.3^{0}C во Гевгелија до 18.0^{0}C во Валандово и 19.1^{0}C во Нов Дојран.

Во ова подрачје има најголем број на топли и тропски денови.

Вкупниот број на тропски денови во Гевгелија изнесува 72 при што најголем број се забележани во месец јули 23 дена, додека во Нов Дојран вкупниот број на тропски денови изнесува 54.

Годишниот број на летни денови изнесува од 131 до 136 од тоа во текот на месеците јули и август. Во септември има повеќе топли (летни) денови отколку во мај (дури и во јуни), што укажува дека есента е потопла од пролетта како и дека летните денови продолжуваат во месец септември.

Ова подрачје се одлукува и со најмал број на мразни денови (годишно од 32 во Нов Дојран, 43 во Валандово, до 49 во Гевгелија). Најмногу мразни денови има во јануари (од 12 до 17).

Една од основните карактеристики на ова подрачје е тоа што на оваа територија порано завршуваат пролетните и покасно почнуваат есенските мразеви така што екстремниот мразен период трае од 92 до 127 денови, што е помал отколку во другите подрачја.

Најголем просечен број на мразни денови се јавуваат во Гевгелија во месец јануари и изнесуваат 17 денови додека во текот на годината вкупниот број изнесува 49 дена.

Вкупниот број на сончеви часови, според податоците од метеоролошката станица Гевгелија изнесува 2371.0 часа со максимум во месец јули (326.0 часа) додека најмал број на сончеви часови има во месец декември (104.4 часа).

Просечната годишна облачност во ова подрачје се движи во границите помеѓу 4.4 и 4.6 десетини. Најголема облачност се јавува во зимскиот дел од годината (во ноември, декември, јануари, февруари и март) со просечна облачност над 5.0 десетини, со максимум во ноември (од 5.2 до 5.6 десетини), како и во месец јануари (исто така од 5.4 до 5.8 десетини).

Просечниот годишен број на тмурни денови (денови со облачност поголема од 8 десетини) изнесува од 76.0 до 94.0 дена. Просечно најголем број на тмурни денови се јавува во месец ноември (9 до 12) додека најмал број на тмурни денови се јавуваат во месеците јули и август од 2 до 3 дена.

На територијата на ова подрачје просечниот број на ведри денови (денови на облачност поголема од 2 десетини) се движи помеѓу 108 до 130 дена. Во текот на годината, најмал број на ведри денови се јавуваат во месец август од 16-17 дена.

- *Врнежи*

Количините и распоредот на врнежите се во тесна зависност од орографските услови на теренот, географската широчина, вегетацијата, близината на морињата и правецот на ветровите.

Во овој предел се чувствуваат карактеристиките на медитеранските особености.

Годишните суми на врнежи во ова подрачје се движат во границите помеѓу 601.6 мм и 682.4 мм.

Најврнежлив месец е ноември со просечна месечна количина на врнежи која се движи помеѓу 79.5мм и 93.1мм, додека најсув месец е јули или август со следните количини на врнежи од 30.6 до 33.8мм. Овој минимум е скоро три пати помал од најврнежливиот месец од годината и е една од значајните карактеристики на климата на ова подрачје.

Исто така во подрачјето на централните и најниските делови од Гевгелиско-Валандовскиот регион се јавуваат најмали количини на

врнежите што претставува таканаречена "врнежлива сенка", во споредба со другите делови од регионот со просечна количина на врнежи кои се под 650мм годишно. Во другите делови на ова подрачје годишната количина на врнежите е помеѓу 700-800мм (при што се земени во предвид податоци од другите дождомерни станици во ова подрачје, до надморска височина од 500м).

Сите досегашни податоци за врнежите говорат дека во ова подрачје се јавува Медитерански (маритемен) плувиометриски (врнежлив) режим, со карактеристичен влажен зимски период и мошне сушен летен период.

Според резултатите од измерените дневни суми на врнежите најголема количина на врнежите изнаесува 129.7мм (на 2.02.1986год.) во Гевгелија.

Во ова подрачје внежите имаат често пороен карактер, особено во летните месеци, со што се засилува сушниот карактер на летото. Сушата повремено се јавува и во пролетните и есенските месеци поврзувајќи се со летната суша.

Средната годишна релативна влажност на воздухот се движи помеѓу 69% во Валандово до 71% во Гевгелија. Со значително ниски вредности на релативната влажност на воздухот со месеците јули и август кога просечната влажност на воздухот изнесува помеѓу 57% и 59%. Во зимските месеци таа изнесува 75% до 81%.

- *Ветрови*

Најзачестени ветрови во ова климатско подрачје се ветровите од северна и северозападна насока со 319‰ во Нов Дојран (од NW), 320‰ во Валандово (од NW) до 205‰ во Гевгелија (од N). Во исто време од овие насоки просечните брзини на ветерот изнесуваат 3.8м/с во Нов Дојран од (од NW), 3.5м/с и 3.4м/с во Гевгелија од N и NW насока. Најголеми силини на ветровите од по 10 Бофори се забележани од најфрекфентните насоки: во Нов Дојран од NW, во Валандово од NW и во гевгелија од NW и од N. Најзачестени ветрови во ова климатско подрачје се ветровите од северна и северозападна насока со 319‰ во Нов Дојран (од NW), 320‰ во Валандово (од NW) до 205‰ во Гевгелија (од N). Во исто време од овие насоки просечните брзини на ветерот изнесуваат 3.8м/с во Нов Дојран (од NW), 3.5м/с и 3.4м/с во Гевгелија (од N и NW насока).

6.1.2. Геоморфологија

Подрачјето на проектот припаѓа на многу нестабилна гео-тектонска единица во Република Македонија, позната како Вардарска зона. Реката Вардар тече западно од локацијата, создавајќи ја првата голема геоморфолошка единица. Втората геоморфолошка единица во областа на брановидни ридови во рамките на кои се протега коридорот на далноводот. Оваа област се карактеризира со ниски врвови кои бргу паѓаат со нежен наклон кон Валандовската долина. Третата геоморфолошка единица е Валандовската долина која се протега на исток

од селата Давидово и Миравци. Има карактеристичен речен рељеф со големи алувијални лепези.

6.1.3. Сеизмолошки карактеристики

Во тектонски смисол, територијата на Македонија припаѓа на Медитеранскиот регион на Хималајско-алпскиот појас, поради што сеизмичката активност на овој регион е една од најсилните во копнениот дел на Балканскиот полуостров.
Според тоа сеизмиката на македонската територија се определува со три сеизмички зони: Струмска зона, Вардарска зона и Дримска зона.Поширокатa област на коридорот на далноводот припаѓа на Валандовско епицентрално подрачје, во источниот дел на Вардарската сеизмогена зона, во близина на нејзините граници со Струмската сеизмогена зона. Имајќи го во предвид регионалниот контекст на сеизмичката активности во овој дел на траста се очекуваат земјотреси со јачина од 9^0MCS што укажува на сеизмичка активност на поголем дел од територијата на Општините

7. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА ЛОКАЦИЈАТА

Овој локалитет за која се работи овој Проект за инфраструктура за изграба на 110 КВ далновод има повеќе предности во однос на локацијата:

-изградбата на далноводот овозможува непречено функционирање на Паркот на ветерните електрани Богданци

-можност за добра врска со гравитационото подрачје

-државна сопственост на парцелите

-близина на градовите

-близина на регионален и магистрален пат

8. ЦЕЛ НА ПЛАНИРАЊЕТО

Изградбата на еден ваков комплекс, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

Ваквите и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во основните цели на урбанизацијата и развој и уредување на простори вон населените места со што се постигнува:

-децентрализиран, рамномерно територијално распореден развој на целата територија

-промени во структурата на вработеност на селското население преку натамошна деаграризација и зголемување на вработеноста во неаграрни дејности

-функционално и инфраструктурно екипирање на руралните населби

-стимулирање на развојот на недоволно развиените и депопулираните подрачја

9. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА

После согледувањето на постојната состојба направена е анализа на добиените податоци. Согледувањата на лице место ги дадоа податоците од аспект на можност за реализација на локацијата наменета за изградба на 110 кв далновод

9.1. НАМЕНА НА ПРОСТОРОТ

Според инвентаризација на лице место согледана е состојбата на изграденост на самата траса . На парцелите низ кои поминува далноводот не постојат изградени објекти, а во близина на трасата е локацијата за идна градба на откупно дистрибутивен центар за земјоделски производи. На одредени делови од траата истата поминува над постојни земјени патчиња, водотеци и асфалтиран пат.

10.ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

10.1.. Сообраќајна поврзаност

Локацијата за која се работи Проект за инфраструктура за изградба на 110кв далновод има поволна положба во однос на сообраќајната поврзаност со Републиката и пошироко.

Основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ, односно исток-запад (коридор 8) кои се вкрстуваат во просторот меѓу Куманово, Скопје и Велес. **Релевантни регионални пати правци за предметната локација според Просторен план на РМ се:**

- регионалните патни правци Р-110-(Давидово-врска со Р-103-Удово-Раброво-врска со Р-604)
- Р-111-(Гевгелија-врска со Р-103 и М1-Богданци-Фурка-врска со Р-604)
- Р-604-(Струмица-врска со М-6 Раброво-Дојран-граница со Р.Грција)

10.2Водовод и фекална канализација

Према податоците добиени од Јавните комунални претпријатија во општините низ кои поминува трасата на далноводот , добиени се податоци за непостоење на водовона мрежа на овој дел од атарот на општините. На овој дел не постои ниту фекална канализациона мрежа.

10.3. Електрична мрежа

Во регионот каде е и предметната локација поминува 400 кв вод Солун - Дуброво западно од трасата на новиот 110 кв далновод. Трасата на приклучниот 110 кв далновод завршува во постојната трафостаница во валандово

11. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ	П / ха	%
НЕИЗГРАДЕНИ ПОВРШИНИ	54.84	98.81
ЛОКАЛНИ ЗЕМЈЕНИ ПАТИШТА	0.46	0.83
АСФАЛТИРАН ПАТ	0.04	0.07
ВОДОТЕЦИ	0.16	0.29
ВКУПНО	55.5	100.00

Планскиот опфат кој е предмет на изработка на оваа Урбанистичка документација е со површина од 55.5ха.

12. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОСТОЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, СО АНАЛИЗА НА ПРОБЛЕМИ СО ФУНКЦИОНИРАЊЕ И ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Со постојните урбанистички планови за Општина Богданци, Валандово, Дојран просторот кој е предмет на оваа планска документација не е третиран. Имено истиот е вон опфат на планските опфати на горенаведените општини. Заради тоа и не постои можност за анализа на степен на реализација на постоен урбанистички план за планскиот офат за кој се работи оваа урбанистичка документација

13. ОЦЕНКА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ИДЕН ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Анализирајќи ги претходно изнесените факти се доаѓа до одредени заклучоци кои претставуваат смерница за планирање на предметниот урбан опфат.

Анализата на можностите за просторен развој го условува планирањето кое треба да биде сегментирано и базирано врз:

- приоритети и потреби;
- корелативни мултидисциплински меѓусебни условености;
- комплементарност;
- економска исплатливост.

Во дефинирање на планскиот концепт важни се следните критериуми исцрпени од анализата на просторот:

- Дефинирање на сообраќајната мрежа во специфични рељефни и геолошки услови за потребите на висококвалитетен флексибилен простор;
- Рационално планирање на земјиштето
- Задоволување на современите норми за живеење и работа во рамките на важечките норми за урбанистичкото планирање;

- Условување на сообраќајната инфраструктура за безбеден пристап до објект.
- Задоволување на потребите од енергија преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;

Анализата на можностите за просторен развој го издвојува следното:

- Поврзаност со околината преку постојните патни правци
- Можноста за поврзување на инфраструктурните водови за снабдување со електроенергија и телекомуникации;
- Добри микроклиматски услови со интензивно проветрување.

Планската документација ќе биде работена врз основа методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ бр.51/05, 137/07,91/09, 124/10, 18/11, 53/11,) и подзаконските акти што произлегуваат од него (Сл. Весник број 142/10, 64/11, 98/11), како и друга законска регулатива која ја допира урбанистичката дејност.

При уредувањето на просторот со проектот за инфраструктура, ќе се организира распоред на активности за да се усогласат барањата кои ги поставува одржливиот стопански развој и современиот третман на заштитата. При тоа ќе се почитуваат и применат мерките за заштита на природното и културно наследство, како и ограничувањата кои произлегуваат од режимот на заштита, за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции, почитувајќи го принципите:

- почитување и валоризација на културното и градителско наследство
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот
- оформување на амбиентални целини
- почитување и надградување на пејсажните вредности
- вградување заштитни мерки
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето
- предвидување мерки за заштита и спасување
- вградување на соответна инфраструктура
- чиста животна средина;

14. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ВРЗ ОСНОВА НА ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Како резултат на аналитичко истражувачкиот процес на постојната состојба, констатирано е следното:

Вкупна површина на трасата на планираниот 110 кв далновод изнсува 55.5ха

- Просторот во предметниот плански опфат нема започната градба

Од анализата на постојната состојба произлегува:

- потребно е планирање на неизграденото земјиште согласно новите согледувања во поглед на намената на овој простор, според извод од просторниот план на РМ.
- потребно е преиспитување на постојниот коридор и планирање на идниот согледувајќи ги веќе издадените усови за изградба на откупно дистрибутивен центар м.в. Мера

- потребно е оптимално димензионирање на капацитетите на комуналната инфраструктура.

15. ИЗВОД ОД ПЛАН ОД ПОВИСОКО НИВО

Према заклучокот од анализата на постојната состојба и потребите и барањата од инвеститорот на просторот, можностите за просторен развој треба да се движат во насока на:

- рационално искористување на градежното земјиште;
- дефинирање на површини за градење, процент на изграденост и коефициент на искористеност во рамките на планскиот концепт;
- оптимално димензионирање на комуналната инфраструктура.

Проектот за инфраструктура , со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да предложи развој што ке овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и можност за планирање на просторот и функционирање на паркот на ветерници за чии потреби е и изградба на планираниот далновод

• Извод од општи и посебни одредби на Условите за планирање

Насоките од Условите за планирање на просторот со тех.бр.Y22511 за плански опфат дефиниран за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на далновод 110 кв се наоѓа во Општина Богданци, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во Просторниот план на Р.Македонија, а во согласност со истиот.

Со Проект за инфраструктура за изградба на далновод 110 кв се наоѓа во Општина Богданци за која се наменети условите за планирање, се препорачува утврдување на економската и општествена оправданост од толкав обем на урбанизиран простор.

Основни определби на Просторниот план

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји. Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира намалување на регионалните диспропорции, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси.

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Чувствителноста на просторот, високата вредност на природните и создадени вредности на регионот наметнуваат потреба во планските решенија, посебно внимание да се обрне на:

- унапредувањето и заштитата на животната средина.
- Рационално користење на подрачјето за градба ;
- Капацитетите за користење на природните ресурси;
- Зачувување на биодиверзитет;

Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

2. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТЦИЈА

1. ВОВЕД

Кон изработка на Проект за инфраструктура се пристапи по добивање Решение за услови за планирање на просторот, издадени од Министерство за животна средина и просторно планирање согласно член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторен План на Република Македонија ("Службен весник на Р.М."бр. 30/2004)

Овој Проект за инфраструктура претставува основа за изработка на основниот проект за изградба на 110 кв далновод од ТС 20/110кв во ПВЕ Богданци до ТС 110/35/10 кв Валандово

Планскиот опфат зафаќа површина од 55.5 ха

2. ЦЕЛИ

Урбанистичкиот план, кој е основен развоен документ, преку достигнување на следните цели:

- рационално користење на земјиштето
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот
- оформување амбиентални целини
- почитување и заштита на правото на човекот на работа
- почитување и надградување на пејсажните вредности
- оформување културен пејсаж
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство
- вградување заштитни мерки
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето
- предвидување мерки за заштита и спасување

има крајна цел да ги даде општите и посебните услови за градење и насоките за изработка на основните проекти за инфраструктурата.

Во опфатот е предвидена изградба на инфраструктурен објект со група на класа на намена Е-инфраструктура и основна класа на намена-Е1-комунална инфраструктура

3. МЕТОДОЛОГИЈА

Основа за изработка на проект за инфраструктура е Стратегијата за одржлив развој (Агенда 21), и Планската Програма, утврдена од надлежните институции, односно од Нарачателот. Документацискатa основа, која е прилог кон овој Проект за инфраструктура е базниот аналитичко - плански документ врз кој истиот е изработен.

Проект за инфраструктура е изработена врз основа методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со Законот за просторно и урбанистичко планирање - (, Сл. Весник на РМ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11) и

подзаконските акти што произлегуваат од него - Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови (Сл. Весник на РМ бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/10, 64/11, 98/11).

4. ВИД НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Планската документација претставува Проект за инфраструктура, кој се изработува врз основа Член 5 од Измената и дополна на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. Бр.124/10) и подзаконските акти што произлегуваат од него - Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови (Сл. Весник на РМ бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/10, 64/11, 98/11), како и другата законска регулатива што го допира планирањето.

5.ПРИМЕНЕТИ ОДРЕДБИ ОД УСЛОВИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПАРОСТОРОТ-ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Услови за планирање на просторот со тех.број Y2251 се дадени за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 110 кв далновод, Општина Богданци

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија

Од аспект на економските основи на просторниот развој се препорачува:

Реализација на Проектот за инфраструктура за изградба на далновод 110кв (од планирана трафостаница ТС 20/110 кв во Богданци до постоечка трафостаница ТС 110/35 кв во Валандово) ќе биде во функција на подобрување на инфраструктурните услови за дистрибуција на електричната енергија од обновливи извори и непречено функционирање на Паркот на ветерните електрани Богданци

Од аспект на заштита на шуми и шумско земјиште се препорачува:

Со цел да се отпочне враќање на шумите во терените каде таа некогаш постоела, да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството и да се спречат штетни активности неопходно е почитување на правната регулатива и нејзино доследно спроведување. Користењето и изведувањето на активности во шума и на шумско земјиште да биде во согласност со законот за шуми (Сл.весник на РМ бр.64 од 22.05.2009, измена и дополна на Законот бр.24/2011)

Од аспект на водостопанска инфраструктура се препорачува:

На просторот на кој се предвидува изградба на 110 кв далновод во фаза на изградба е мрежа за наводнување на земјоделски површини како дел од проектот "Јужна Вардарска Долина". При изработка на планската документација за далноводот да се утврди точната местоположба на изградените ипланираните објекти од системот за наводнување во однос на далноводот со што ќе се избегне конфликтот при реализација и функционирање на овие два значајни инфраструктурни објекти.

Од аспект на енергетски извори и енергетска инфраструктура се препорачува:

Трасата на 110 кв далновод завршува во постојната трафостаница во Валандово, заради што при изработка на урбанистичката и проектната документација треба да се почитува "Правилник за технички нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1 кв до 400 кв". Предложената траса на овој 110 кв далновод нема конфликт со постојните и планираните енергетски инфраструктурни водови.

Од аспект на урбанизација се препорачува:

Ефикасната инфраструктурнаопременост на овојдел од Македонија како и на Република Македонија вкупно, треба да биде фактор за гравитациско влијание и поврзаност со пошироко окружување

Од аспект на индустрија се препорачува:

Реализација на Проектот за изградба на 110 кв далновод ќе биде во функција на непречено функционирање на Паркот на ветерните електрани Богданци и зголемување на производство на енергија од обновливи извори

Од аспект на сообраќај и врски се препорачува

Наведените показатели ја потврдуваат добрата поставеност на локацијата во однос на сообраќајните правци и текови во Р. Македонија.

При планирање на локацијата да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта (Сл.в. на РМ, бр. 84/08, бр. 52/09, бр.114/09 и бр.124/10, бр.23/11, бр.53/11 и бр.113/11).

Од аспект на заштита на животната средина се препорачува

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Проектот за изградба на 110 кв далновод, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животната средина (Сл.в. на РМ, бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, бр.48/10 , бр.124/10 и 51/11) и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности,

квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води.

Да се предвидат мерки и активности за контрола на бучава и вибрации од опремата, посебно во близина на населените места

Имплементација на уреди за редукција или целосна елиминација на емисиите во атмосферата, со цел да се зачува квалитетот на амбиентниот воздух.

Заштитата, унапредувањето и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во просторот.

Одржување на крајбрежната вегетација на водотеците во околина на предметната локација со цел заштита од ерозивен нанос.

Согласно со член 7 од Закон за управување со отпадот - пречистен текст(Сл.в. на РМ, бр.09/2011), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

После соодветниот третман се препорачува депонирање на инертните отпадни материи во постојната депонија.

Создавачот или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

При изработка на Проектот за инфраструктура да се имплементираат мерки за заштита на биодиверзитетот

Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените работи и ископување и нивно покривање со вегетација. Мерките за контрола на ерозивните процеси за време на изградбата вклучуваат примена на оградување на нагибите

Од аспект на заштита на природното наследство се препорачува:

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија (Сл. весник на РМ, бр.39/04) и Картата на природни реткости на Република Македонија,изготвена од Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет - Скопје, на просторот кој што е предмет на изработка на Проект за 110 кв далновод нема регистрирано и евидентирано природно наследство.

Доколку при изработка на урбанистичката планска документација или при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природното наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за Заштита на природното наследство согласно со Законот за заштита на природата (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07, бр.35/10 и бр.47/11).

Од аспект на културно историско наследство се препорачува

Доколу при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ бр.20/04, бр.115/07, 18/11 и 148/11), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл.129 од Законот.

6. ПОГОДНОСТИ И ОГРАНИЧУВАЊА НА ИДНИОТ ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

- **ПРИРОДНИ И СОЗДАДЕНИ ПОГОДНОСТИ И ОГРАНИЧУВАЊА**

Согледувањето на факторите кои погодуваат или пак можат да се јават како пречки кои ќе го отежнуваат или ограничуваат просторниот развиток претставуваат важен чекор во планирањето на идниот развој.

Овие фактори можат да се поделат на две основни групи:

А.првата ја сочинуваат од природа создадените погодности и ограничувања кои можат да бидат пресудни во развојот

Б.втората група претставуваат од човекот создадени погодности односно ограничувања на просторниот развиток, исто така значајни за неговиот натамошен просторен развој.

А.Природните својства на просторот се дел од основните фактори со кои се проценуваат погодностите и можностите на природната средина за развој на еден простор, просторната разместеност и организација на неговите функции, структури и системи во смисла на оптимални и економични решенија во усмерување на развојот.

По извршеното вреднување на природните погодности и ограничувања врз основа на повеќе критериуми дојдено е до сознание дека предметниот локалитет е погоден за изградба на инфраструктурен вод бидејќи спаѓа во терени со поволен нагиб, со ниска бонитетна класа. Што се однесува до сеизмичките влијанија, стопанскиот комплекс се наоѓа во непосредна близина на Валандовско епицентрално подрачје, во источниот дел на Вардарската сеизмогена зона, во близина на нејзините граници со Струмската сеизмогена зона. Имајќи го во предвид регионалниот контекст на сеизмичката активности во овој дел на траста се очекуваат земјотреси со јачина од 9^0MCS што укажува на сеизмичка активност на поголем дел од територијата на Општините

Б.Во групата создадени фактори кои го ограничуваат и отежнуваат развојот се вбројуваат и елементите на големите инфраструктурни системи кои поминуваат во непосредната близина на траста. Тука спаѓаат

- региналните патни правци Р-110-(Давидово-врска со Р-103-Удово-Раброво-врска со Р-604)
- Р-111-(Гевгелија-врска со Р-103 и М1-Богданци-Фурка-врска со Р-604)
- Р-604-(Струмица-врска со М-6 Раброво-Дојран-граница со Р.Грција)

- предвидената железничка пруга која ќе минува јужно од локацијата
- телекомуникациска поврзаност преку телефонската централа во Богданци
- Предложената траса за изградба на 110 кв далновод ќе обезбеди непречено функционирање на Паркот на ветерните електрани Богданци и зголемување на производство на енергија од обновливи извори

7.ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СО ОПИС НА НЕГОВИТЕ ГРАНИЦИ

Предметниот плански опфат за кој се изработува Проектот за инфраструктура за изградба на 110 КВ далновод се наоѓа во атар на Општините Богданци, Дојран и Валандово

Трасата на далноводот минува низ следните катастарски парцели:

Број на катастарски парцели				
2739	8141	849	686	3500
2783	1146	846	626	3499
2739	1141	814	592	3275
2784	3296	810	591	3272
2785	1136	811	590	3227
2739	920	809	3605	3280
8142	917	808	3510	3226
2795	831	680	3509	3169
2717	1034	695	3508	3177
2739	857	713	3502	3172
8140	834	717	3501	3170
2978	3958	2921	2998	2897
2899	2895	1891	1892	1893
1894	1868	1866	1865	

8. ПЛАНСКА ПРОГРАМА КОЈА ПРОИЗЛЕГУВА ОД ПРОГРАМАТА НА ДОНЕСУВАЧОТ НА ПЛАНОТ

Вовед

Иницијатива за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 110 КВ далновод е од страна на АД "ЕЛЕМ" а во согласност со програмскиот развој на ЕЛС Богданци, Дојран и Валандово. Сето ова е усогласено со основните цели на Просторниот план а се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување

на погодностите за производство и лоцирање на преработката на простори врзани со место на одгледување или искористување.

Местоположбата на локацијата поставена на оски на развој, ја потврдува атрактивноста на тој простор кој го карактеризираат поволни фактори за развој и разместеност на стопанските дејности (пазар, работна сила, инфраструктура, суровини) со што се оправдува и предлогот за реализација на предложениот проект за инфраструктура.

Цел

Планот кој е основен развоен документ има крајна цел да ги утврди планско-проектните и посебните услови, преку параметри кои се потребни за изработка на проект со предвидената наменска употреба на земјиштето, а кој е основа за издавање на дозвола за градба. При тоа потребно е:

-запазување на основните планерски поставки дадени во Просторниот план на Република Македонија

-рационално искористување на просторот

-почитување и заштита на правото на човекот и сопствеоста

-при организација и користење на просторот и решението овозможува поголема атрактивност на просторот

- заштита на природните и создадени ресурси,

-сообраќајно поврзување

-вградување заштитни мерки

Содржини

Со планот треба да се предвиди следната наменска употреба на земјиштето:

1. Група на класа на намена
   -Е-инфраструктура
2. Класа на намена
   -Е1-комунална инфраструктура

При уредување на просторот потребно е да се предвиди траса за далновод 110 КВ (од планирана трафостаница ТС 20/110КВ во Богданци до постоечка трафостаница ТС 110/35КВ во Валандово). Трасата и заштитниот коридор ќе биде во согласност со законската регулатива и Правилникот за стандарди нормативи за урбанистичко планирање("Сл.весник на Р.М. бр.142/10, 64/11, 98/11).

Инфраструктура

Реализација на Проектот за изградба на 110 кв далновод ќе биде во функција на непречено функционирање на Паркот на ветерните електрани Богданци и зголемување на производство на енергија од обновливи извори

Методологија

Основа за изработка на проектот за инфраструктура ќе биде стратегијата за развој и наменска употреба на земјиштето според оваа Програма како и Услови за планирање на просторот. Планот ќе се изработи врз основа на методологија која произлегува од одредбите утврдени со Законот за просторно и урбанистичко планирање("Службен весник на Р.М."бр. .51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11), Правилникот за стандарди нормативи за урбанистичко планирање("Сл.весник на Р.М. бр. бр.142/10, 64/11, 98/11).

9.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Планскиот концепт е поставен врз основа анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планско-проектната програма. Планскиот концепт е во директна зависност од природните фактори, посебно од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е еден од принципите врз кој е поставен планскиот концепт. Планскиот концепт е условен и од мерките за заштита и спасување.

Плански зацртаната флексибилност на просторот го услови сообраќајното решение, кое е поставено во корелација со стандардите и нормативите за планирање за индустриски и комерцијални комплекси. Просторот нема посебни пејсажни вредности. Планскиот концепт е поставен на начин кој сето тоа го има како просторен услов. Целта на планскиот концепт е да изврши хармонизација на просторните природни услови и предвидената градба во функционална целина со естетска препознатливост.

Само јака транспортна инфраструктура може позитивно да влијае на развојот на оваа зона

Реализација на проектот за далновод 110 КВ (од планирана трафостаница ТС 20/110КВ во Богданци до постоечка трафостаница ТС 110/35КВ во Валандово) ќе овозможиповрзување на ПВЕ Богданци на националниот електро преносен систем и унапредување на енергетскиот биланс на Република Македонија во прилог на поголемо искористување на обновливите извори на енергија и замена на употреба на фосилни горива. Тоа ќе придонесе кон избегнување на емисија на гасови и негативни климатски промени, т.е. заштита на животна средина

Со овој проект се одредуваат основните наменски употреби на земјиштето, почитувајќи ги параметрите дадени во Условите за планирање.

Планскиот концепт, со утврдените граници на парцела, овозможува уредување на просторот во квалитетна композиција, да би се излегло во пресрет на идните потреби на потенцијалните инвеститори.

10.ПЛАНСКО РЕШЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА И НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО

Проектот за инфраструктура е изработен за локација дефинирана со линија на водот и прекршни точки, во рамки на земјиште кое е во државна сопственост

Со Проект за инфраструктура се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето (дефинирањето е според Член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање -Сл. Весник на РМ бр. бр.142/10, 64/11, 98/11):

-Инфраструктура- група на класа на намена Е

Во наменската употреба **инфраструктура (група на класа на намена Е)** се планира класа на намена Е1 - комунална инфраструктура:

- 110 кв далновод

Покрај основната класа на намена, се предвидува заштитна зона од двете страни на трасата со вкупна ширина од 50м

Трасата на водот е во должина од 11.12км

Гледајќи од приклучната точка ТС 20/110 кв во ПВЕ Богданци трасата на новиот 110кв вод е усмерена кон североисток и после 5.0км кај месноста Чаирџик се приближува до постоечкиот 110кв вод ТС Валандово-ТС Дојран. Во овој дел водот полека се спушта од кота 500м.н.в. до 320 м.н.в.. Овој дел е доста шумовит и нема населено место во близина на коридорот. од месноста Чаирџик водот е усмерен кон север и е паралелен на постоечкиот 110кв вод ТС Валандово - ТС Дојран на растојание од 400м.

Ова растојание е поради безбедно поминување на западната страна од селото Казандол.

Од месноста Чаирџик до селото Казандол водот полека се искачува од 320 м.н.в. до 420 м.н.в. и водот поминува низ терен кој нема шума. Од селото Казандол водот поминува низ шумски предел во должина од 1.5км, а после до месноста Чарапица.

Од месноста Чарапица водот се усмерува до постоечката ТС 110/35/10 кв Валандово.

При планирање на трасат водено е сметка и истата е изместена во однос на локацијата за изградба на откупно-дистрибутивен вентар за свежо овошје и зеленчук на кп бр.2957, 2958, 3617 м.в. мера, КО Валандово, Општина Валандово

Во продолжение се дадени координати на столбови и координати на ТС 20/110 кв во ПВЕ Богданци. Столбовите се едносистемски, челично-решеткасти, топло поцинкувани. Поставени се на бетонски расчленети темелни стопи. Темелите се типски решенија за разни носивости во зависност од карактеристиките на тлото. При избор на типски решенија на темелите ќе се користи Елаборатот за геотехнички истражни работи

Предвидени се вкупно 39 столба од кој 27 се носиви столбови а 12 се аголно-затезни столбови. Должината на водот е 11.12км а просечен распон меѓу столбови е 292.63м

КООРДИНАТИ НА СТОЛБНИ МЕСТА

Столб бр	Y	X	A	распон
1	631279,63	4566431,01	A1	0,00
2	631411,55	4566535,53		168,31
3	631536,07	4566634,19		158,87
4	631885,46	4566911,01		445,76
5	632092,64	4567075,16		264,32
6	632387,76	4567308,99	A2	376,53
7	632584,80	4567533,89		299,00
8	632702,91	4567668,69		179,23
9	632964,80	4567967,62	A3	397,42
10	633083,91	4568204,34		265,00
11	633214,76	4568464,42		291,14
12	633348,77	4568730,75		298,14
13	633434,23	4568900,60	A4	190,14
14	633441,07	4569267,66		367,12
15	633445,51	4569506,48		238,86
16	633451,15	4569809,40		302,97
17	633455,39	4570020,95	A5	211,88
18	633168,79	4570264,31		375,57
19	632956,86	4570444,24		278,01
20	632690,39	4570670,47		349,56
21	632509,64	4570823,93		237,10
22	632361,90	4570949,35		193,80
23	632049,82	4571214,31		409,38
24	631843,36	4571389,59	A6	271,22
25	631706,04	4571546,17		208,27
26	631535,07	4571741,10		259,28
27	631320,37	4571985,91		325,62
28	631092,64	4572245,57		345,38
29	630858,98	4572511,99		354,36
30	630636,92	4572765,18		336,78
31	630503,86	4572916,89		201,79
32	630201,55	4573261,59	A7	458,41
33	630071,93	4573547,37		313,80
34	629966,71	4573779,36		254,74
35	629861,34	4574011,68		255,10
36	629757,96	4574239,62		250,28
37	629662,05	4574451,09	A8	232,21
38	629695,77	4574735,49		286,39
39	629725,36	4574985,09	A9	251,35
TS	629744,05	4575073,09		89,96

Градежна линија и парцелизација

Со овој Проект за инфраструктура се утврдува Градежна линија која е прикажана во графичкиот прилог . Но бидејќи се работи за

Координати на крајни точки на столбови								
	1		2		3		4	
	y	x	y	x	y	x	y	x
1	631273.15	566431.65	631279.00	566425.53	631285.11	566430.38	631280.27	566436.49
2	631407.58	566535.99	631411.09	566531.56	631415.52	566535.07	631412.01	566539.50
3	631532,207	566634,847	631535,684	566630,457	631540,074	566633,933	631536,598	566638,323
4	631881.54	566911.46	631885.01	566907.09	631889.38	566910.56	631885.91	566914.93
5	632088.38	567075.65	632092.15	567070.90	632096.91	567074.67	632093.13	567079.43
6	632383.82	567309.09	632387.66	567305.05	632391.70	5673O8.89	632387.86	567312.93
7	632580.82	567533.63	632585.06	567529.91	632588.79	567534.15	632584.54	567537.88
8	632699.341	567668.454	632703.146	567665.121	632706.479	567668.926	632702.674	567672.259
9	632960.93	567966.87	632965.56	567963.75	632964.05	567971.49	632968.67	567968.38
10	633O80.592	568203.243	633085.007	568201.022	633087.228	568205.437	633082.813	568207.658
11	633211.05	568463.19	633215.99	568460.71	633213.53	568468.13	633218.47	568465.65
12	633345.03	568729.51	633350.01	568727.01	633352.51	568731.99	633347.53	568734.49
13	633430.85	568898.56	633436.27	568897.22	633437.61	568901.25	633432.19	568898.56
14	633438.25	569264.95	633443.78	569264.84	633443.89	569270.37	633438 36	569270.48
15	633442.69	569503.77	1 633448.22	569503.66	633448.33	569509.19	633442.80	569509.30
16	633448.05	569806.43	633454.13	569806.30	633448.18	569812 50	633454.25	569812.38
17	633453.65	570016.35	633459.99	570019.21	633457.13	570025.55	633450.79	570022.69
18	633169.08	570260.75	633172.36	570264.60	633168.50	570267.88	633165.23	570264.02
19	632957.14	570440.76	632960.34	570444.52	632956.58	570447.72	632953.38	570443.96
20	632690.770	570665,819	632695.041	570670,850	632690.010	570675,121	632685.739	570670,090
21	632509.991	570819,631	632513.939	570824,281	632509.289	570828,229	632505.341	570823,579
22	632362.222	570945,403	632365.847	570949,672	632361.578	570953,297	632357.953	570949,028
23	632050.171	571210,011	632054.119	571214,661	632049.469	571218,609	632045.521	571213,959
24	631843.769	571384,586	631848.364	571389,999	631842.951	571394,594	631838.356	571389,181
25	631705.786	571542,289	631709.921	571545,916	631706.294	571550,051	631702.159	571546,424
26	631534,816	571737,219	631538,951	571740,846	631535,324	571744,981	631531,189	571741,354
27	631320,079	571981,465	631324,815	571985,619	631320,661	571990,355	631315,925	571986,201
28	631092,386	572241,689	631096,521	572245,316	631092,894	572249,451	631088,759	572245,824
29	630859,360	572507,339	630863,631	572512,370	630858,600	572516,641	630854,329	572511,610
30	630636,633	572760,805	630641,295	572764,893	630637,207	572769,555	630632,545	572765,467
31	630503,606	572913,009	630507,741	572916,636	630504,114	572920,771	630499,979	572917,144
32	630201,203	573256,298	630206,842	573261,243	630201,897	573266,882	630196,258	573261,937
33	630070,288	573543,002	630076,298	573545,728	630073,572	573551,738	630067,562	573549,012
34	629965,167	573775,256	629970,814	573777,817	629968,253	573783,464	629962,606	573780,903
35	629859,797	574007,576	629865,444	574010,137	629862,883	574015,784	629857,236	574013,223
36	629756,367	574235,384	629762,196	574238,027	629759,553	574243,856	629753,724	574241,213
37	629659,686	574444,802	629668,338	574448,726	629664,414	574457,378	629655,762	574453,454
38	629691,993	574732,514	629698,746	574731,713	629699,547	574738,466	629692,794	574739,267
39	629720,639	574981,370	629729,080	574980,369	629730,081	574988,810	629721,640	574989,811



инфраструктурен надземен вод граница на парцела ќе претставува заштитната зона на трасата на далноводот. Границата на парцела во однос на трасата на 110 кв далновод е на 25.0м од двете страни на трасата на водот. Градежна линија е самиот далновод (линиски вод) како и носечките столбови

Столбови и изолатори

За изградба на 110 кв вод ќе се употребат следните типови на столбови за ACSR 240/40мм^2 како за носиви тип ДЕ4, а како за аголно-затезни DE1 за агол на скршнување од 30^0 и DE3 како за краен и за агол на скршување од 60^0. Столбовите се челично-решеткасти, поцинкувани со три конзоли за проводниците и заштитно јаже на врвот. Столбовите се со среден распон од 350м, гравитационен распон 800м и електричен распон од 470м.

За изолација на водот предвидени се изолаторски вериги за номинален напон 110 кв, составени од елементи на овесна опрема и стаклени изолатори. Стаклени изолатори се тип U120BS

Височината на столбовите е различна во зависност од типот на столбовите и истата се движи до 40.0м

11. КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ И ИНСТАЛАЦИИ

11.1. СООБРАЌАЈ

Сообраќајната поврзаност на комплексот дава можност за негова брза реализација. Сообраќајното решение е условено од постојните регионални патни правци, општинските патита и намената на одредени површини за градба.

Пристап до локациите каде ќе се поставуваат столбовите ќе биде преку постојните пристапни патишта и изградба на нови но во миниална потребна должина при што ќе се избегнуваат пристапни патишта низ шумските појаси

11.2.ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ РАЗВОД

Предложениот проект за изградба на далноводот ќе придонесе кон реализација на проектот за воспоставување на ПВЕ Богданци, кој предвидува искористување на силата на ветер како обновлив енергетски извор и претставува значајна енергетска инизијатива во македонија за задоволување на тековната и идната побарувачка за електрична енергија во регионот

Во однос на можноста за поврзување на телефонските приклучоци останува постојната телефонска централа во Богданци . Зоната на целиот овој регион е добро покриена со сигнал на мобилна телефонија на Мобимак и Космофон

12. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Планските решенија во Проектот за инфраструктура за изградба на 110кв далновод базираат на определбата за изградба на објекти со доминантна намена за стопански активности.

Во поширок контекст предложениот далновод е неделив сегмент за потребите на паркот за ветерни електрани Богданци

Во економската валоризација на Планот значајно влијание ќе има определбата за примена и користење на најсовремени висококвалитетни природни и еколошки материјали при изградбата на далноводот .

Основните придобивки при изградба на далноводот можат да бидат сумирани на следниов начин:

-проектот ќе користи обновливи извори за производство на електрична енергија за околу 7000 просечни македонски домаќинстав

проектот ќе снабдува дополнителна електрична енергија во националната мрежа

проектот е комерцијално оправдан

проектот е во согласност со целите за одржлив развој, барањата за зачувување на биолошката разновидност

постои веројатност проектот да обезбедимал, но значаен поттик на локалната економија

проектот ќе овозможи замена на електрична енергија произведена од фосилни горива и ќе овозможи намалување на емисиите на стакленички гасови

13. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

13.1. ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Последниве години концептот на заштита на животната средина во планирање се базира на превентивен пристап односно вклучување на еколошки фактори во донесување на планско-инвестициона одлука.

За состојбата на животната средина карактеристично е:

- нарушување на квалитетот на воздухот, водата и земјиштето, особено заради сообраќајот, употреба на фосилни горива и производни активности
- големо ниво на загадување, особено со сумпор диоксид и оксиди на азот
- големи трошкови за рехабилитација на земјиштето и екосистемот

Заради овие и други проблеми кои се последица на неадекватното планирање, донесени се многу меѓународни документи кои укажуваат на пристапот на планирањето. За подобрување на квалитетот на урбаната средина потребно е да се превземат неколку активности:

- урбанистичко и просторно планирање
- оптимално управување со индустриски и економски развој, потрошувачка на електрична енергија и отпадокот
- рационализација на сообраќај,
- заштита на обработливо земјиште и зелените површини

Во планирањето на уредувањето на комплексот и прилагодувањето на новите потреби и иницијативи, треба да се утврдат оптималните можности на развој:

- преку утврдување на гранични капацитети на постојната инфраструктура
- да се утврдат можностите за користење на работните зони преку модернизација и подобро користење на просторот со почитување на заштитни санитарни зони

Утврдување на можни колизии при урбанистичко обликување и вклопување на објектите во природниот амбиент потребно е да биде во согласност со критериумите и стандардите за заштита на животна средина. Заради сето горе напоменато изработен е Елаборат за оценка на влијанието врз животната средина за Проект за изградба на 110 кв далновод ТС 20/110 кв ПВЕ Богданци - ТС 110/35 кв Валандово за кој е добиено и Решение бр.11-5257/4 од страна на Управа за животна средина при Министерство за заштита на животна средина и просторно планирање

Степенот на загадување на животната средина и природа е лимитиран со законски прописи. Со прописите се дефинирани основните насоки за зачувување на воздухот, водата и пожвата. При изработка на планска документација се применуваат следниве закони и подзаконски акти:

-Закон за заштита на животна средина (Сл.весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11)
-Закон за квалитетот на амбиенталниот воздух (Сл.весник на РМ бр.67/04, 92/07, 35/10, 47/11)
-Закон за управување со отпад(Сл.весник на РМ бр. 09/11-пречистен текст и 51/11)
-Закон за води(Сл.весник на РМ бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11)
-Закон за заштита на природата(Сл.весник на РМ бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11)
-Закон за заштита од бучава во животна средина (Сл. весник на РМ бр.79/07, 124/10, 47/11)
-Правилник за максимално дозволени концентрации на количества и за други штетни материи што можат да се испуштат во воздухот од одделни извори на загадување (Сл.весник на РМ бр.3/90)
-Уредба за класификација на водите(Сл.весник на РМ бр.18/99)
-Уредба за спроведување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанијата врз животната средина(Сл.весник на РМ бр.74/05, 109/09

13.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

На локацијата која е предмет на изработка на Проект за изградба на 110 кв далновод ТС 20/110 кв ПВЕ Богданци - ТС 110/35 кв Валандово нема евидентирано природно наследство. Но доколку при реализација на планот и изградба на објектите се регистрира природно наследство се запираат активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита на природно наследство, односно потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ бр.20/04, 115/07)

Во Експертниот елаборат за заштита на недвижното културно наследство, изготвен од Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, даден е инвентар на недвижно културно наследство од посебно значење. Иако предметниот локалитет не припаѓа на ниедна локација евидентирана во споменатиот елаборат, потребно е во тек на градба ако се евидентира недвижно културно наследство да се запре со било какви активности.

13.3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ВОЕНИ ДЕЈСТВИЈА

Предметниот локалитет припаѓа на индиректно загрозен простор од воени дејствија. Според тоа во согласност со член 53 од Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11) задолжително треба да се применуваат мерки за заштита и спасување. Тоа опфаќа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заштита и изградба на потребна инфраструктура. За ефикасна заштита на луѓето и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита.
Начинот на изградба, одржување и користење на засолништа и други заштитни објекти е уредена со Уредбата за начинот на изградбата, одржувањето и потребниот материјал за засолнишни места (Сл.весник на Р.М. 80/2005), Уредба за спроведување на засолнување(Сл.весник на РМ бр.93/05), Уредба за начинот на применување на мерки за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед(Сл.весник на РМ бр.105/05)

13.4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ТЕХНИЧКО ТЕХНОЛОШКИ И ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

Како технолошки непогоди се : пожари, експлозии, контаминација на воздухот и водата, хемиски загадувања и други причини кои можат да доведат до загрозеноста на човекот , материјалните добра и еколошката загрозеност на просторот.

За избегнување на овие катастрофи и намалување на последиците се превземаат одредени методолошки постапки за планирање на просторот од аспект за заштита:

- одржување на опремата и инсталациите за сигурност при користење на опасни материјали во разни технолошки процеси.
- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи
- анализа на меѓусебна зависност на природните услови и постојните технолошки системи
- заштита на животна средина од емисија на опасни материи.
- заштита од пожар и експлозија;
- вградување на сите заштитни мерки предвидени со елаборати за заштита како составен дел на проекти за одделни објекти;

- правилно димензионирање на сообраќајници и тротоари;
- едукација на население за заштита од евентуални технички катастрофи;
- заштитен појас на сообраќајници од повисок ранг

Метеоролошките појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат со појава на град, луњени ветрови и магли.

Со цел за поефикасна заштита задолжително е предвидување на современа громобранска инсталација и нејзино континуирано одржување. Како посебна мерка за заштита од силните ветрови, покрај комуникациите, претставува избор на вегетација. Заради силните дејствија на северниот ветер особено повисоки насади треба да се постават од северната страна

Од аспектна заштита од пожари потребно е да се води сметка за конфигурација на теренот, степен на загозеност од пожари. Заштита од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, организационен , технички карактер , согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11).

Во изработка на Проектна документација за изградба и во Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи да се планираат и применуваат техничките нормативи за ваков вид на објекти (со висок степен на загрозеност на луѓето и материјални добра) како и при вградувањеб на опрема и уреди

Во однос на диспозиција од противпожарна заштита, локацијата во случај на пожар ќе ја опслужува ПП единица во Богданци

14. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

14.1.Со овие услови:

- се определуваат условите и мерките за спроведување на замислите и ставовите на проект за инфраструктура за 110 кв далновод
- се објаснуваат некои ставови за чие правилно спроведување од текстуалниот и графичкиот дел на планот не можат да се добијат секогаш достаточни јасни одговори
- се утврдуваат глобални смерници за изработка на плановите од понизок ред
- 14.2.Овие услови се применуваат во сите фази на разработка и реализација на проект за инфраструктура за 110 кв далноводи претставуваат негов составен дел.
- Условите ќе се применуваат во границите на урбаниот опфатот на проект за инфраструктура за 110 кв далновод

14.2. Составен дел на овие услови се графичките прилози во Р=1;2500, Р=1:5000 и Р = 1:25000 како и текстуалниот дел.

14.3.Во граници на урбаниот опфат за кој проектот се однесува одредено е земјиште за изградба на објект со класа на намена Е - инфраструктура.

Е1-комунална инфраструктура

14.4.При оформување на содржини во рамки на локалитетот се оформуваат зелени површини на сите слободни простори а особено на појасот покрај трасата надаводот. Утврдувањето на подетални параметри за организација на просторот за оваа зона ќе се врши со основниот проект со примена на параметри утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

14.5. Во зависност од реалните можности и потенцијали за управување со отпад вопошироко подрачје на локацијата, ќе се направи обид за следење на современа хиерархија на ЕУ за управување со отпад, со можност за искористување на рециклабилните гракции.

14.6. Дадената површина за градба е ориентациона површина во која може да се смести трасата на далноводот со пропратните елементи (столбовите)

14.7. Максимална висина на градба е планска одредба со која се утврдува дозволената висина на градба на вертикална рамнина чиј пресек со терен се совпаѓа со градежна линија. Висината на столбовите се движи до 30.0м и е менлива во зависност од типот на столбовите

14.8.Основниот сообраќаен систем на овој урбанистички план го сочинуваат постојните локални и пристапни патеки

14.9.При оформување на содржини во рамки на локалитетот се оформуваат зелени површини на сите слободни простори а особено на појасот покрај трасата.

14.10. При примена на овој Проект за инфраструктура за се што не е дефинирано со овие Параметри ќе се применуваат стандардите и нормативи утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ бр.142/10, 64/11, 98/11).

15. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА

15.1.Посебните услови за градење во оваа планска документација се однесуваат на градежна парцела во рамките на Урбаниот опфат и тоа:
Границата на планскиот опфат се утврдува врз основа на Член 7, 8 и 9 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.78/06,140/07, 12/09, 93/09). Границата на опфатот е дефинирана према логични разделници, дефинирани со член 7 од Правилникот.

Опфатот на просторот на Проектот за инфраструктура за 110 кв далновод , изнесува **55.5 ха**

15.2 Во продолжение се дадени координати на аголните столбови и координати на ТС 20/110 кв во ПВЕ Богданци. Столбовите се челично-решеткасти, топло поцинкувани поставени на бетонски рсчленети темелни стопи

КООРДИНАТИ НА СТОЛБНИ МЕСТА

Столб бр	Y	X	A	распон
1	631279,63	4566431,01	A1	0,00
2	631411,55	4566535,53		168,31
3	631536,07	4566634,19		158,87
4	631885,46	4566911,01		445,76
5	632092,64	4567075,16		264,32
6	632387,76	4567308,99	A2	376,53
7	632584,80	4567533,89		299,00
8	632702,91	4567668,69		179,23
9	632964,80	4567967,62	A3	397,42
10	633083,91	4568204,34		265,00
11	633214,76	4568464,42		291,14
12	633348,77	4568730,75		298,14
13	633434,23	4568900,60	A4	190,14
14	633441,07	4569267,66		367,12
15	633445,51	4569506,48		238,86
16	633451,15	4569809,40		302,97
17	633455,39	4570020,95	A5	211,88
18	633168,79	4570264,31		375,57
19	632956,86	4570444,24		278,01
20	632690,39	4570670,47		349,56
21	632509,64	4570823,93		237,10
22	632361,90	4570949,35		193,80
23	632049,82	4571214,31		409,38
24	631843,36	4571389,59	A6	271,22
25	631706,04	4571546,17		208,27
26	631535,07	4571741,10		259,28
Од разгледаниот прилог констатирано е дека во и покрај приложениот плански опфат не постои државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Со почит,

Д и р е к т о р,
Александар Стојанов

Изготвил: Гашпарова Д.
/Советник во одделението за заштита на патишта/
Контролирал: Тевдовски Б.
/Раководител на Секторот за одржување и заштита/
Одобрил: Тошевски Р.
/Помошник Директор на Секторот за одржување и заштита/

МЕПСО
МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР

Максим Горки бр.4, 1000 Скопје

Т: кабинет на Генерален директор
+ 389 (0)2 3 149 811

подружница ОЕЕС
+ 389 (0)2 3 149 814

подружница ОПМ
+ 389 (0)2 3 149 813

подружница ОПЕЕ
+ 389 (0)2 3 149 815

Ф: + 389 (0)2 3 111 160

www.mepso.com.mk

Оператор на електропреносниот систем на Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија
и управување со електроенергетскиот систем,
во државна сопственост, Скопје
Бр. 02-2185/1
24.04. 2017 год.
СКОПЈЕ

До

Иванов Инженеринг

Ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бр. 36-2/7

1000 Скопје

Предмет: Податоци за постојни и планирани 110 kV и 400 kV објекти

Врз основа на Вашето барање бр. 0302-35-4/10-2 од 21.03.2017 год., наш број 02/2185 за податоци потребни за изработка на Урбанистички план за село Казандол во Општина Валандово, Ве известуваме дека наши постојни и планирани 110 kV и 400 kV објекти не се вкрстуваат со горе наведениот Урбанистички план.

Изработил: Александар Костевски
Контролирал: Ванчо Трпевски
Одобрил: Климент Наумоски
Одобрил: Биљана Петреска

Генерален директор
Ненад Јовановски

СКОПЈЕ

КО: - Генерален директор
- Служба за стратешко планирање и развојни анализи
- Архива

Нашброј:1404-1164/2
Скопје: 13 .04. 2017 г.

ДО:
Иванов Инженеринг
ул."Борис Кидрич" бр.12/16
7000 Битола

Предмет:Достава на податоци за ТК инфраструктура
Врска: Ваше барање бр. 0302–35-9/10-2 од 21.03.2017г. преку е-урбанизам

Во врска Вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи а во врска со изработката на **Урбанистички план за село Казандол, Општина Валандово.** према доставената ситуација, ве известуваме дека на посочената локација Агенцијата за електронски комуникации нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи

Сектор за телекомуникации

Изработил: С. Јовевска
Раководител на одделение : Зоран Алексов
Раководител на сектор: Борис Арсов

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ДИРЕКТОРОТ:
Синиша Апостоловски

АЕК-751-801.03

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

Македонски Телеком АД - Скопје
Кеј 13 Ноември бр.6, 1000 Скопје

арх. бр: 115 237/1
дата: 30-03-2017

MKT_GENERAL_ALL
2017000382129

ИВАНОВ инженеринг
Ул.„Борис Кидрич“ бр. 12/16, 7000 Битола

Ваше упатување: Барање на податоци и информации
Наше контакт лице: Перо Ѓорѓевски, Јордан Шијаков, Лидија Темелковска Костуранова
Телефон: +389 70 300 759
Во врска со: Известување за постојни и планирани тк инсталации за изработка на УПС

Почитувани
Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за постојни и планирани ТК инсталации за изработка на УПС Казандол, Општина Валандово, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфа нема постојни ТК инсталации.
Планерот треба да предвиди коридор за кабелска комуникациска инфраструктура за поврзување на новопланираните објекти од страна на пристапните улици (во тротоарите и/или друга јавна површина), во согласност со Правилникот за начин на изградба на јавни електронски комуникациски мрежи и придружни средства, а при тоа имајќи ја во предвид постојната кабелска комуникациска мрежа.
Ова известување важи 6 (шест) месеци од денот на издавањето.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби

Со почит,

Служба за управување со документација и телекомуникациска инфраструктура

Раководител
Николче Тасевски

Сектор за развој на мрежи и сервисни платформи

Директор
Лазар Динов

Служба за планирање и имплементација на пристапни мрежи
Раководител
Горан Јорданоски

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје
Кеј 13-ти Ноември 6
1000 Скопје

Република Македонија
Агенција за цивилно воздухопловство

Агенција за цивилно воздухопловство
ул. „Даме Груев" број 1,
1000 Скопје,
Република Македонија
тел.: *++ 389 2 3114 – 046*
факс: *++ 389 2 3115 – 708*
е – пошта: *info@caa.gov.mk*
веб страна: ***www.caa.mk***
ЕМБС: 6648649

наш број: 12-57/78 од 27.03.2017

До: ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ доо Битола
е-урбанизам, постапка број 9502 од 24.03.2017
(УПС за село Казандол, Валандово)

Предмет: **Податоци и информации за објекти кои не влијаат на безбедноста на воздушниот сообраќај**

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно член 32 од согласно член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа **приложената урбанистичко планска документација** и утврдија дека планскиот опфат се наоѓа вон зоните на било кој аеродром, леталиште или воздухопловен уред, односно во планскиот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилно воздухопловство и истиот **може да се планира без посебни ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Напомнуваме дека доколку во планскиот опфат се планираат издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м, оџаци со височина поголема од 30м, далноводи под напон поголем од 100 КВ на премин преку автопат, како и ветерници, и други објекти со височина поголема од 100м, потребно е со планот да се задолжи инвеститорот до Агенцијата за цивилно воздухопловство да достави соодветна проектна документација (Архитектонско урбанистички проект или Основен проект) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно *член 68 став (2) од Законот за воздухопловство.*

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Душан Поповалиев
(по овластување од Директорот бр.02-248/1 од 12.02.2016 година)

изготвил: Б.Јованова

EN ISO 9001:2008
CERTIFIED

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Ве известуваме дека на предвидениот плански опфат за изработка на планска документација (ДУП; ГУП; УПС/УПВНМ; ЛУПД; ДУПД; УП; АУП ПИ), нема траса на планиран и изведен гасовод.

Со почит,

ГА-МА АД Скопје
Извршни директори,

Радко Манов и Владимир Стојановиќ

Акционерско друштво ГАМА Скопје Бул. Св. Климент Охридски 54, 1000 Скопје, Македонија тел.: 02.3118.555 факс: 02.3117.110
Вкупен номинален капитал 37 612 500 еур

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ
Бр. 2001-1749/1
200 год.
10-04-2017

До
ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ
Св.Кирил и Методиј(М.Х.Јасмин) 36-2/7
Скопје

0304-64/2017
18.04 2017 год.

Предмет: Одговор на барање

Во врска со Вашето барање со Бр.0302-35-18/10-2 од 21.03.2016год. Број на постапка: 9502 Е-Урбанизам, со кое барате податоци и информации за предметниот плански опфат, а кои Ви се потребни за изработка на: **Урбанистички план за село Казандол**, **Општина Валандово**, Ве известуваме за следното:

По разгледување на Вашето барање констатиравме дека предметниот плански опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга и во истиот нема планирани и постојни инсталации, инфраструктури и објекти сопственост на ЈП МЖ-Инфраструктура Скопје.

Со почит,

Пом.Директор за пруги
Трајковски Владимир

Изработил: М.Даниловска
Согласен: М.Тилиќ

12. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

Билансни показатели						
ред. бр.	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		површина (ха)		процент	
	група на класи на намени	основна класа на намени				
1	**А -** домување	**А1** - домување во станбени куќи и домување во станбени куќи во селско-стопански двор;	10,01		69,15%	
2	**В -** јавни институции	**В1 -** образование и наука	0,15	0,22	1,03%	1,52%
		В5 - верски институции	0,07		0,49%	
3	**НЗ -** неизградено земјиште		3,31		22,87%	
4	**Е -** инфраструктура	**Е1 -** комунална инфраструктура	0,94		6,46%	
	ВКУПНО		**14,48**		**100%**	

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО КАЗАНДОЛ ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

ДЕЛ: ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ПОВРШИНА: 14.48 ха

РУЖА НА ВЕТРОВИ



ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА	УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ дипл
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА ВАЛАНДОВО	
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	САШКО ИВАНОВ дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095 НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094	
СОРАБОТНИЦИ	СТЕФАНИЈА ИВАНОВ дипл ЦВЕТАНКА ДОНЧЕВА дипл АНДРИЈАН ИВАНОВ дипл	
ПРИЛОГ	ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РМ	

ТЕХ. БРОЈ	ДАТУМ		ЛИСТ
0801-01-09/17	09.2017		1

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Општинска граница

Катастарска граница

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

Центар на макрорегион
Центар на микрорегион
Центри на просторно-функционални единици
Управа
Просторно-функц. единици
Граници на влијанија на макрорегион. центри
Општински центар
Образование
Средно Вишо Високо
Здравствена заштита
2 Секундарна 3 Терцијална
Оски на развој
источна
југна
север-југ
северна
западна
Слободна економ.зона
Автопат
Магистрален пат
Регионален пат
Железничка мрежа
Воздухоплов. пристан.
Стопански аеродром
Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани
- Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини





УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО КАЗАНДОЛ ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

ДЕЛ	ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
РАЗМЕР	1 : 10000
ПОВРШИНА	14.48 ха

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА КАТАСТАРСКА ОПШТИНА
- ТРАСА НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ
- ТРАСА НА АВТОПАТ
- ТРАСА НА ЛОКАЛЕН ПАТ - ПОВРЗУВАЊЕ СО СЕЛО КАЗАНДОЛ
- ПЛАНСКИ ОПФАТ ЗА ТАНГИРА ТРАСАТА НА 110 кВ ДАЛНОВОД СО ИЗРАБОТЕНИ УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО ТЕХНИЧКИ БРОЈ 122511
- ПЛАНСКИ ОПФАТ НА РУДАРСКИ КОМПЛЕКС "КАЗАНДОЛ" СО ИЗРАБОТЕНИ УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО ТЕХНИЧКИ БРОЈ 46614

РУЖА НА ВЕТРОВИ



ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ диа
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	САШКО ИВАНОВ диа ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095 НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА диа ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094 ДОБРИЦА НАСЕВИЌ ДИА ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0443
СОРАБОТНИЦИ	ЦВЕТАНКА ДОНЧЕВА диа СТЕФАНИЈА ИВАНОВ диа АНДРИЈАН ИВАНОВ диа
ПРИЛОГ	МЕСТОПОЛОЖБА И ПОШИРОКО СООБРАЌАЈНО ОПКРУЖУВАЊЕ НА СЕЛОТО
ТЕХ. БРОЈ	0801-01-09/17
ДАТУМ	09.2017
ЛИСТ	2

ГП 1

Г1
В(макс)=20м

Г1
В(макс)=20м

Г1
В(макс)=20м

ПОПОВАЦ

ПОПОВАЦ

РУДНИК

РУДНИК

АРМУТ ТЕПЕСИ

АРМУТ ТЕПЕСИ

КУЧУК АЛИ ЧЕШМЕСИ

ЧЕШМА

СПОРТИВА

ГЛ

Д2

Р3

Р-чкт Дервен

К.о. Казандол

Дел.водов. висок напон

Улат Дервент

К.о. Казандол

15.00

30.00

20.00

ЗАН ДОП

ДУП за изработка на планска документација за урбанистички план за Туристичко рекреативна зона Поповац во КО Казандол, Општина Валандово КО Казандол и КО Валандово, Општина Валандово со површина 36ха ГП 1 ДУП 1 Г1 ВМАКС=20м

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО КАЗАНДОЛ ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

ДЕЛ	ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА	ПЛАНСКИ ПЕРИОД	2017-2027
РАЗМЕР	1 : 1000	ПОВРШИНА	65.94 ха

ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

РУЖА НА ВЕТРОВИ

С=317‰
СИ=99‰
И=0%
ЈИ=125‰
Ј=70‰
ЈЗ=38‰
З=99‰
СЗ=70‰

ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ КОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА	УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ дипл	
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА ВАЛАНДОВО		
ОДГОВОРНИ ПЛАНЕРИ	САШКО ИВАНОВ дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094	
СОРАБОТНИЦИ			
ПРИЛОГ	ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ СО НАНЕСЕНИ ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ И УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ		
ТЕХ. БРОЈ	0801-01-09/17	ДАТУМ 04.2017	ЛИСТ 3



УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО КАЗАНДОЛ ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

ДЕЛ	ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
РАЗМЕР	1 : 2500
ПОВРШИНА	14.48 ха

ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

РУЖА НА ВЕТРОВИ



ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА			УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ дипл.	
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА ВАЛАНДОВО				
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	САШКО ИВАНОВ дипл. ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095 НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл. ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094			ДОБРИЦА НАСЕВИЌ ДИА ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0443	
СОРАБОТНИЦИ	ЦВЕТАНКА ДОНЧЕВА дипл. СТЕФАНИЈА ИВАНОВ дипл.			АНДРИЈАН ИВАНОВ дипл.	
ПРИЛОГ	АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ				
ТЕХ. БРОЈ	0801-01-09/17	ДАТУМ	09.2017	ЛИСТ	3



Биланси показатели

ред. бр.	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		површина (ха)		процент	
	група на класи на намени	основна класа на намени				
1	**А** - домување	**А1** - домување во станбени куќи и домување во станбени куќи во селско-стопански двор;	10,01		69,15%	
2	**В** - јавни институции	**В1** - образование и наука	0,15	0,22	1,03%	1,52%
		В5 - верски институции	0,07		0,49%	
3	**Н3** - неизградено земјиште		3,31		22,87%	
4	**Е** - инфраструктура	**Е1** - комунална инфраструктура	0,94		6,46%	
	ВКУПНО		**14,48**		**100%**	

ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ ЗА АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

Место за печат:

Инвеститор:

Проект: УПС на село Казандол

Изработил: Горан Гошевски дипл.геод.инж.

Деловоден број: 0802-169/2016 | Размер: 1:1000 | Лист број: 1

ЛЕГЕНДА

Отпаѓа
ГРАНИЦА НА ОПФАТ
ЗЕЛЕНИ ЛИНИИ
ЗЕЛЕНИ УЛИЦИ
ГРАНИЦА НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
ПОСТОЧКИ ОБЈЕКТИ
5458 БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
ЗЕЛЕНА ПОВРШИНА
ДРВЕНА КАБЕЛОВА
УЛИЧНА СВЕТЛИНА
397.469 РЕАЛИСТИЧКА ВИСИНА НА ТЕРЕНОТ
1 БРОЈ НА ОБЈЕКТ

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО КАЗАНДОЛ ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

ДЕЛ: ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

РАЗМЕР: 1 : 2500 | ПОВРШИНА: 14.48 ха

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА
- А1 — ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ; И ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ СО СЕЛСКО СТОПАНСКИ ДВОР
- В1 — ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
- В5 — ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ
- Н3 — НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ
- Е1 СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА: АСФАЛТИРАНА УЛИЦА
- Е1 СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА: ЗЕМЈЕН ПРИСТАП
- ГЛАВНИ ПРАВЦИ ВО СЕЛОТО ЗА ВЛЕЗ/ИЗЛЕЗ

ЕЛЕКТРО- ЕНЕРГЕТСКА МРЕЖА И ОБЈЕКТИ

- ДАЛНОВОД 10kW
- ДАЛНОВОД 35kW
- ДАЛНОВОД 110kW
- ПОСТОЕЧКА ТРАФОСТАНИЦА

РУЖА НА ВЕТРОВИ



ИЗРАБОТУВАЧ: ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ, БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА — УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ дипл.инж.

НАРАЧАТЕЛ: ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ: САШКО ИВАНОВ дипл.инж. ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095; НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл.инж. ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094; ДОБРИЦА НАСЕВИЌ ДИА ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0443

СОРАБОТНИЦИ: ЦВЕТАНКА ДОНЧЕВА дипл.инж.; СТЕФАНИЈА ИВАНОВ дипл.инж.; АНДРИЈАН ИВАНОВ дипл.инж.

ПРИЛОГ: ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО, ЗЕЛЕНИЛОТО, ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ТЕХ. БРОЈ: 0801-01-09/17 | ДАТУМ: 09.2017 | ЛИСТ: 4

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ВОВЕД

Изработката на планската документација Урбанистички план за село Казандол, Општина Валандово, претставува континуитет на урбаниот развој во рамките на општината. Урбанизирањето односно условите за изградба и уредување на просторот од аспект на потребите за развој во рамките на планскиот опфат, претставува појдовен елемент во методолошкиот пристап при изработка на Урбанистички план за село Казандол, Општина Валандово.

Со изработка на Урбанистички план за село Казандол, Општина Валандово за период од 2017 до 2027 година ќе се добијат одговори на низа прашања од кои зависи добрата организираност на просторот, односно негово вклопување и активирање во можностите за функционалност, комплементарност, атрактивност, комуникативност и флекси-билност како фрагмент од урбаната структура.

1. ВИД НА ПЛАНОТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД

Селото Казандол административно припаѓа на Општина Валандово. Согласно член 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), уредувањето и користењето на просторот во рамки на планскиот опфат на селото се врши со Урбанистички план за село.

Изработката на Урбанистички план за село Казандол, Општина Валандово, има за цел поставување на урбанистички концепт за организација на просторот во границите на планскиот опфат, а во исто време претставува континуитет во развојот на подрачјето на планскиот опфат, усогласувајќи го планскиот документ со поставките и параметрите дадени со Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ како и со одобрената Планска програма за овој план.

За изработка на овој Урбанистички план за село применувани се актуелните законски и подзаконски акти и тоа:

- Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18);
- Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.весник на РМ бр. 142/15)
- Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Истражувајќи ги можните начини за организација и поставување на плански концепт за уредување на просторот во границата на планскиот опфат, применети се неколку принципи:

- Почитување на поставките на Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ;
- Имплементација на Планската програма со дефинирање на единици на градежно земјиште за организација и изградба на објекти со предложената намена;
- Почитување на постојаната планска и проектна документација и надоврзување на истата;
- Применување на стандардите и нормативите за урбанистичко планирање;
- Дефинирање на оптимален процент на изграденост и коефициент на искористеност на земјиштето;
- Дефинирање на оптимален капацитет на системите на комуналната инфраструктура и супраструктура.

Урбанистичкиот план за село Казандол, Општина Валандово се изработува за плански период од 10 (десет) години односно за период од 2017 до 2027 година.

2. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СО ГРАНИЦИ И ПОВРШИНА

Просторот кој е предмет на Урбанистички план за село Казандол се наоѓа во КО Казандол, Општина Валандово.

Границата на планскиот опфат претставува затворена полигонална линија.

Од најсеверната точка на планскиот опфат, границата се спушта кон југ минувајќи низ КП 519, се спушта кон југоисток по североисточните граници на КП 518, КП 517 и КП 516, се спушта кон југ минувајќи низ КП 1042, продолжува да се спушти кон југ по источните граници на КП 774, КП 1043, КП 775 и КП 776, се спушта кон југ минувајќи низ КП 800, продолжува да се спушта кон југ по источната граница на КП 798 и тука стасува до најисточната точка на планскиот опфат.

Од најисточната точка на планскиот опфат, границата свртува кон запад по јужната граница на КП 798 и тука стасува до најјужната точка на планскиот опфат.

Од најјужната точка на планскиот опфат границата се искачува кон северозапад движејќи се по југозападната граница на КП 1043, свртува кон запад по јужната граница на КП 711, се спушта кон југ по источните граници на КП 701/1 и КП 713, се искачува кон северозапад по југозападните граници на КП 713 и КП 727/1, свртува кон запад по јужната граница на КП 717, се искачува кон север по западните граници на КП 717, КП 718 и КП 727/1, сврвртува кон запад движејќи се по јужните граници на КП 728 и КП 701/1 каде што стасува до најзападната точка на планскиот опфат.

Од најзападната точка на планскиот опфат границата се искачува кон север по западната граница на КП 701/1, свртува кон запад по јужната граница на КП 697, се искачува кон север по западната граница на КП 697, свртува кон запад движејќи се по јужната граница на КП 696, свртува кон исток по северните граници на КП 696 и КП 701/1, се искачува кон север по западните граници на КП 694, КП 693 и КП 692, свртува кон исток движејќи се по северните граници на КП 692 и КП 701/1, се искачува кон североисток минувајќи низ КП 1043 и КП 519 и тука стасува до најсеверната точка на планскиот опфат.

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува **14,48 ха.**

Границата на планскиот опфат претставува затворена полигонална линија со прекршни точки кои ги имаат следните координати:

1	Y=7632147.0400	X=4571259.5500
2	Y=7632148.3100	X=4571263.7400
3	Y=7632161.0000	X=4571263.1500
4	Y=7632169.8200	X=4571259.7400
5	Y=7632180.3400	X=4571258.4900
6	Y=7632172.4300	X=4571265.3600
7	Y=7632163.5500	X=4571289.9200
8	Y=7632160.2000	X=4571285.3900
9	Y=7632148.0800	X=4571282.6600
10	Y=7632137.4500	X=4571291.2400
11	Y=7632125.3000	X=4571296.8300
12	Y=7632111.5028	X=4571308.1791
13	Y=7632097.7100	X=4571319.5300

14	Y=7632085.8200	X=4571330.5000
15	Y=7632085.7000	X=4571330.5200
16	Y=7632046.7600	X=4571338.6400
17	Y=7632026.2200	X=4571343.9700
18	Y=7632008.7200	X=4571356.1100
19	Y=7632016.1600	X=4571386.2100
20	Y=7632023.0500	X=4571392.1800
21	Y=7632028.1700	X=4571410.3400
22	Y=7632032.9200	X=4571440.4700
23	Y=7632035.4000	X=4571505.7700
24	Y=7632046.2200	X=4571521.6200
25	Y=7632047.3000	X=4571523.8700
26	Y=7632052.0700	X=4571530.8700
27	Y=7632060.4800	X=4571543.5600
28	Y=7632065.2200	X=4571557.3200
29	Y=7632045.1500	X=4571565.0900
30	Y=7632046.9800	X=4571577.5100
31	Y=7632050.1200	X=4571581.9700
32	Y=7632058.1200	X=4571578.1100
33	Y=7632060.0300	X=4571586.5700
34	Y=7632073.6200	X=4571583.9800
35	Y=7632076.5100	X=4571591.1700
36	Y=7632066.8800	X=4571595.1200
37	Y=7632057.7700	X=4571594.1800
38	Y=7632052.4100	X=4571599.7000
39	Y=7632059.5400	X=4571604.4300
40	Y=7632078.1100	X=4571603.2600
41	Y=7632094.2200	X=4571605.7000
42	Y=7632096.2100	X=4571607.5400
43	Y=7632099.2600	X=4571610.9800
44	Y=7632105.4000	X=4571621.6200
45	Y=7632096.1100	X=4571622.9400
46	Y=7632097.9700	X=4571637.2400
47	Y=7632092.7000	X=4571637.6100
48	Y=7632092.2900	X=4571644.3000
49	Y=7632098.7900	X=4571648.2600
50	Y=7632116.7100	X=4571650.6200
51	Y=7632124.1200	X=4571650.5800
52	Y=7632134.7100	X=4571652.9900
53	Y=7632145.0300	X=4571658.9800
54	Y=7632165.8900	X=4571654.2600
55	Y=7632158.1600	X=4571639.1300
56	Y=7632167.9600	X=4571648.4700
57	Y=7632180.2000	X=4571649.3100
58	Y=7632196.9800	X=4571651.1300

59	Y=7632198.4100	X=4571659.0900
60	Y=7632197.0200	X=4571673.1000
61	Y=7632195.2500	X=4571680.2500
62	Y=7632201.1800	X=4571680.1200
63	Y=7632203.0900	X=4571676.9800
64	Y=7632205.5500	X=4571674.4800
65	Y=7632210.2700	X=4571671.0200
66	Y=7632210.2700	X=4571671.0200
67	Y=7632213.7002	X=4571673.5786
68	Y=7632213.7002	X=4571673.5786
69	Y=7632217.7529	X=4571676.7464
70	Y=7632227.9718	X=4571684.6685
71	Y=7632236.6942	X=4571690.4870
72	Y=7632247.3178	X=4571694.7215
73	Y=7632252.5663	X=4571694.6570
74	Y=7632257.7009	X=4571693.0105
75	Y=7632261.5749	X=4571689.2229
76	Y=7632263.8996	X=4571684.3451
77	Y=7632264.4135	X=4571679.7879
78	Y=7632263.5680	X=4571674.1179
79	Y=7632257.9089	X=4571662.2569
80	Y=7632254.6440	X=4571655.0121
81	Y=7632253.5165	X=4571649.3479
82	Y=7632253.4230	X=4571638.9432
83	Y=7632256.4323	X=4571620.8875
84	Y=7632257.8482	X=4571614.9999
85	Y=7632260.4244	X=4571609.1888
86	Y=7632262.8458	X=4571603.1825
87	Y=7632264.3924	X=4571597.5604
88	Y=7632266.4700	X=4571594.1400
89	Y=7632271.0300	X=4571596.7200
90	Y=7632282.9100	X=4571589.0300
91	Y=7632283.6800	X=4571583.6500
92	Y=7632296.4100	X=4571579.9200
93	Y=7632317.3300	X=4571571.5700
94	Y=7632319.6900	X=4571563.2800
95	Y=7632322.9800	X=4571545.2900
96	Y=7632333.4500	X=4571547.7100
97	Y=7632342.8900	X=4571538.0300
98	Y=7632338.4400	X=4571524.5900
99	Y=7632306.7400	X=4571513.7000
100	Y=7632316.8700	X=4571501.5500
101	Y=7632316.8700	X=4571501.5500
102	Y=7632320.9600	X=4571494.9500
103	Y=7632317.3200	X=4571490.6000

104	Y=7632315.2300	X=4571485.3700
105	Y=7632313.4600	X=4571479.3600
106	Y=7632307.4500	X=4571478.0400
107	Y=7632309.8500	X=4571461.1700
108	Y=7632319.0000	X=4571462.2700
109	Y=7632321.8200	X=4571457.2700
110	Y=7632320.1800	X=4571450.5200
111	Y=7632319.3600	X=4571443.0800
112	Y=7632319.8200	X=4571433.3800
113	Y=7632320.1800	X=4571424.8700
114	Y=7632315.4500	X=4571421.7800
115	Y=7632305.4600	X=4571423.5800
116	Y=7632310.4300	X=4571411.0400
117	Y=7632315.9300	X=4571409.6200
118	Y=7632325.3400	X=4571413.6200
119	Y=7632335.8000	X=4571415.0300
120	Y=7632337.3600	X=4571412.0100
121	Y=7632341.2900	X=4571410.7100
122	Y=7632341.6600	X=4571402.4200
123	Y=7632344.2300	X=4571396.9700
124	Y=7632341.6200	X=4571393.0800
125	Y=7632346.6600	X=4571382.7000
126	Y=7632351.8000	X=4571365.4800
127	Y=7632351.2100	X=4571347.0700
128	Y=7632345.9800	X=4571322.9000
129	Y=7632362.0900	X=4571305.8400
130	Y=7632359.7500	X=4571303.3400
131	Y=7632356.7600	X=4571288.0400
132	Y=7632368.1200	X=4571261.7200
133	Y=7632381.2500	X=4571210.0100
134	Y=7632397.3500	X=4571201.8300
135	Y=7632402.0300	X=4571185.2500
136	Y=7632390.5606	X=4571177.4531
137	Y=7632424.4100	X=4571117.1600
138	Y=7632419.3771	X=4571103.9924
139	Y=7632433.8400	X=4571090.0400
140	Y=7632410.4700	X=4571089.4800
141	Y=7632385.0400	X=4571081.3500
142	Y=7632363.9700	X=4571070.8100
143	Y=7632353.5600	X=4571067.7800
144	Y=7632342.9900	X=4571080.4900
145	Y=7632306.9900	X=4571123.1900
146	Y=7632262.4400	X=4571107.5200
147	Y=7632258.5300	X=4571112.7500
148	Y=7632253.8700	X=4571134.3600

149	Y=7632246.3000	X=4571127.0200
150	Y=7632234.6200	X=4571088.9300
151	Y=7632226.3900	X=4571078.2400
152	Y=7632213.5200	X=4571069.9100
153	Y=7632202.5100	X=4571091.3000
154	Y=7632188.5500	X=4571093.8000
155	Y=7632169.9200	X=4571116.3100
156	Y=7632171.1700	X=4571124.2800
157	Y=7632179.1300	X=4571129.5200
158	Y=7632173.9800	X=4571137.8900
159	Y=7632167.9000	X=4571145.9800
160	Y=7632152.1900	X=4571135.8500
161	Y=7632140.7600	X=4571135.4100
162	Y=7632125.6500	X=4571139.8800
163	Y=7632126.8900	X=4571144.7200
164	Y=7632138.3800	X=4571151.7900
165	Y=7632125.0000	X=4571169.9400
166	Y=7632131.5300	X=4571193.9500
167	Y=7632140.7800	X=4571202.0900
168	Y=7632146.9100	X=4571207.9600
169	Y=7632151.9000	X=4571230.5900
170	Y=7632148.3700	X=4571233.5300
171	Y=7632144.7800	X=4571240.5300
172	Y=7632147.0400	X=4571259.5500

3. ТЕКСТУАЛНИ ОДРЕДБИ ОД ИЗВОД ОД ПЛАН ОД ПОВИСОКО НИВО

За предметниот плански опфат релевантен плански документ кој ги дава основните влезни параметри и смерници при планирање на просторот претставуваат Условите за планирање на просторот.

Од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање издадено е Решение за Услови за планирање на просторот. Условите за планирање на просторот, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со технички бр.Y27116 се составен дел на Решението и содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повиоко ниво и графички прилози кои претставуваат извод од Просторниот план на Република Македонија.

Во продолжение се проследени Заклучните согледувања од Условите за планирање на просторот за планскиот опфат на УПС Казандол, Општина Валандово:

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

„... Во границите на планскиот опфат на Урбанистички план за с.Казандол се предвидуваат намени на земјиштето согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.
Условите за планирање треба да се претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во Просторниот план на Р.Македонија.

Економски основи на просторниот развој

- Согласно определбите на "Просторниот план на Република Македонија", треба да базира на принципите и стандардите за заштита на животната средина и одржлив економски развој, особено превенција и спречување на негативните влијанија на постојните и планирани производни и услужни дејности применувајќи ја релевантната законска регулатива.

Заштита на земјоделско земјиште

Согласно Просторниот план на Република Македонија, просторот на РМ е поделен во 6 земјоделско-стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренамената на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација предвидена во Член 7 во Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ”, бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите до, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Планскиот опфат на селото Казандол, општина Валандово, се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) "Долен Вардар" кое го опфаќа сливот на реката Вардар од водомерниот профил "Демир Капија" до границата со Република Грција.

Согласно Просторниот план на Република Македонија основна цел во водостопанството е континуирано обезбедување на квалитетна вода за потрошувачите.

При обезбедувањето на потребните количини на вода за селото потребна е примена на мерки кои ќе овозможат квалитетно водоснабдување, но истовремено и заштита на водите преку:

– Оформување и одржување на заштитни зони околу изворникот кој ќе се користи за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во заштитните зони;

– Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;

– Рационално користење на водата преку имплементирање на современи технички решенија во водоснабдителниот систем.

Енергетика

Планскиот опфат за село Казандол, Општина Валандово нема конфликт со постојните и планирани преносни и конективни водови. Така 110 kV водот Струмица-Валандово-Гевгелија минува на 3,4km западно од селото Казандол.

Домување

Основна определба во политиката на станбената изградба во Урбанистички план за село Казандол, општина Валандово во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности.

Проекцијата на потребниот станбен простор поаѓа од стандардите и тоа: 20-25 m2/жител станбена површина во зависност од типот на населбата и, 40 - 80 m2/стан (оптимална големина), 100% опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

Јавни функции

-Организацијата на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции во регионот под претпоставка дека идниот развој на истите ќе се развива во согласност со економските, институционалните и други промени во него.

Индустрија

- Развојот на индустријата во одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.
- Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето и подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.
- Индустријата која е двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита. Според филозофијата на одржлив развој, економскиот односно индустрискиот развој и заштитата на животната средина прават единствен систем. Одржливиот развој

претставува алтернатива за загрозените природни и создадени вредности и за создавање на хумано општество и окружување. Разрешувањето на конфликтите во овој систем треба да почива на интеракција на релацијата простор и социо-економската компонената на развојот.

Сообраќајна инфраструктура

- Наведените показатели ја потврдуваат добрата поставеност на локацијата во однос на сообраќајните правци и текови во Р. Македонија.
- При планирање да се почитува Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

Комуникациска инфраструктура

- Планскиот опфат на с. Казандол нема конфликт со постојните и планирани комуникациски водови.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животната средина

- Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистички план за село Казандол, Општина Валандово, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности;
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите;
- Да се уредат зелените површини во границите на планскиот опфат, со видови (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата;
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии;
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена;
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот;
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина;
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина;

- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

Природното наследство

- Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички план за село Казандол, Општина Валандово, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.
- Доколку при изработка на Урбанистичкиот план за село или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Културното наследство

Во Археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина, се евидентирани следните локалитети:

-КО Казандол - *Кзандолска Река*, населба од римско време, се наоѓа западно од селото; *Мандара Чешма*, утврдена средновековна населба, се наоѓа јужно од селото.

Според Просторниот план на Р. Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Развој на туризмот и организација на туристички простори

Предметната локација припаѓа на Средно-Вардарски туристички регион со 6 туристички зони и 24 туристички локалитети и е дел од простор којшто е од национално туристичко значење.

Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

-Согласно Просторниот план на Република Македонија, предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на УП за село Казандол, Општина Валандово, се наоѓа во индиректно загрозени простори од воени дејства.

-Согласно со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки.

-Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со IX степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.

-За успешно функционирање на заштитата од природни и елементарни катастрофи во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за заштита од пожари, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

-Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од техничко - технолошки катастрофи е планирањето, кое преку осознавање и анализа на

состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

4.1. ПЛАНСКИ КОНЦЕПТ

Предложената планска концепција на Урбанистички план за село Казандол, Општина Валандово, се базира на:

• Анализа на постојната состојба и можностите за развој;
• Почитување на заклучните согледувања на Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ;
• Имплементација на Планската програма и решавање на зацртаните цели и задачи;
• Рационално и економично искористување на градежното земјиште;
• Надоградување на создадените вредности;
• Доследна примена на законската регулатива.

Границата и содржината на планскиот опфат се утврдени со Планската програма за изработка на Урбанистички план за село Казандол, Општина Валандово изработена и донесена од страна на Општина Валандово.

Дистрибуцијата на содржините во планскиот опфат се детерминирани од повеќе зададености на просторот кои условуваат одредени сообраќајни решенија и модуси на поврзување на поедините делови од планскиот опфат.

Во однос на наменските зони, доминантна е класата на намени А1 - домување во станбени куќи. Тоа во значителен дел претставува потврдување на постоечката изградена структура и логично надоврзување кон постоечката состојба.

Планирани се содржини од јавен карактер: јавни институции - објект за образование и верски објект, зона за спорт и рекреација и парковско зеленило, кои треба да одговорат на барањата на постоечките и новите корисници.

- **ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА**

Согласно Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 2002 година, во селото Казандол биле регистрирани вкупно 147 жители од кои 18 се деца на возраст до 14 години (12% од вкупниот број на жители).
Прирастот на населението за период од 15 години (од 2002год. до денес) е податок до кој што може да се дојде преку метод на апроксимација изведен со користење на податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 2002 година и анализа на постоечката состојба односно сублимација на инвентаризираниот градежен фонд и претпоставениот број на домаќинства.

Преку примена на демографски параметри врз апроксимативниот примерок и со метод на поставување на демографски рамки за развој во подрачјето кое за прв пат станува дел од градежната зона се доаѓа до планираниот број на жители за целото подрачје на планскиот опфат на УПС Казандол.

Во опфатот на село Казандол инвентаризирани се околу 48 објекти за домување. Претпоставуваме дека во секој објект за домување има просечно 1,5 семејства со просечно 3,6 жители, и со овој метод добиваме околу 260 жители.

Нето површината за домување која е ангажирана од објектите изнесува 10,01ха. Од тука може да се добие податок за постоечка густина на населеност, па така, постоечката бруто густина на населеност изнесува 17,95 ж/ха, а постоечката нето густина изнесува 25,97 ж/ха.

Прирастот на населението во новите граници на планскиот опфат на село Казандол се очекува во најголем дел да се случи по механички пат со доселување на нови корисници на површините кои за прв пат се предмет на урбанизирање, како и по природен пат, со природен прираст на постоечкото население од 2‰ (согласно податоци од Државен завод за статистика).

Површината за домување во планскиот опфат се зголемува од 10,01ха (површина на постоечка зона), на 11,98ха, односно за 1,97ха.

Со цел постигнување на одржлив развој во планскиот период што меѓудругото подразбира и рационално оптоварување на инфраструктурата за новите површини се предвидува оптимизирање на нето густината на населеност во однос на постоечката односно 26,3ж/ха што истовремено значи и повисок стандард на домување по глава на жител.

Вкупниот планиран број на жители во планскиот период од 2017 до 2027 година се предвидува да изнесува **316 жители** (=260 постоечки + 50 механички прираст + 6 природен прираст). Планираната просечна бруто густина на населеност изнесува 21,8ж/ха, додека планираната просечната нето густина на населеност изнесува 26,3 ж/ха.

Планираниот број на жители во планскиот период претставува влезен параметар за планирање на комуналната инфраструктура која треба да се изгради и да ја оптимизира и надогради постоечката во село Казандол.

Бројот на жители е релевантен податок и при определување на намената на површините кои теба да одговорат на потребите за објекти од јавен интерес како што се основни училишта, градинки, потоа објекти за спорт и рекреација и сл., а согласно член 23 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

- **ЗЕЛЕНИЛО**

Во насока на обезбедување на повисок стандард на домување, квалитет на работната средина и овозможување на начелото на одржлив развој, со урбанистичкиот план за село се дадени насоки за обезбедување на минимални површини со зеленило во рамки на единиците на градежно земјиште - блокови и градежни парцели кои ќе се формираат со урбанистичко-проектни документации во следна фаза.

Површините за зеленило претставуваат обврска за реализација и во рамки на наменските зони од другите класи на намени, во дворните места на објектите, со минимален процент кој што треба да се задоволи при формирање на градежните парцели, односно, при реалиација на градбите.

Така, во градежните парцели кои ќе се формираат со намена А1 - домување во станбени куќи, просечниот процент на зеленило изнесува 20%, односно, 20% во парцелите до 1000 м2 и 25% во парцелите со површина над 1000 м2; во градежните парцели кои ќе се формираат со намена В - јавни институции, процентот на зеленило изнесува 20%; во градежните парцели кои ќе се формираат со намена Д3 - спорт и рекреација изнесува 20%.

Според тоа, се доаѓа до показател за 88,22 м2 површина на зеленило по глава на жител во рамки на планскиот опфат, од кои 6,46 м2 по глава на жител од јавно зеленило, и 81,76 м2 на жител од останато зеленило.

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ЗЕЛЕНИЛО НА НИВО НА ПЛАНСИ ОПФАТ		просечен процент на зеленило во рамки на наменската зона	површина на зеленило во наменската зона		површина на зеленило по глава на жител	
		%	м²		м²/ж	
	А - домување **А1** - домување во станбени куќи	20%	23313		73,77	
	В - јавни институции	20%		520		1,64
	В1 - образование и наука		381		1,21	
	В5 - верски институции		138		0,44	
	Д - зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори			4046		12,80
	Д1 - парковско зеленило	100%	2041		6,46	
	Д2 - заштитно зеленило	100%	754		2,39	
	Д3 - спорт и рекреација	30%	1251		3,96	
	ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО		2041		6,46	
	ОСТАНАТО ЗЕЛЕНИЛО		25837		81,76	
ВКУПНО			**27878**		**88,22**	
ПЛАНИРАН БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ВО ПЛАНСКИОТ ПЕРИОД			**316**			

Планскиот опфат на Урбанистички план за село Казандол, Општина Валандово опфаќа земјиште кое во основа е дефинирано како:

- единици на градежно земјиште - блокови; и
- земјиште за општа употреба - секундарна улична мрежа и заштитно зеленило.

Наменската употреба на земјиштето и градбите е уредена на ниво на наменски зони. Наменска зона е ограничена површина од градежното земјиште со иста наменска употреба на земјиштето. Уредувањето на намената на земјиштето во урбанистичкиот план за село Казандол се врши со системот на класи на намени како инструмент со кој се врши класификација на дејностите и активностите во планскиот опфат.

Согласно целите дефинирани со Планската програма како и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), со оваа планска документација се врши уредување на наменските зони со следните ознаки:

А1 - домување во станбени куќи;

В1 - образование и наука;

В5 - верски институции;

Д1 - парковско зеленило;

Д2 - заштитно зеленило;

ДЗ - спорт и рекреација;

Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)

Целокупната површината на планскиот опфат на УПС Казандол е поделена на единици на градежно земјиште - блокови. Во рамки на опфатот предвидени се 11 блока, така што секој блок е со граници кои се совпаѓаат со границата на плански опфат или осовини на улици. За секој блок поединечно се дадени посебни услови систематизирани во табеларен приказ.

БЛОК 1

Граници на блокот:

-Запад, северозапад и север: се совпаѓа со граници на плански опфат на УПС Казандол (границата се искачува кон север по западната граница на КП 701/1, свртува кон запад по јужната граница на КП 697, се искачува кон север по западната граница на КП 697, свртува кон запад движејќи се по јужната граница на КП 696, свртува кон исток по северните граници на КП 696 и КП 701/1, се искачува кон север по западните граници на КП 694, КП 693 и КП 692, свртува кон исток движејќи се по северните граници на КП 692 и КП 701/1, се искачува кон североисток).
-Исток: осовина на ул. „12".
-Југ: се совпаѓа со осовина на ул. „13".

Нумерички показатели за блокот:

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 1	**А - домување** **А1** - домување во станбени куќи	0,90	88,76%
	Е - инфраструктура **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)	0,11	11,24%
ВКУПНО		**1,02**	**100,00%**

БЛОК 2

Граници на блокот:

-Север и североисток: осовина на ул.„1"
-Исток: осовина на ул.„10"
-Југ: осовина на ул.„14"
-Запад и северозапад: осовина на ул. ул.„12".

Нумерички показатели за блокот:

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 2	**А - домување** **А1** - домување во станбени куќи	1,31	84,63%
	Д - зеленило и рекреација **Д1** - парковско зеленило	0,06	4,04%
	Е - инфраструктура **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)	0,18	11,33%
ВКУПНО		**1,55**	**100,00%**

БЛОК 3

Граници на блокот:

-Север, североисток и исток: се совпаѓа со граници на плански опфат на УПС Казандол (минувајќи низ КП 1043 и КП 519 стасува до најсеверната точка на планскиот опфат. Од најсеверната точка на планскиот опфат, границата се спушта кон југ минувајќи низ КП 519, се спушта кон југоисток по североисточните граници на КП 518, КП 517 и КП 516, се спушта кон југ минувајќи низ КП 1042, продолжува да се спушти кон југ по источните граници на КП 774, КП 1043 и КП 775).
-Запад: се совпаѓа со осовините на ул.„1", ул.„11" и ул.„10".

Нумерички показатели за блокот:

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)		процент
БЛОК 3	**А** - домување **А1** - домување во станбени куќи	0,51		55,77%
	Д - зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори			
	Д1 - парковско зеленило	0,10	0,18	19,54%
	Д2 - заштитно зеленило	0,08		
	Е - инфраструктура **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)	0,23		24,69%
ВКУПНО		**0,92**		**100,00%**

БЛОК 4

Граници на блокот:

-Север: се совпаѓа со осовина на ул.„11"
-Исток и југ: се совпаѓа со осовините на ул.„1", ул.„8",
-Запад: се совпаѓа со осовина на ул.„10".

Нумерички показатели за блокот:

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 4	**А - домување** **А1** - домување во станбени куќи	1,27	88,44%
	Е - инфраструктура **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)	0,17	11,56%
ВКУПНО		**1,43**	**100,00%**

БЛОК 5

Граници на блокот:

-Север: осовина на ул.„14"
-Исток: осовина на ул.„10"
-Југ: осовина на ул.„7"
-Запад: осовина на ул.„12"

Нумерички показатели за блокот:

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 5	**А - домување** **А1** - домување во станбени куќи	0,77	78,18%
	В - јавни институции **В5** - верски институции	0,07	7,02%
	Е - инфраструктура **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)	0,15	14,80%
ВКУПНО		**0,99**	**100,00%**

БЛОК 6

Граници на блокот:

-Север: осовина на ул.„13"
-Југ: осовина на ул.„12"
-Исток и запад: се совпаѓа со граници на плански опфат на УПС Казандол (свртува кон запад движејќи се по јужната граница на КП 701/1 каде што стасува до најзападната точка на планскиот опфат. Од најзападната точка на планскиот опфат границата се искачува кон север по западната граница на КП 701/1).

Нумерички показатели за блокот:

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 6	**А - домување** **А1** - домување во станбени куќи	1,51	94,49%
	Е - инфраструктура **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)	0,09	5,51%
ВКУПНО		**1,60**	**100,00%**

БЛОК 7

Граници на блокот:

-Север и североисток: осовина на ул.„7"
-Исток: осовина на ул.„6"
-Југ: осовина на ул.„3"
-Југозапад: осовина на ул.„5" и продолжува да се совпаѓа со граници на плански опфат на УПС Казандол (се искачува кон север по западната граница на КП 727/1, свртува кон запад движејќи се по јужните граници на КП 728 и КП 701/1)
-Северозапад: осовина на ул.„12".

Нумерички показатели за блокот:

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 7	**А - домување** **А1** - домување во станбени куќи	1,80	91,88%
	Е - инфраструктура **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)	0,16	8,12%
ВКУПНО		**1,95**	**100,00%**

БЛОК 8

Граници на блокот:

-Север и североисток : осовина на ул.„5"
-Југоисток: осовина на ул.„3"
-Југ, запад и северозапад : се совпаѓа со граници на плански опфат на УПС Казандол (се искачува кон северозапад по југозападната граница на КП 727/1, свртува кон запад по јужната граница на КП 717, се искачува кон север по западните граници на КП 717, КП 718 и КП 727/1.)

Нумерички показатели за блокот:

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 8	**А - домување** **А1** - домување во станбени куќи	0,94	94,77%
	Е - инфраструктура **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)	0,05	5,23%
ВКУПНО		**1,00**	**100,00%**

БЛОК 9

Граници на блокот:

-Север: осовина на ул.„3"
-Исток: осовина на ул.„4"
-Југ и југозапад: се совпаѓа со граници на плански опфат на УПС Казандол (Од најјужната точка на планскиот опфат границата се искачува кон северозапад движејќи се по југозападната граница на КП 1043, свртува кон запад по јужната граница на КП 711, се спушта кон југ по источните граници на КП 701/1 и КП 713, се искачува кон северозапад по југозападните граници на КП 713 и КП 727/1.)
-Северозапад: осовина на ул.„3"

Нумерички показатели за блокот:

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 9	**А - домување** **А1** - домување во станбени куќи	0.43	52.76%
	В - јавни институции **В1** - образование и наука	0.04	4.88%
	Е - инфраструктура **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)	0.35	42.36%
ВКУПНО		**0.82**	**100.00%**

БЛОК 10

Граници на блокот:

-Север, исток и југ: се совпаѓа со граници на плански опфат на УПС Казандол (продолжува да се спушти кон југ по источните граници на КП 776 и КП 1043, се спушта кон југ минувајќи низ КП 800, продолжува да се спушта кон југ по источната граница на КП 798 и тука стасува до најисточната точка на планскиот опфат. Од најисточната точка на планскиот опфат, границата свртува кон запад по јужната граница на КП 798 и тука стасува до најјужната точка на планскиот опфат.)
-Југозапад: осовина на ул.„4"
-Запад: осовина на ул.„2", ул.„9", ул.„8".

Нумерички показатели за блокот:

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)		процент
БЛОК 10	**А** - домување **А1** - домување во станбени куќи	1,66		70,07%
	Д - зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори			
	Д1 - парковско зеленило	0,04	0,45	19,19%
	Д3 - спорт и рекреација	0,42		
	Е - инфраструктура **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)	0,25		10,75%
ВКУПНО		**2,37**		**100,00%**

БЛОК 11

Граници на блокот:

-Североисток: осовина на ул.„9"
-Исток: осовина на ул.„2"
-Запад: осовина на ул.„6"
-Северозапад: осовина на ул.„8".

Нумерички показатели за блокот:

	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ	површина (ха)	процент
БЛОК 11	**А - домување** **А1** - домување во станбени куќи	0,55	65,52%
	В - јавни институции **В1** - образование и наука	0,15	17,93%
	Е - инфраструктура **Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура)	0,14	16,55%
ВКУПНО		**0,84**	**100,00%**

Во следна фаза, спроведувањето на Урбанистичкиот план за село Казандол ќе се врши со изработка на планска, проектна и/или урбанистичко-проектна документација согласно важечката законска и подзаконска регулатива.

Во случај кога границата на градежната парцела се совпаѓа со границата на катастарската парцела и до неа има обезбеден пристап, истата се разработува со основен проект.

Кога градежната парцела се состои од две или повеќе катастарски парцели или во рамки на една катастарска парцела се формираат две или повеќе градежни парцели или кога на една катастарска парцела се предвидуваат површини за градење на две или повеќе градби, а притоа до градежната парцела има обезбеден пристап, градежната парцела и површините за градење се утврдуваат со архитектонско-урбанистички проект соглсно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

За секој блок поединечно се дадени нумерички показатели со максималните вредности за површини на намени и граница на блокот.

При дефинирање на градежните парцели, ќе се утврдат следните урбанистички параметри:

- број на градежна парцела;
- граница и површина на градежна парцела (м2);
- граница и површина во која може да се гради (м2);
- максимален процент на изграденост на земјиштето (%);
- вкупна површина по катови (м2);
- максимален коефициент на искористеност на земјиштето (к);
- основна и компатибилна класа на намена на земјиштето и градбите;
- максимална висина на венец (м');
- максимален број на катови;
- потребен број на паркинг места (пресметани согласно стандарди и нормативи) кои треба да се обезбедат во рамките на градежната парцела.

Процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, катноста и висината на венец ќе се дефинираат согласно следната табела:

	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	МАКСИМАЛЕН ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	МАКСИМАЛЕН КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	МАКСИМАЛНА КАТНОСТ	МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ВЕНЕЦ м'
1	**А1** - домување во станбени куќи	70%	2,8	П+2+Пк	10,20
2	**В1** - образование и наука	70%	2,1	П+2	12,00
3	**В5** - верски институции	70%	2,1	П+2	12,00
4	**Д3** - спорт и рекреација	70%	2,1	П+2	12,00

Доколку при разработка на урбанистичкиот план за село се дефинираат нови наменски употреби на земјиштето кои се компатибилни на наменската зона, урбанистичките параметри ќе бидат определени така што процентот на изграденост на ниво на градежна парцела не смее да надмине 70%.

Максималната висина на венецот да се планирана во однос на тротоарот од планираната улица, односно, заштитниот тротоар на градбите, земен како нулта кота.

Планираната висина на градбите треба да биде пресметана со следните висини:
- кота на тротоар/заштитен тротоар (нулта кота): ± 0.00 м;
- кота на прво ниво (нулта плоча - е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар): ќе се дефинира со проектна програма за градбите и не се дозволува нејзино поместување под котата на тротоарот односно под котата на пристапната патека;
- катна висина за домување: мин. 2,90 м.
- катна висина за деловна дејност: мин. 3,40 м.
- катна висина за друга намена: ќе се дефинира со проектна програма за градбите.

Основен услов за изградба на планираната површина за градење, висина и катност е обезбедување на потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела, на ниво на терен или подземно, или на јавен паркинг простор во рамки на блокот при разработка на блок со архитекотнско-урбанистички проект, а во согласност со нормативите од член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.2. ПЛАНСКИ КОНЦЕПТ НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Сообраќаен план

Планирањето на уличната мрежа во планскиот опфат на Урбанистички план за село Казандол, Општина Валандово е извршено врз основа на актуелната законска и подзаконска регулатива и постојната состојба, односно изградниот градежен фонд, и изградената сообраќајна патна инфраструктура.

Сообраќајната инфраструктура во локалитетот ја сочинуваат:

СЕКУНДАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА:

- станбени улици:
  ул.„1", ул.„2".

- пристапни улици
  ул.„3", ул.„4", ул.„5", ул.„6", ул.„7", ул.„8", ул.„9", ул.„10", ул.„11", ул.„12", ул.„13".

- пешачка улица
  ул.„14".

Локалниот пат преку кој село Казандол се поврзува со град Валандово е единственото сообраќајно поврзување.

Стационарен сообраќај

Решавањето на стационарниот сообраќај односно паркирањето на моторните возила во рамките на планскиот опфат зависи од дефинираната намена на земјиштето и се утврдува согласно нормативите од член 58 и член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

За градежните парцели паркирањето е предвидено да се решава во рамките на секоја градежна парцела поодделно, надземно или подземно. Паркирање на јавни паркинг простори е можно единствено доколку се обезбедат јавни паркинг простори на ниво на блок со претходна разработка на урбанистичкиот план за село при што ќе се утврди точниот број на паркинг места кој се обезбедува на јавните паркинзи и за чии потреби, односно, за кои градежни парцели се однесуваат.

Бројот на потребни паркинг места зависи и од изборот на компатибилните намени во градежната парцела кои треба да се земат во предвид при изработка на проектната документација за градбите, врз основа на која се издава одобрение за градење.

Основен услов за изградба на планираната површина за градење, максимална висина и катност е обезбедување на потребниот број на паркинг места.

СТАНБЕНИ УЛИЦИ

УЛ.„1"; УЛ.„2"



ПРИСТАПНИ УЛИЦИ

УЛ.„3"; УЛ.„4"; УЛ.„5"; УЛ.„6"; УЛ.„7";
УЛ.„8"; УЛ.„9"; УЛ.„10"; УЛ.„11"; УЛ.„12";
УЛ.„13"



ПЕШАЧКА УЛИЦА

УЛ.„14"



Нивелациски план

Како составен дел на Урбанистички план за село Казандол, Општина Валандово е изработен Нивелациски план на уличната мрежа. Со нивелацискиот план се дефинирани висинските коти и координати на осовинските точки како и надолжни нагиби на нивелетите.

ТОЧКА	Y	X	Z
1	7632215.1701	4571667.1168	358.50
2	7632261.4280	4571585.3311	370.30
3	7632292.2148	4571518.7766	374.70
4	7632303.7204	4571414.3795	380.85
5	7632323.6836	4571295.5302	390.95
6	7632278.1284	4571177.1986	389.20
7	7632360.0496	4571069.6689	392.51
8	7632232.7304	4571171.9671	388.00
9	7632176.2321	4571134.2298	390.60
10	7632172.0941	4571266.2892	385.00
11	7632240.4075	4571307.4688	375.70
12	7632278.3585	4571353.0059	383.00
13	7632115.7804	4571404.5379	360.00
14	7632045.6830	4571338.9195	368.17
15	7632152.8173	4571487.3419	355.50
16	7632056.4961	4571537.5487	340.50
17	7632216.4497	4571526.8083	367.70

ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Планираниот развој за водоснабдување и одводнување на фекалните отпадни и атмосферски води во планскиот опфат на Урбанистички план за село Казандол, Општина Валандово, се базира на податоците за постојната мрежа добиени од надлежните институции, насоките и заклучните согледувања од Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија и анализата на можностите и природата на теренот во рамки на планскиот опфат.

За согледување на потребите од водоснабдување и потребите за одведување на отпадните фекални и атмосферски води на планираните градби за плански период од 2017 до 2027 година направена е следната детална пресметка со проектирани вредности на потрошувачи:

1	Домување	11.66
2	Јавни институции	0.26
3	Комунална инфраструктура	1.87
4	Зеленило	0.70
	вкупно (површина на опфат)	**14.48 ха**

1 Водоснабдување

Водоснабдување домување

Потребни количини на санитарна вода за водоснабдување за домување

Предвиден број на жители	N=	316	
Водоснабдителна норма	Qo=	200	л/ден/жител
Коефициент на дневна нерамномерност	K1=	1.5	
Коефициент на часова нерамномерност	K2=	1.3	
Qср/ден=316 x 200	=	63,200.00	л/ден
Qмах/ден=1.5 x 63,200	=	94,800.00	л/ден
Qмах/час=1.3 x 94,800 / 24	=	5,135.00	л/час
Секундарни проточни количини			
q ср/ден	=	0.73	л/сек
q мах/ден	=	1.10	л/сек
q мах/час	=	**1.43**	л/сек

Образование

Водоснабдување за ученици	Nв=	18	
Водоснабдителна норма	Qв=	15	л/ден/уч
Коефициент на нерамномерност	Kв=	2.5	
време за водоснабдување	т	6	часа
Qмах/ден=18x 15	=	270.00	л/ден/уч
Qмах/час=270*2.5	=	675.00	л/час/враб
Qмах/час=675/6	=	112.50	л/час
Qмах/час=112,50/3600	=	**0.03**	л/сек

Миење на улици и залевање на зелени површини 30м3/ден/ха (за полевање 16 часа)

	3.89	м3/час
	1.08	л/сек

ПП вода **15** л/сек

Вкупно потреба за водоснабдување **17.538** **л/сек**

2 Фекална канализација

Количината на отпадни фекални води од дадениот опфат е

qotp=qmax/cas x 0.80 x 1.25	=	17.538	л/сек

Усвоено минимален пресек од ф250

3 Атмосферска канализација

Интензитет на врнежи

qi	=	110.00	л/сек/ха
коефициент на истекување			
ψsr	=	0.40	л/сек/ха
q atm= F x qi x ψsr			
q atm= 49.35 x 110 x 0.40	=	637.23	л/сек/ха

Усвоен минимален пресек ф300 до ф800

Водоснабдување:

За планскиот опфат нема податоци за постоечка водоводна мрежа.

До реализација на системот за водоснабдување, се планира снабдувањето со вода се решава локално во рамки на секоја градежна парцела одделно со користење на подземни води (бунари). Изворникот се наоѓа надвор од границите на планскиот опфат.

Со оглед на тоа што се планира систем за водоснабдување кој треба да ја опслужи целата површина на за село Казандол во новодефинираните граници, а изворниот се наоѓа надвор од планскиот опфат, техничкото решение за поврзување на изворниот со водоводната мрежа, надвор од планскиот опфат ќе бидат третирани со Проекти за инфраструктура и Основни проекти со оглед на тоа што правното дејство на овој УПС е исклучиво во рамки на границите на планскиот опфат.

Динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето за долгорочна експлоатација,без влошување на квалитетот и да се базира на извршени хидролошки испитувања и експлотациони истражни работи со кои ќе се дефинира режимот на хранење на бунарите и ќе се утврди нивната издашност и капацитет.

Во графичкиот прилог Инфраструктурен план на овој УПС презентерана е планираната водоводна мрежа и соодветно означена во легенда.

Одведување на отпадни и атмосферски води:

Во рамки на планскиот опфат на село Казандол не постои изведена фекална и атмосферска канализација.

За прифаќање и одводнување на отпадните води се предвидува изградба на систем на фекална канализација со пречистителна станица, а за одведување на атмосферските води се предвидува изградба на систем на атмосферска канализација.

Фекалната и атмосферската канализација се со траси во коридорите на сообраќајниците и ги следат подолжните падови на планираните улици. Техничките детали ќе се решаваат во следна фаза со основни проекти и проекти за инфраструктура.

Фекалната канализација завршува во планирана пречистителна станица надвор од опфатот на село Казандол, од каде пречистените отпадни води се водат до Габрошка Река, додека крајниот реципиент преку постоечки водотец и канали е река Вардар.

Техничкото решение за поврзување на канализационата мрежа надвор од планскиот опфат карактеристики ќе бидат третирани со Проекти за инфраструктура и Основни проекти со оглед на тоа што правното дејство на овој УПС е исклучиво во рамки на границите на планскиот опфат.

Минималниот профил кој е усвоен за новопланираните краци на фекална канализација е Ø250.
За атмосферската канализација усвоен е минимален пресек од Ø300.

Отпадните води се прифатени од фекалната канализациона мрежа се испуштаат во системот.
Притоа, квалитетот на отпадната вода мора да биде во согласност со „Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води", односно квалитетот на отпадната вода не смее да биде понизок од квалтитетот на реципиентот.

Крајниот реципиент на атмосферските и пречистените отпадните води, претставува Река Вардар, преку постоечки водотеци и канали.

Поврзувањето на корисниците со инфраструктурната канализациона мрежа за одведување на отпадните води се предвидува да се изведе преку приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал.

Трасите на комуналната хидротехничка инфраструктура за планскиот опфат на Урбанистички план за село Казандол, Општина Валандово, се планирани на земјиште за општа употреба. Во Планската документација, на графички прилог *Инфраструктурен план* се прикажани водоводната мрежа, атмосферската и фекалната канализација и соодветно се означени во легенда.

ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Со Урбанистички план за село Казандол, Општина Валандово, со површина на плански опфат од 14,48 ха, анализирана е електро-енергетската мрежа за плански период од 2017 до 2027 година.

Потребите за електрична моќност во планскиот опфат се дефинирани со користење на следните коефициенти:
- А - домување: 1kW/жител
- В - јавни институции: 193 kW/ха
- Д - зеленило, спорт и рекреација: 15 kW/ха
- Е - инфраструктура: 15 kW/ха

Намена на земјиште			коефициент		потреби за електрична моќност (kW)
А - домување	316	жители	1	kW/ха	316.00
В - јавни институции	0.26	ха	193	kW/ха	50.14
Д - зеленило и рекреација	0.70	ха	15	kW/ха	10.45
Е - инфраструктура	1.87	ха	15	kW/ха	28.05
				ВКУПНО	**404.63**

Потребите за електрична моќност во рамки на планскиот опфат за плански период од 2017 до 2027 година изнесуваат 392,66 kW.

Според податоците од ЕВН АД Македонија, во рамки на опфатот поминуваат траси на надземни водови и тоа : среднонапонски надземен далековод 10kW и високонапонски надземен далековод 35kW. Трасите на постоечката електро - енергетска мрежа се прикажани на графичкиот прило Инфраструктурен план, и соодветно се толкувани во легенда.
Согласно постоечките траси на дистрибутивните електроенергетски објекти, се предвидува заштитен појас :

- од 10 метри лево и десно од осовината на водот, за среднонапонски надземен вод од 10kW
- од 15 метри лево и десно од осовината на водот, за високонапонски надземен далновод од 35 kW

Во рамки на плнаскиот опфат има евидентирано една трансформаторска станица која графичкиот прилог Инфраструктурен план се прикажани со соодветен симбол.Точна локација и дефинирањето на градежни парцели за новите трафостаници за потребите на блоковите ќе се утврдат при разработка на урбанистичкиот план за село.
Сите деталите и развојот ќе бидат дефинирани во соработка со стручна служба на ЕВН Македонија.

Улично осветление

Според планскиот концепт на овој урбанистички план се предвидува изградба на нови сообраќајници па согласно со тоа ќе се третира и уличното осветлување. Уличната расвета ќе се реализира со поставување на нови расветни тела.
Со изработка на основните проекти за осветлување на новопланираните сообраќајни површини, ќе се дефинира моќноста на новите светлосни тела.

Според податоците од АД МЕПСО, низ планскиот опфат не поминува постоечки ниту планиран далновод.

Во непосредна близина на планскиот опфат поминува високонапонски далновод 110kW во сопственост на АД ЕЛЕМ.
Согласно постоечките траси на дистрибутивните електроенергетски објекти, се предвидува заштитен појас :

- од 25 метри лево и десно од осовината на водот, за високонапонски надземен далновод од 110 kW

ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Според податоците добиени од Македонски Телеком АД - Скопје и Агенцијата за електронски комуникации во рамки на планскиот опфат нема постојни ТК инсталации.

Со цел да се опслужат површините кои за прв пат се тема на урбанизација со овој план, планирана е нова електронска комуникациска мрежа.

Телекомуникациските коридори за новата инфраструктура се планирани да се поставуваат во површините на тротоарите. Развојот на телефонската мрежа се планира да се изведе претежно како кабловска водена во земјени ровови и делумно во телефонска канализација до собирно распределителни ормани со дефиниран манипулативен простор со димензии 1,0м х 0,5м. Бројот и местоположбата на овие инфраструктурни објекти ќе биде дефинирана согласно развојните потреби на мрежата, во коридорот на тротоарот или надвор од коридорот на тротоарот (во зависност од конкретната ситуација и услови на теренот), а во соработка со стручните служби на надлежната институција.

Приклучокот на сите телефонски претплатнички места ќе биде во најблиската автоматска дигитална централа. Бројот на потребните линии ќе биде дефиниран во наредната фаза и истиот не е лимитирачки.

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Во доменот на заштита на животната средина, регулирана со Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ бр.53/05, 81/15, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16), Законот за заштита на природата (Сл.Весник на РМ бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 74/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16), Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (Сл.Весник на РМ бр.67/04, 92/07, 35/10, 47/11 и 59/12) и други законски и подзаконски акти, основната цел е преку соодветни плански поставки да се се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на животната средина се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку примена на современи стандарди и нормативи.

Локалитетот ќе се развива согласно современите урбанистички принципи, а поради карактерот на предметот на планирање – населено место со доминантна намена домување и сите придружни содржини неопходни за негово функционирање: јавни институции, површини за зеленило, спорт и рекреација, проблемите на нарушување на квалитетот на животната средина не се очекува да бидат посебно изразени, но мора да бидат земени во предвид.

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Покрај ова неопходно е да се уреди и одржува заштитното и парковското зеленило, како и зеленилото во рамки на единиците на градежното земјиште, што значи подобрување на микроклиматските влијанија во локалитетот.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:
• интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила);
• примена на соодветни современи техничко-технолошки мерки секаде каде што е потребно;
• обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантните воздушни струења;
• подигање и оформување (секаде каде што има услови) на заштитни зелени појаси покрај или во коридорите на сообраќајниците;
• подобрување на состојбата на зелените површини во рамките на градежните парцели и планскиот опфат и создавање (доколку е можно) на поврзан систем на зеленилото во локалитетот со зелените простори надвор од планскиот опфат.

Заштитата на водите се регулира со комплекс законски прописи за заштита на проточните и подземните води – Законот за водите (Сл.Весник на РМ бр.4/98, 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16). Со цел остварување на поставката за нивно планско и рационално користење, се предлагаат низа мерки за следење и заштита на нивниот квалитет, меѓу кои: техничко-технолошки мерки, изградба на сепаратни системи за фекални и атмосферски отпадни води, редовна контрола на состојбите на водата и нејзиниот квалитет, неутрализација на штетните отпадни материи пред испуштање во канализационата мрежа и реципиентот, пречистување и друго.

Чиста и незагадена почва е исто така, еден од важните предуслови за заштита на животната средина. Во таа смисла треба да се обезбеди контрола на употребата на материјали, суровини, хемиски заштитни средства и други продукти што ќе се користат во прометот и функционирањето на содржините во планскиот опфат.

Заштита од бучава

Заштитата од бучава е регулирана со законски и подзаконски акти: Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.Весник на РМ бр.79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15); Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (Сл.Весник на РМ бр.1/09 и 38/13).

На локалитетот се планира зона за домување со сите придружни содржини неопходни за негово функционирање: јавни институции, површини за зеленило, спорт и рекреација кои не претставуваат потенцијални извори на бучава.

При изградбата на објектите потребно е да се предвидат технологии и техники на градење, кои ќе придонесат за намалување на загадувањето со бука и доведување на истото во законски дозволените рамки.

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сервисните и станбените сообраќајници треба да се решава со насади од растителни видови (вегетација во функција на заштитни зелени бариери) во рамките на дворните места (градежните парцели), особено во парцелите кои со лицето се на потегот покрај коридорот на железничката пруга и регионалниот пат, формирање на поврзани зелени коридори и континуитет вон границата на планскиот опфат, доколку постојат услови за тоа.

Третман на отпад

Законот за управување со отпадот (Сл.Весник на РМ бр.68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16) го регулира неопходното и правилно решавање на проблемот со сметот, неговиот плански организиран современ третман на одложување, одвезување и уништување или депонирање, а со цел подобрување на квалитетот на условите за живот и работа односно за заштита на животната средина.

Во рамките на планскиот опфат, имајќи ја во предвид планираната намена, содржини и дејности кои ќе се одвиваат во планираните градби, потребно е обезбедување на услови за соодветно собирање, чување, предтретман, третман, рециклирање или уништување на различните видови отпад и создадениот комунален отпад.

Заради тоа е потребно планско согледување и определување на соодветна локација за депонија како и нејзино организирање и уредување за современ транспорт, третман и уништување на отпадот.

Заштита од природни и технолошки хаварии

Од аспект на загрозеноста на планскиот опфат на Урбанистички план за село Казандол, Општина Валандово, од природни катастрофи, елементарни непогоди и технички хаварии може да настане повредливост на просторот и неговата физичка структура.

Повредливоста на просторот се одразува на објектите и нивната околина.

1. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Во доменот на заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ, бр.36/04; 49/04; 86/08; 124/10; 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 106/16), Законот за пожарникарство (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16) и други позитивни прописи, при планирање на просторот важни се следните критериуми за заштита од пожар:

• пристап со возило до секој дел од локалитетот односно до секоја градба;

• сообраќајните површини да се со ширина поголема од 4,0м со што се обезбедува пристап на противпожарно возило, а просторот околу градбите да овозможува движење и интервенирање околу градбите;
• Ивичниците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.
• Во случај на пожар, планскиот опфат ќе го опслужуваат противпожарните единици од Општина Валандово;
• За изградба на објектите да бидат користени соодветни материјали со што ќе се елиминира една од причините кои ја зголемуваат нивната повредливост од пожар.
• За сите објекти да се предвиди громобранска инсталација во согласност со законската регулатива.

2. Мерки за заштита и спасување од урнатини

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање и во понатамошната разработка со Основни и Архитектонско-урбанистички проекти, треба да се води сметка за следните мерки:

• Градежната линија на планираните површини за градење да е соодветно оддалечена од границата на градежната парцела односно од регулационата линија;
• Планираната височина на градбите да овозможува непречени услови за заштита и спасување во случај на природни и техничко-технолошки хаварии;
• При рушење, објектот зафаќа H/2 од површината околу себе, односно рушевините да се во рамките на парцелата;
• Сообраќајната мрежа во комплексот да не биде попречена со рушевини заради непречен пристап на интервентни возила во случај на пожар, потреба од медицинска и прва помош, други специјални возила, итн;
• Сите слободни простори и површини наменети за зеленило, во случај на потреба ќе се користат за евакуација на луѓе и материјални добра, укажување на прва помош, активирање на единици или опрема на специјализирани екипи за дејства и активности во функција на помош и заштита, отстранување на дефекти и друго;
• Заради заштита на теренот од можни свлечишта потребно е да се изработат елаборати со геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања врз основа на кои ќе се пропишат соодветни решенија.

3. Мерки за заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи

Во рамките на планскиот опфат, во планираните објекти за домување и за сите придружни содржини неопходни за негово функционирање: работна зона за лесна и незагадувачка индустрија, јавни институции, комерцијални и деловни намени, површини за зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори, како и предвидената можност за организација и уредување на компатибилни намени во функција на основната намена, доколку се одвиваат процеси, дејности и активности кои не побаруваат многу енергија, или создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и каде не се очекува да предизвикаат поголеми техничко-технолошки несреќи, при планирањето и проектирањето мора доследно да се применуваат законските регулативи кои ја регулираат соодветната проблематика, односно да се почитуваат одредбите од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ, бр.36/04; 49/04; 86/08; 124/10; 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 106/16) и другите позитивни прописи со кои се регулира оваа проблематика.

4. Заштита и спасување од радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ, бр.36/04; 49/04; 86/08; 124/10; 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 106/16), да се предвидат следните мерки:
- да се предвидат мерки за заштита на луѓето, добитокот и растенијата од радиолошка, хемиска и биолошка опасност во согласност со законските прописи
- за ефикасна заштита на населението и материјалните добра, установите задолжително да обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на марките за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

6. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Урбанистичкиот план за село, односно за изготвување на извод од урбанистички план.

6.1. Општите услови, текстуалниот дел, графичките прилози и табелите се составен дел на планот и имаат правно дејство само врз градителска активност која ќе следи по стапување во сила на Урбанистички план за село Казандол, Општина Валандово.

6.2. Подрачјата во кои се евидентирани објекти на ажурирана геодетска подлога во Документационата основа на планот се третираат како изградено земјиште и се третираат како постојната состојба.

6.3. Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат на Урбанистички план за село Казандол, Општина Валандово, а посебните услови се однесуваат на секој блок поединечно.

6.4. Планскиот опфат е организиран во 11 блока чии граници се совпаѓаат со осовините на новопланираните улици и со границите на планскиот опфат.

6.5. Во случај кога границата на градежната парцела се совпаѓа со границата на катастарската парцела и до неа има обезбеден пристап, истата се разработува со основен проект.

6.6. Кога градежната парцела се состои од две или повеќе катастарски парцели или делови од катастарски парцели или во рамки на една катастарска парцела се формираат две или повеќе градежни парцели или кога на една катастарска парцела се предвидуваат површини за градење на две или повеќе градби, а притоа до градежната парцела има обезбеден пристап, градежната парцела и површините за градење се утврдуваат со архитектонско-урбанистички проект согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

6.7. При дефинирање на градежните парцели со соодветна планска, проектна или урбанистичко-проектна документација согласно важечката законска и подзаконска регулатива, ќе се утврдат следните урбанистички параметри:
- број на градежна парцела;
- граница и површина на градежна парцела (м2);
- граница и површина во која може да се гради ограничена со градежни линии (м2);
- максимален процент на изграденост на земјиштето (%);
- вкупна површина по катови (м2);
- максимален коефициент на искористеност на земјиштето (к);
- основна и компатибилна класа на намена на земјиштето и градбите;
- максимална висина на венец (м');
- максимален број на катови;
- потребен број на паркинг места (пресметани согласно стандарди и нормативи) кои треба да се обезбедат во рамките на градежната парцела.

6.8. За наменските зони во планскиот опфат се дефинирани следните урбанистички параметри:

А1 - домување во станбени куќи

вкупна површина во плански опфат: 11,98 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,8

максимална катност: П+2+Пк
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени:
Б1 (до 30%); В1(до 30%); Д3(до 30%); Б5(до 5%)
* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена А1 не смее да надмине 30%.

В1 - образование и наука
вкупна површина во плански опфат: 0,19 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,1
максимална катност: П+2
максимална висина на венец: 12,00м
компатибилни класи на намени:
Д3(до 20%)
* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена В1 не смее да надмине 20%.

В5 – верски институции
вкупна површина во плански опфат: 0,07 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,1
максимална катност: П+2
максимална висина на венец: според АУП
компатибилни класи на намени:
Б5(до 10%); Б1(до 10%); Д1(до 10%); Д3(до 40%) Д4 (до 49%)
* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена В5 не смее да надмине 49%.

Д3 - спорт и рекреација
вкупна површина во плански опфат: 0,42 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,1
максимална катност: П+2
максимална висина на венец: 12,00м
компатибилни класи на намени:
А4(до 20%); Б1(до 10%); Б2(до 30%); Б3(до 10%); Б4(до 10%); Б5(до 20%); Б6(до 30%); В3(до 20%); Д1(до 40%)
* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Д3 не смее да надмине 40%.

Е1 - комунална инфраструктура
вкупна површина во плански опфат: 1,59 ха

6.9. Стационарниот сообраќај односно паркирањето на моторните возила во рамките на планскиот опфат зависи од дефинираната намена на земјиштето и се утврдува согласно нормативите од член 58 и член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

6.10. Паркирањето е предвидено да се решава во рамките на секоја градежна парцела поодделно, надземно или подземно. Паркирање на јавни паркинг простори е можно единствено доколку се обезбедат јавни паркинг простори на ниво на блок со претходна разработка на урбанистичкиот план за село при што ќе се утврди точниот број на

паркинг места кој се обезбедува на јавните паркинзи и ќе се назначи за чии потреби, односно, за кои градежни парцели се однесуваат.

6.11. Бројот на потребни паркинг места зависи и од изборот на компатибилните намени во градежната парцела кои треба да се земат во предвид при изработка на проектната документација за градбите, врз основа на која се издава одобрение за градење. Основен услов за изградба на планираната површина за градење, максимална висина и катност е обезбедување на потребниот број на паркинг места.

6.12. Висината на венецот дадена во нумеричкиот дел во посебните услови за градба е максимална, изразена е во должни метри и се определува од нивото на нивелетата на тротоарот на сообраќајницата или од пристапната патека до завршниот венец на објектот.

6.13. Котата на нулта плоча е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар и не се дозволува нејзино поместување под котата на тротоарот односно под котата на пристапната патека.

6.14. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената и специфичноста на истиот, а во согласнсост со одредбите од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

6.15. Условите за изградба на објектите, треба да содржат и посебни услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефон и одводнување на отпадните фекални и атмосферски води.

6.16. Не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен нивно вкрстување.
При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со "услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации" на соодветните Комунални организации, но не помалку од 0,60м односно 1,0м од крајниот раб на водоводот, фекалната и атмосферската канализација. Вертикалното растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0,50м.

6.17. Предвидените траси за комунална инфраструктура (хидротехничка, електро-енергетска и телекомуникациска) се наоѓаат во рамки на земјиште за општа употреба. Диспозицијата на трасите и другите нивни технички карактеристики можат да биде предмет на промена со изработка на проекти за инфраструктура и основни проекти.

6.18. Не е дозволена градба во рамки на заштитните коридори на инфраструктурните водови.

6.19. Дефинирањето на градежни парцели за постоечките и новите трафостаници за потребите на блоковите ќе се утврдат со соодветна урбанистичко-планска и урбанистичко-проектна документација при разработка на урбанистичкиот план за село.

6.20. Доколку во градежни парцели со намена производство, дистрибуција и сервиси се утврдат зголемени потреби за снабдување со елетрична енергија дозволено е да се предвиди изградба на трансформаторски станици во рамки на градежните парцели.

6.21. За подземни кабелски водови на електро-енергетска мрежа во тротоарскиот дел од сообраќајните површини да се оформат коридори за нивно водење, а во координација со останатите инфраструктурни подземни инсталации

6.22. Доколку за водоснабдување се користат подземните води, динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација, без влошување на квалитетот. Не се дозволува прекумерна експлоатација на подземните води поради кое би дошло до нарушување на режимот на подземните води.

6.23. Во градежните парцели со намена лесна и незагадувачка индустрија, задолжителен е комплетен третман на отпадните води од сопствениот технолошки процес и фекалните отпадни води, во секоја градежна парцела. Пречистената отпадна вода не смее да биде со понизок квалитет до класата на реципиентот.

